# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јуни 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Зоран Шапуриќ, Тито Петковски, Илија Китаноски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски. Сашко Кедев, Али Ахмети, Џезаир Шакири, Хусеинџеват Хусеини и Ванчо Ѓоргиев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утрдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Немаме доволен број на кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

На списокот се потпишани 59 пратеници. Дали тоа значи дека другите нема да дојдат? Координаторите на пратеничките групи дали имаат информација дали ќе дојдат останатите пратеници.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Уште еднаш ќе го повторам барањето да притиснете на едно од копчињата за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Претседателот на Републичкиот судски совет, Народниот правобранител.

Записниците од 59-тата, 61-тата, 63-тата, 64-тата и 66-тата седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од од 59-тата, 61-тата, 63-тата, 64-тата и 66-тата седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој закон како и Законот за капитално пензиско финансирање се дел од истиот пакет кој оди по итна постапка, со цел да се овозможи воведувањето на вториот пензиски столб, за што господинот Манасијевски ќе образложи за другиот закон, кој е основен. Меѓутоа, овој закон за Народна банка го уредува принципот таа да биде чувар, утврден со Законот за капитално пензиско финансирање. Така што во пакет со тој закон бараме да биде донесен за да може да се продолжи процедурата на реформите кои ќе доведат наредната година до започнување со работа. Од тој агол гледано, го молам Собранието на Република Македонија законот да го уврсти денес на дневен ред заедно со тој другиот за кој ќе има дополнително образложение кој е посуштински од овој. Овој само го следи него и да можеме да го донесеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата на Република Македонија овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 55 за предлогот, 1 воздржан, 3 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Владата на Република Македонија е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претстсвникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Барањето за итност произлегува од временските рамки во кои што работиме. Имено за првата недела на јули е планирано објавувањето на меѓународниот тендер за влегување на оператори кои што ќе го раководат системот на капитано финансирано пензиско осигурување. И од таму во функција на целосна подготовка и точна тендерска документација потребно е во оваа итна постапка да се извршат овие измени на законот, а суштината на измените е во тоа што како чувар на средствата, наместо комерцијалните банки, се определува Народната банка на Република Македонија за што доколку биде прифатен нашиот предлог, пошироко образложение секако ќе следи во образложението на предлогот за изменување и дополнување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата на Република Македонија овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 54 за, 2 воздржани и 4 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Владата на Република Македонија е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претстсвникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на елементарните непогоди кои во изминатите седум до 10 дена се случија во одредени региони во Република Македонија, во основа во три од нив Гевгелиско - Валандовскиот, Струмичкиот и Полошкиот, се разбира и некои други региони во помал обем. Владата на Република Македонија донесе одлука

интервентно да реагира со давање на помош на општините и на населението и правните лица кои работат, или живеат на териториите на овие региони. Со оглед дека помошта е недоволна што може Владата на Република Македонија да одвои, Владата на Република Македонија предлага со закон да се овозможи да се обезбедат и дополнителни средства за давање на помош на овие општини по пат на двоење на солидарна дневница утврдена со законот. Со оглед дека помошта е неопходна и потребна интервентно, го молиме Собранието да го уврсти овој закон на дневен ред за да може да се изгласа и да стапи на сила за да може да започне процесот на одвојување на средства. А ако Собранието на Република Македонија го утврди, тогаш по повод точката на дневен ред ќе дадеме и дополнително образложение за ефектите од овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата на Република Македонија овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата на Република Македонија е усвоен.

Пратениците Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Жарко Караџоски, Илија Китаноски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓе Паљошковски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Аднан Ќахил, Слободан Чашуле, Слободан Даневски, Ристана Лалчевска, Илјаз Халими и Зоран Крстевски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион во деновите 4, 5 и 6 јуни 2004 година.

Информацијата ви е доставена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Образложение ќе даде Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани пратеници, претставници на Владата на Република Македонија,

Целата македонска јавност е запознаена за невремето кое што го зафати Југоисточниот дел на Република Македонија, како и дел од Тетовското подрачје. Направени се огромни материјални штети, уништени се домаќинства и огромни

површини, обработливи површини кои за луѓето од овие региони значат основен извор за егзистенција. Во Струмичко се поплавени повеќе од 20.000 хектари обработливо земјиште, во Валандовско 1.500 хектари, поплавени се огромен број на села во овие региони, огромни се штетите и за стопанските субјекти оневозможено е нивното работење од поплавите, голем број луѓе останаа без своите домови и без основните средства за егзистенција. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара Владата на Република Македонија да преземе итни мерки, дел од нив во моментот кога ги доставивме се преземени. Меѓутоа, прво и основно нешто што го бараме, тоа е да се прогласи елементарна непогода во сите населени места што се наведени во нашата иформација. Понатаму да се направи санација на браните, таму каде што е неопходно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, ако се прифати на дневен ред, тоа ќе го дискутирате. Сега ве молам образложете само за итноста.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сосема на кратко господине претседателе, ве молам.

Господине претседателе, само сакам да ја истакнам разликата помеѓу двете информации. Единствената разлика и единственото наше барање е Владата на Република Македонија да прогласи елементарна непогода и од овде да произлезат суштествените, би кажала, подобри услови за надминување на штетните последици кои што се предизвикани од елементарните непогоди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 54 за, 1 воздржан, 7 против.

Констатирам дека Предлогот на пратениците е усвоен.

Пратениците Драган Ѓорѓиев, Владо Паунков, Цветанка Иванова, Зоран Заев, Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Зоран Томиќ, Никола Ќуркчиев, Рафис Алити, Абдулаќим Адеми, Ејуп Рустеми, Невзат Бејта, Емилија Костадинова и Коста Прешоски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион во деновите 4, 5 и 6 јуни 2004 година.

Информацијата ви е доставена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Образложение ќе даде Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници,

Од причините кои што се наведени во Информацијата заради итно и неодложно разгледување на Информацијата околу поплавите кои што ги зафатија регионите во Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион и други региони, бараме на оваа седница да биде ставена како точка на дневен ред Разгледување на Информацијата и разгледување на Предлог заклучоците кои што се предложени.

Доколку е можно Деловнички исто така предлагаме тие две инфомрации кои што се доставени и од наша страна и од страна на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и ЛП да одат на иста точка на дневен ред, при што кои заклучоци ќе бидат усвоени за тоа ќе одлучува Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓоргиев, немојте "доколку е можно", ако знаете, кажете, ако не, прочитајте го Деловникот. Деловнички е можно да се води истовремено расправа по двете информации, бидејќи темата е иста.

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на пратениците е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на Собранието на Република Македонија предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи предлозите, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

За денешнава седница Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија предлага две точки, односно две предлог на одлуки да бидат разгледани по итна постапка.

Едната одлука се однесува за потполнување и докомплетирање на едно од работните тела на Собранието на Република Македонија. А втората одлука фактички е усогласување на терминологијата со новите измени на имињата на некои држави. Двете утврдени одлуки во писмена форма се доставени до пратениците. Бидејќи станува збор за потребата од докомплетирање и усогласување, значи за потребата од нормална работа на работните тела на Собранието на Република Македонија и за комуникацијата на нашата држава со трети држави, а согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, оценуваме дека има итна и неодложна потреба истите денес да бидат донесени.

Молам, предлозите да бидат ставени на усвојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледува на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија

за билатерална парламентарна соработка, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Томе Тромбев во име на предлагачите на законот, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањето на штедачите од штедилниците “ТАТ” - Битола, “Алфа С” - Скопје и “Лавци” - Охрид, со предлог на закон Собранието на Република Македонија да го разгледа на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон ви е поделен.

Молам еден од предлагачите на законот да ја образложи потребата овој закон да се разгледа на оваа седница.

Има збор пратеникот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе,

Основната причина која што предлагаме на денешната седница да се најде оваа точка е рокот на важноста на конвертибилните сертификати кој изминува на почетокот на месец јули согласно Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците “ТАТ” - Битола, “Алфа С” - Скопје и “Лавци” - Охрид. Со измените на законот за трансформација на општествениот капитал на 31 декември 2003 година требаше да престане последното на Агенцијата за приватизација. Од 1 јануари 2004 година престанаа да се котираат на македонската берза акциите и уделите во сопственост на државата, со кои располагаше Агенцијата. Поради тоа од 1 јануари 2004 година па се' до денес не постоеше можност за искористување на намената на сертификатите. Со оглед на тоа што на претходната седница се продолжи рокот на постоење на Агенцијата, се предлага и продолжување на рокот на важноста на сертификатите и мислевме дека ова е краен момент да го предложиме овој закон. Се надевам дека пратениците ќе го подржат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 64 пратеници, 58 пратеници гласале за, 4 воздржани и 2 гласале против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

2. Предлог за избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;

3. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Прилеп;

4. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Струмица, Битола и Гостивар;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

7. Предлогот на закон за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година, со Предлог на закон;

8. Информација за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион во деновите 4, 5 и 6 јуни 2004 година;

9. Информација за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион во деновите 4, 5 и 6 јуни 2004 година;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

12. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за меѓусебна правна помош во граѓанските предмети, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори и други нелегални активности, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за преземање на сопствени државјани и странци, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за преземање на лица кои илегално престојуваат на нивните територии, со Предлог на закон;

19. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година;

20. Годишен извештај на Народниот правобранител за 2003 година;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите "ТАТ" Битола, "Алфа С" - Скопје и "Лавци" - Охрид, со Предлог на закон;

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Повелете г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас имам предлог за дополна на дневниот ред. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на 2.06.2004 година поднесе Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на закон за регулирање на побарувањето на штедачите од

Штедилницата “ТАТ” Битола, “Алфа С” - Скопје и “Лавци” - Охрид, со Предлог на закон. Значи, нашиот предлог ова да биде по скратена постапка, на истата седница да биде разгледан и предлогот и законот. Причините поради кои што го предлагаме се, од една страна се прошири опфатеноста од овој вид на хартија од вредност, т.е. да се измени член 8 став 1 од постојниот закон и предлагаме конвертибилните сертификати да се користат за купување на државен имот и закуп на државен имот.

Од друга страна предлагаме втора суштинска измена, наместо две да бидат конвертибилните сертификати, да важат три години од денот на нивното издавање. Со оглед на тоа што сега на 15 јули престанува да важат овие, а исто така како што беше и претходно кажано од 1.01.2004 година па досега не се користат, со оглед на тоа што не се котираат акциите на берзата, што значи им се скрати можноста на овие и нивната вредност на сертификатите падна испод 10%, сметаме дека со нашиот предлог со кој што на конвертибилните сертификати ќе им се даде важност до следната година, наместо две три години, сметаме дека има голема причина овој закон да се стави денеска на дневен ред на оваа седница. Како што напоменав овој беше ставен во Собранието на 2.06, а претходниот беше на 14 вчера, така што сметам дека би требало, со оглед на тоа што веќе имаме сличен закон и овој да биде денеска на некој начин на оваа седница, да завршиме по однос на прашањата што се однесуваат на ТАТ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашиот закон, кој што инаку е ставен во редовна процедура, јас мислев да го закажам некаде околу 25, на оваа седница вие го преформулирате како под итно. Материјалот ви е поделен и вие сега сакате тој закон да оди по итна постапка.

Предлогот на г. Коце Трајановски го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупноо 62 пратеници, за гласале 49 пратеници, 13 пратеници гласале против, а воздржани нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен и ова ќе биде последна 22 точка на дневен ред. Само точно кажете го насловот на законот, како што ви е поднесен, за да можеме да го испечатиме дневниот ред.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на законот за регулирање на побарувањата на штедачите од Штедилницата “ТАТ” Битола, “Алфа С” - Скопје и “Лавци” - Охрид, со Предлог на закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, насловот е идентичен и според тоа службите со ист наслов двата закони нека ги стават на последното и на претпоследното место.

Дали има некои други предлози за измена и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Бидејќи нема, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржани нема, а 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Откако е утврден дневниот ред, дали има некои предлози за поместување на точките и измени на редоследот?

Повелете, господине министре за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, предлагаме точките 10 и 11 да бидат обратно.

Прво, да биде законот за капитално пензиско финансирање, а потоа Законот за Народна банка затоа што произлегува од него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го предлагам ова што министерот го предлага и го ставам на гласање, само уште еднаш повторете го, господине министре, за да го формулираме.

Значи, Вие предлагате точката 11 да биде 10, а точката 10 да биде точка 11.

Овој предлог го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 61 пратеник, против гласал 1 пратеник и воздржани гласале 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Повелете г. Иванов, вие имате предлог за измена на редоследот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Да, информациите во врска со поплавите во јужните делови на Република Македонија да се постават како точка еден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, предлагате двете информации да бидат ставени како точка еден во дневниот ред. Морате, за тоа да го предложите да имате 10 пратеници поддршка.

Значи, имате 10 пратеници како поддршка.

Ги ставам на гласање точките 8 и 9, да бидат точки 1 и 2.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласале 13 пратеници, против гласале 48 пратеници, воздржани нема.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи нема никој друг во врска со измени на редоследот на дневниот ред, констатирам дека дневниот ред е усвоен со овие измени и вие ќе го добиете дневниот ред со точен редослед на точките во текот на самата седница.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Киро Здравев да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Киро Здравев да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 50 пратеници, 9 воздржани, против нема.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Киро Здравев е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Рина Андреевска да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Рина Андреевска да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 52 пратеници, 10 воздржани, против нема.

Констатирам дека Рина Андреевска е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Мирјана Андреева да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мирјана Андреева да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 49 пратеници, 11 воздржани, против нема.

Во салата се пристуни 67 пратеници.

Констатирам дека Мирјана Андреева е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Павлина Лескова да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Павлина Лескова да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласале 61 пратеник, 52 пратеници гласале за, против нема, 9 воздржани.

Констатирам дека  Павлина Лескова е избрана за судија на Апелациониот суд во Битола.

Отворам претрес по предлогот Мерсељ Пајазити да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мерсељ Пајазити да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, за гласале 52 пратеници, 10 воздржани, против нема.

Констатирам дека  Мерсељ Пајазити е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот м-р Марика Матеска да биде избрана за судија на апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Марика Матеска да биде избрана  за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласалеа вкупно 63 пратеници, за гласале 51 пратеник, 9 воздржани, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека м-р Марика Матеска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Јасминка Јованов Трајковска да биде избрана за судија на апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јасминка Јованов Трајковска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за гласале 54 пратеници, против нема, а од гласањето се воздржаа 9    пратеници.

Констатирам дека Јасминка Јованов Трајковска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Беса Адеми да биде избрана за судија на апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Беса Адеми да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 55 пратеници гласале за, 10 воздржани, против нема.

Констатирам дека Беса Адеми е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Наќе Ѓеоргиев да биде избран за судија на апелациониот суд во Штип.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Наќе Ѓеоргиев да биде избран за судија на Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 52 пратеници гласале за, 8 пратеници биле воздржани и 2 гласале против.

Констатирам дека Наќе Ѓеоргиев е избран за судија на Апелациониот суд во Штип.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Прилеп**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, 58 пратеници гласале за, нема воздржани и 1 пратеник гласал против.

Ве молам да се утврди бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Струмица, Битола и Гостивар.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, 61 пратеник гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на Основните судови во Струмица, Битола и Гостивар.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели и членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката,

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници, 55 пратеници гласале за, 1 пратеник бил воздржан и 1 пратеник гласал против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели и членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на Шестата точка - **Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Гласале 57 пратеници, 55 за, 2 воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуакта.

Минуваме на Седмата точка - **Предлог на закон за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последицит еод поплавите настанати во месец јуни 2004 година, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави минситерот за финансии г-динот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници,

Дозволете ми да кажам неколку збора во врска со поплавите кои настанаа во почетокот на јуни и односот на Владата, сосема накратко, ефектите кои ги предвидуваме со Законот и можеби сосема накратко неколку зборови за самиот закон, затоа што го имате пред вас.

Како што сите знаете, поплавите кои се случија во одредени региони во Република Македонија, во почетокот на јуни, беа секавични. Владата врз основа на ваквите временски непогоди заседаваше во неколку наврати и формираше свои работни тела за справуавње со проблемите и одлучи да донесе неколку интервентни мерки, како што е и самата ситуација, редовни мерки во таква ситуација

не можат да се преземаат, со цел да се санира ситуацијата, особено во регионите каде што тоа се случи, Валандовскиот, Гевгелискиот, Струмичкиот и регионот на Полошката котлина.

Нема да опошувам многу што се случи затоа што можеби и нема потреба. Сите ние бевме сведоци, имаа информации за тоа поднесено. Меѓутоа, сакам да кажам дека Владата одлучи да интервенир апо неколку основи:

Првиот основ беше да даде дирекна и непосредна финансиска помош за потребите за санирање на состојбите кои  и стојат на располагање на Владата на Република Македонија. По тој оснво Владата веднаш, уште првиот ден, во понеделникот, после настанувањето на штетите , одвои 50 милиони од својата буџетска резерва и веднаш ги стави на располагање на подрачјата, преку Комисијата се формира за оваа намена, колку што и постојат во Буџетот и дополнителни 20 милиони кои се наоѓаат на сметката за средства на солидарност на Република Македонија за отстранвуање на последиците од елементарни непогоди, или вкупно 70 милиони денари кои се веќе активни и кои функционираат.

Во исто време Владата ги задолжи сите јавни претпријатија и сите органи во состав на Владата, како и други државни органи кои се под надлежност на Владата, да преземат итни мерки со кои ќе ги санираат последиците кои се јавија на теренот. Само ќе соопштам дека во тие активности кои делумно и денес се одвиваат таму каде што работата не е завршена, се вклучија водостопанските претпријатија, се вклучи Фондот за патишта со интервентни мерки, се поправаат брани, се вклучи ЈП Македонски железници, ЈП ЕСМ во својот дел, и преку Министерството за здравство институциите, пред се заводите за здравствена заштита. Со нивната интервенција и со надлежностите на другите ресори соодветни за оваа пригода, се направи интервенција која овозможи брзо да се санира дел од последиците, се разбира, тука се вклучи Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика, да се врати брзо животот во овие краишта. Меѓутоа, јасно беше дека тоа е недоволно затоа што ќе недостасуваат , според проценките, поголеми финансиски средства за да се нормализира животот и за да се надоместат дел од штетите кои настанаа или на физичките, или на правните лица, или пак штети на инфраструктурата во Република Македонија. За таа цел Владата дополнително одвои и од Бирото за стокови резерви интервентни количини на  дизел гориво 21.000 кг. дизел гориво за санација и работа на механизацијата, 2.000 кг. алиминиум-сулфат 200.000 кг. пченка за добитокот кој се најде во ситуација да нема доволно

храна во погодените подрачја и се разбира дека Владата има Одлука со која, до колку и натаму има потреби за одвојување на средства од Бирото за стокови резерви, тоа ќе се случува и во наредниот период, до колку се јави потреба дополнително.

Сите досегашни мерки дадоа ефект кој е некаде до 200 милиони денари, вклучувајки ги и интервенциите на јавните претпријатија и на органите на управа во рамки на својата надлежност и издвоените средства кои ги соопшти, преку буџетските резерви, преку Фондот за солидарност и преку Бирото за стокови резерви.

Владата оцени дека во еден понатамошен подолг период од оваа година ќе треба да се одвојат и дополнителни средства. За таа цел Владата на Собранието му предлага, со Законот кој е на дневен ред, да се одвојат дополнителни средства и да се стават на располагање согласно законската процедура, на општините, со кои треба да се отстранат последиците од поплавите настанати во јуни 2004 година. Средствата ќе бидат ставени на располагање, согласно со законите и другите уредби и акти на Република Македонија за користење во вакви случаи.

Дозволете ми да кажам дека главното решение на законот кој се предлага е да се обезбедат средства за давање на помош преку издвојување на средства во висина од една дневница на вработените во Република Македонија, соодветното ниво и на оние кои се занимаваат со вршење на стопанска дејнсот, земјоделска дејност и корисници на пензии и други права по тој основ.

Проценките по две методологии, од страна на Владата, во врска со одвојвуањето по овој закон , треба да се движат некаде во висина од 287, по едната методологија до 299 милиони денари. Гледате дека се приближно слични двете бројки. Значи некаде близу до 300 милиони денари, со оглед на тоа што проценките не можат да се направат, ексанте влијанието на тоа ќе биде според нивото на исплата. Ние ги правевме како екстра популација на трендовите во последните месеци. Меѓутоа, во секој случај се надеваме дека со овој закон ќе се обезбедат дополнително околу 250 до 300 милиони денари во подрачјата опфатени со поплавите. Ако ги имаме предвид и мерките кои веќе Владата ги презема, за кои одвои средства, или средства одвојуваат јавните претпријатија или другите јавни фондови, или директна работа на теренот, сосема е јасно дека ќе се формира еден бруто фонд по сите основи од , отприлика 500 милиони денари кои ќе бидат употребени за санација на последиците од поплавите. Нашата процена е дека ова

ниво на средства е сосема солидно ниво кое ќе овозможи да се надоместат дел од штетите, да се поправи целокупната јавна инфраструктура а тие региони и да се овозможи животот да продолжи со нормално темпо.

Се разбира дека Владата на Република Македонија на две свои седници на кои се занимаваше со проблемот, донесе и други мерки кои ќе бидат од подолгорочен карактер, а кои ќе опфатат евентуална превенција од вакви можности за поплави во иднина, пред се со проекти за дополнително согледување на состојбата со браните и вештачките езера во тие подрачја и по долината на Вардар, во Полошката котлина, со проект за регулација на коритото на реката Вардар во подрачјата каде што тоа се случило и оваа година, меѓутоа и некои други години, кои во текот на оваа и идната година сосема ќе го регулираат текот на Вардар и ќе се исклучи можноста вакви дејствија населението и Република Македонија да трпат дополнителни штети. Тие проекти ќе се одвиваат согласно динамиката за нивно изведување во текот на подолг временски период, вклучувајќи ја и идната година за што ќе се одвојвуаат и соодветни средства од Буџетот на Република Македонија.

Врз основа на тоа , почитувани пратеници ви предлагам во име на Владата, имајќи ги предвид сите овие мерки за кои зборував и за кои само една од мерките, иако по обем ќе биде веројатно клучната, околу 3/5 од вкупните активности кои ќе се преземат само во оваа година, според финансиската тежина, го донесете законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите во месец јуни.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. министре,

Пред да дадам збор, бидјеки имаме амандмани кои се дојдени, за да го докомплетираме текстот, јас ќе ги поминам амандманите за да знаеме по кој текст ќе се расправа.

Пратениците Абдулаким Адеми, Ејуп Рустеми и Зоран Томиќ поднесоа амандмани на член 5 за додавање нов став 2 и за додавање нов член 5-а по член 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Абдулаким Адеми, Ејуп Рустеми и Зоран Томиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата го прифаќа амандманот и во рок од 6 месеци , како што се пропишува, после влегувањето во сила и спроведувањето на мерките од овој закон, ќе поднесе извештај до Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Инаку амандманите може да се поднесуваат докрајот на расправата. Сега овие амандмани веќе стигнаа и затоа ги поминуваме.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по член поднесен од пратениците Абдулаким Адеми, Ејуп Рустеми и Зоран Томиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, мерките кои се зацртани во овие амандмани, во суштина Владата не ги одбива, меѓутоа начинот на кој се напишани амандманите не се така составени за да можат да се прифатат, затоа што, на пример каде што се предвидуваат даночни ослободувања има напишано и основи кои не се оданочуваат. На пример деловни простории не се оданочуваат со данок на имот, градежни објекти кои не се за станвуање и т.н., така што прифаќањето ќе внесе целосна конфузија и забуна и во сплет на други закони кои ја уредуваат оваа проблематика, вклучувајки го и вторито став.

Би предложил амандманите да не се прифатат затоа што има опасност да внесат конфузија во спроведувањето, а Владата веќе размислува и ќе воведе мерки со кои можеби дел од нив ќе бидат во подоцнежна фаза, меѓутоа не во итна постапка, предложени до Парламентот, заедно со редовните процедури кои и така и така, и да ги усвоиме сега и не потна постапка, нема многу да влијаат на настаните. За да не внесеме забуна и да не внесеме конфузија, во овој момент подобро е овој амандман да не се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Кој бара збор по амандмнот?

Има збор г. Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Во името на сите предлагачи наполно се согласуваме со тоа што министерот го кажа. Идејата навистина е добра и добро е што Владата ќе размисли во тој правец како се понудени амандманите, да реагира.

Од причините наведени во образложението од излагањето на г. министер, по амандманот, амандманот го повлекуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Инаку сега сум известен дека и пратениците Лилјана Поповска, Роза Топузова Каровска, Андреј Жерновски, Благој Голомејов, Соња Лепиткова, Нелко Стојановски, Петар Апостолов, Љиљана Ивановска и Ангелка Пеева Лауренчиќ, поднесоа амандмани на член 2 став 1 алинеја 4 по кои Владата не се произнела, бидјеки не можела да се произнесе, сега се прават и кога ќе се поделат ќе ги ставиме на дневен ред.

Продлжуваме со претрес по текстот на законот.

Повелете г. Абдулаќи Адеми.

Значи се откажувате.

Повелете г. Томиќ имате збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван г. министре, иако ќе го задржам правото на дискусија по информациите кои се после оваа точка на дневен ред,  морам да искажам една крајна благодараност до Владата на Република Македонија за брзото изготввување на еден ваков Предлог за донесување по итна постапка, за обезбедување средства за давање помош на општините за отстранвување на последицит еод поплавите настанати во јуни 2004 година.

Иако Владата, покрај овој закон презеде многу мерки за кои добро тука ни образложи министерот, лично сметам дека овој закон навистина треба да се подржи од повеќе причини.

Штетите настанати од поплавите и буиците настанати во месец јуни 2004 година, сеуште, верувајте не можеме и таму во кризните региони каде што беа поплавите и буиците кои беа настанати , можам да кажам сеуште точно да се утврдат. Меѓутоа, токму тука е улогата на Владата на Република Македонија каде што со поднесување на еден ваков закон ќе се обезбедат дополнителни средства кои ќе бидат во функција на надминување на штетите на надминвување на штетните

последици настанати од поплавите. Затоа навистина изразувам една крајн аблагодарност до Владата на РМ и сакам во името на пратеничката група на СДСМ , да кажам дека ние овој закон безрезервно Ќе го подржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Томиќ.

Повелете г. Иванов имате збор.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, почитувнаи колеги,

Веднаш би предложил, овој закон да не се полемизира, да не се партизира, затоа што состојбите навистина се драматични во најземјоделскито дел на РМ, кои се предизвикани од елементарните непогоди кои го зафатија овој дел на Македонија.

Веројатно во почетокот сите беа во една шок состојба и не бевме свесни за крупните последици, загуби и штети кои настанаа како резултат на една голема невременска стихија и која не затече неподготвени да се спротивставием на една ваква елементарна непогода.

Донесувањето на овој закон во некоја мера треба да ги ублажи состојбите .

Овој закон јас го сваќам како закон кој во почетокто треба да им помогне , не на општините, туку на народот кој навистина многу настрада. Таму има луѓе кои останаа без куќи. Има луѓе чии домаќинства се доведени во таква состојба да не можат да ги користат куќите. Уништени се намештаи, бела техника. Луѓето дури сега некако се враќаат од тој шк во кој се најдоа. Штетите веројатно ќе се проценат и тие се проценуваат и сега се пресметуваат, ќе се утврдат приближно колку се големи. Но, од сето тоа што може да се види, тие се исклучително високи.

Овој закон мора брзо да се ефектуира, заправо брзо мора да се обезбедат средствата и тие да се реализираат како еден почеток на санирање на состојбите . Таму сеуште не пристигнуваат средства. Таму има големи потреби од средства за дезинфекција на самиот терен. Таму има голема потреба од средства за уништување на појавата на болестите во многу култури. Тие култури кои таму се поплавениако не се заштитат сега во почетокот, поготово лозовите насади од Пламењача, од други болести, не само што нема да има приноси, туку нема да има род во наредните години. Таму готовото производство кое беше подготвено за пазар е уништено. Треба веднаш со овој закон да се обезбедат средства, да се овозможи да се постават нови култури, ново производство.

Тој закон не може да ги реши сите проблеми, законот не може да се впуштии во решавање и на такви проблеми кои ќе значат подоцна реализација на тие производи и тие култури, но сега е моментот да се укаже на тоа дека Владата преку своите министерства со билатерални договори особено имајќи ја во предвид Олимпијадата во Грција и во други земји да се овозможи пласман на тоа производство од вторите култури за да се намалат штетите.

Бидејќи луѓето се истоштени во претходните години, тука мислам на земјоделците, сега не располагаат ни со минимум средства за свој опстанок, а не и да имаат средства да можат да се зафатат со едно ново производство.

Исто така и производните капацитети во голема мера се уништени или оштетени, ќе биде потребно и таму да се обезбедат значителни средства.

Мислам дека овие извори кои ги предвидува Владата треба да се поддржат, меѓутоа, треба и со ред други мерки како што е ослободување од разни данаци, придонеси, други обврски кои ги имаат граѓаните во овие настрадани подрачја за да им се овозможи минимални услови за живот. Ние знаеме колку земјоделието е оптоварено со даноци, придонеси, давачки итн. Затоа Владата треба во тој поглед уште повеќе да разработи правила, да донесе одлуки овие граѓани да бидат практично ослободени од претходните давачки и од давачките кои ќе следат оваа година, како и од други оптоварувања со кои се зафатени особено земјоделците во овие региони.

По мое мислење, по моја слободна проценка, јас мислам дека директните и индиректните штети кои ќе се утврдуваат во наредните години, ќе изнесуваат преку стотини милиони евра и овој проблем ќе требаше и треба да се подигне на едно многу повисоко ниво. Јас мислам дека тука затаи една поширока солидарност не само во нашата држава Македонија, туку и надвор од неа и ние ќе мора да направиме големи напори особено преку Министерството за надворешни работи да ја алармираме и светската јавност за една голема катастрофа која го зафати подрачјето на и вака осиромашена Македонија.

Овој проблем мора непрекинато да се следи со ред мерки. Мора да се следи непрекинато затоа што огромни се последиците и при крупни објекти за кои зборуваше министерот Поповски, тоа се големите оштетувања на акумулациите, на браните, на речните корита, големи се оштетувањата на изградените канали кои некогаш биле изградени за да се заштитат овие подрачја, оваа котлина итн.

Јас го поддржувам законот ваков каков се донесува и поздравувам да се прави воедна забрзана фаза,. меѓутоа тој не е доволен да ги ублажи овие последици. Мора да се следи целокупната ситуација понатаму и да се предлагаат нови мерки, нови решенија за да се обезбеди каков таков живот во овој така многу значаен наш производен регион кој ја хранеше Македонија и од каде излегуваа огромни количини на производство за извоз.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Иванов.

Бидејќи стигнаа амандманите, ќе ги поминеме сега амандманите за да го докомплетираме текстот, а потоа ќе продолжиме со расправата.

Јас би замолил да бидеме рационалјни и кратки во расправата, бидејќи имаме информации, таму можеме да распрваме малку подобро, а со заклучоците преку информациите можеме и да ја задолжиме Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1алинеја 1, поднесен од пратениците, Лилјана Поповска, Роза Топузова Каровска, Андреј Жерновски, Благој Голомеев, Соња Лепиткова, Неолко Стојаноски, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска и Анѓелка Пеева Лауренчиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата не е во можност овој амандман да го прифати од две причини:

Прво, самиот закон е закон за солидарна помош, што значи во солидарната помош учествуваат сите соодветно на својата економска моќ. Тие што имаат помали плати плаќаат и помала помош. Со оглед дека е еднократно и дека се исплаќа само во еден месец, Владата размислуваше за ваква можност, меѓутоа, можностите за заобиколување на исплатата се  огромни, искрено да кажам, секој приватен работодавец може во текот на јуни  или платата за јуни да ја исплати на ниво од 7.999 денари за да влезе во критериумот, а после она што не го исплатил за јуни да го исплати за јули, ако била платата 12 илјади денари, да речеме.

Со тоа ќе отвориме можност многумина да го заобиколат начинот на уплаќање на солидарните средства по пат на нивелирање на платите во месецот во кој ја уплаќаат солидарната помош.

Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Поповска како предлагач.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Овој амандман го предложив заедно со колегите од пратеничката група на ЛДП со цел на некој начин да се избегнат наплатите од оние лица кои имаат плати пониски од 8 илјади денари. Сметавме дека во ова време на една сериозна економска состојба 8.000 денари е навистина и се што е под 8 илјади денари извонредно ниска плата и дека на ваков начин би се намалил и онака малиот домашен буџет на семејствата кои често пати живеат од таа една плата. Сметавме дека тоа би било на некој начин добро, правично за тие семејства да бидат ослободени од оваа наплата.

Сакам оваа прилика да ја искористам во лично име и во име на пратеничката група на ЛДП да ја пофалам Владаа што навистина експресно реагираше на оваа настаната ситуција и веднаш излезе со закон. Потполно се согласувам со министерот дека сите треба да бидеме солидарни и да си помогнеме меѓусебе, меѓутоа треба да имаме разбирање за оние кои имаат многу мали приходи и мислам дека тоа би можело да се компензира од оние кои имаат повисоки приходи. Мислам дека принципот на правичност некако би бил задоволен и би било подобро прифатено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор по амандманот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 49 пратеници, од кои 15 за, 2 воздржани и 32 против.

Молам службите да го утврдат кворумот, а пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи вака на око нема кворум.

(Во салата има 54 пратеници)

Го поништувам гласањето, бидејќи во моментот на гласањето беа 54 присутни. Ги молам пратениците да влезат во салата.

10-те минути почнуваат да течат.

Во салата се присутни 59 пратеника.

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата.

Службите да го утврдат бројот, бидејќи констатирав дека има 61, но сепак официјално да се утврди бројот.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 15 гласале за амандманот, 3 воздржани, 43 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам пртрес по амандманот на член 2 став 1 алинеја 4, поднесен од пратниците Лилјана Поповска, Роза Топузова Каровска, Андреј Жерновски, Благој Голомеов, Соња Лепиткова, Неолко Стојаноски, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска и Анѓелка Пеева Лауренчиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуваните пратеници имаат амандман кој е сличен на првиот, меѓутоа, сега за пензионерите.

Ставот на Владата беше и останува да немаме ислучоци по основ на давањето на солидарна помош за што тоа прво го отежнува самиот систем кој е времен во рок од еден месец и секој ислучок го прави системот неоперативен.

Исто така да кажам дека ефектот од пензискиот фонд врз основа на пресметките на ПИОМ и Министерството за финансии се очекуваат да бидат 62.800 илјади денари, вкупни ефекти.

Со огед дека овде се прават исключоци на најголемата категорија на пензионери, а тоа се пензионерите од прва категорија и земјоделските пензии, можеме лесно да претпоставиме дека овој амандман ќе донесе негативен ефект од прилика 30-40 милиони денари од зафаќањата на Законот.

Владата, од овие причини, не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Поповска имате збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Претседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Овој амандман повторно го предлага целата група на ЛДП, но јас сепак би апелирала да се размисли околу овој амандман затоа што се работи за изземање од зафаќање на корисниците на пензии од првата група и на земјоделски пензии.

Сите знаеме колкава е сумата на тие пензии. Првата група е луѓе кои живеат со 4 илјади или под 4 илјади денари пензии, а земјоделските пензии се уште поподробни, се работи за ситни средства.

Јас разбирам дека и зафаќањата се мали, меѓутоа, кога овие денари се буквални бројани, тогаш и зафаќањата се  доживуваат како некаков атак врз секојдневниот буџет. Мислам дека треба да бидеме посебно чувствителни кон овие категории граѓани затоа што во нашата економска ситуација не ретко се случува тие да се  единствени носители на некакви примања во семејството и практично не ретко хранат цели семејства.

Од друга страна министерот спомна дека во претходниот амандман би можело да дојде до одредени проблеми во одредувањето на наплатите кој да биде изземен кој не, меѓутоа, во овој случај кога се работи за пензионери од првата категорија и носители корисници на земјоделски пензии, мислам дека е многу јасно определено кои се тие лица и не би имало можност ни за злоупотреби ни за забуни.

Навистина би апелирала до колегите пратеници да размислиме и да се определиме за овој амандман, зафаќањата се мали, меѓутоа, велам уште помали се севкупните приходи и сепак е тоа некакво зафаќање од многу, многу тенок буџет.

Може би ова не е лоша прилика да помислиме, еве едно обраќање до министерот да се помисли при следното буџетирање за најниските пензии, за најниските плати, затоа што очиглендо треба да се создадат услови за некои примања кои сепак ќе овозможат еден пристоен и нормален живот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор, во врска со амандманот.

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ ќе го поддржи овој амандман, бидејќи сметаме дека државата има средства и можност и начин од буџетот на Република Македонија да изнајде средства, како што рече министерот ова се околу 30-тина

милиони денари. Сепак овие граѓани, да не повторувам, со какви лични примања т.е. пензии се и како едвај врзуваат крај со крај во месеците во кои ги добиваат овие пензии, па затоа сметам дека треба да бидат изземени од овој начин, меѓутоа, не на штета на поплавените подрачја, туку тие средства можат да се најдат од Буџетот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Тогаш Парламентот треба да направи избор сите средства предвидени во Буџетот Владата ги стави на располагање. Ова се дополнителни средства. Ако зборуваме за категоријата на пензионери од прва категорија кои не треба да партиципираат во општата солидарност, тогаш во исто време зборуваме за региони од прилика со 200 до 250 илјади население каде им ја скратуваме таа солидарност и не е фер да се зборува само за тоа дека некој не треба да даде, а во исто време да се занемарува дека некој тие средства нема да ги прими.

Колку што гледам има информации по оваа точка во кои исто така се апелира да се помогне на населението. Мислам дека политички е не фер да се бара некој да не дава, а во исто време да не се соопштува дека заради тоа некој заради тоа нема да прими средства.

Се спомнува дека некој има минимални средства, пензии од минималната категорија. Меѓутоа, во исто време да не спомнуваме или ајде да спомнеме дека одредена категорија на граѓани во овие четири региони примањата не им се за една дневница годишно намалени, туку им се за целокупната заработка годишно намалени. Вкупното земјоделско производство им е уништено.

Сега ако некој од 12 пензии не може да одвои една дневница, а една дневница е на годишно ниво 12 по 22. Тоа е една 200 стотинка или повеќе да одвои. Замислете ги овие граѓани на кои 100% од приходите им се отидени, заради поплавување на површините, уништување на оранжерии, земјоделско производство и тн.

Така што, јас предлагам сепак, Парламентот и почитуваните пратеници да останат на позицијата да им се помогне на овие од прилика 200 - 250 илјади луѓе во регионот. Можеби некој ништо не е погоден од тие 250.000 луѓе, меѓутоа, некои се погодени 100% од нив. Така што би било добро солидарноста да не биде само на

товар на некого. Солидарноста е општа. А кога зборуваме за солидарноста на пониските категории на луѓе со примања, ние не забораваме дека и нивните примања не се во апсолутен износ со другите. Значи, пропорционално и ним им се одзема една дневница, или една заработувачка која е релативно помала. Така што, мислам дека би било добро да не го направиме овој исклучок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 13 гласале за амандманот, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

И јас ги молам, бидејќи сите се залагаме овој закон да се донесе, има своја хуманитарна и солидарна цел, да бидеме рационални и кратки. По информациите ќе дискутираме колку сакаме.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор, а нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас пред се' би кажал, добро е што Владата на Република Македонија предлага закон и го сметам како обид на Владата на Република Македонија за надминувањето на последиците од поплавите кои ги зафатија скоро една третина од територијата на Република Македонија. Значи, Гевгелискиот, Валандовскиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион. Значи, се работи за едно од најплодните земјишта во Република Македонија и нормално населените места во тие региони.

Сега се поставува прашањето за сите нас дали можеше да бидеме поподготвени и со тоа да ги намалевме штетите кои што настанаа со овие полави, иако знаеме дека пред се' ова е елементарна непогода, која што тешко се предвидува. Меѓутоа, моето мислење е дека можеше и требаше да бидеме ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, дискутирајте по текстот на Законот, а за подготвеноста по Информацијата ќе кажете колку што срце и душа ви сака. Не

зборуваме ние сега за подготверноста, зборуваме за текстот на законот, а законот си има членови кои што ги изменивме со некои амандмани, некои амандмани не ги прифативме. Ве молам дискутирајте по Текстот на законот. Подготвеноста на сите нас по Информацијата ќе ја дискутираме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Немојте вие да ме насочите, сега овој закон е на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие дискутирате дали оваа Влада е подготвена за ова.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас зборувам за поплавите. Јас мислам дека иста материја третира и законот и јас тоа што го дискутирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Текстот на законот дискутираме и ве молам продолжете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Немојте да ме насочувате и да ме прекинувате во дискусијата претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Текстот на законот. Каде по Текстот на законот пишува дека не сте биле подготвени. Ако го најдете тоа, тогаш дискутирајте.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас дискутирам за потребата од донесувањето на овој закон. Значи, имаме потреба од донесување со Предлог на законот. Значи, нам не ни е втора фаза. Не ни е потребата од донесување на Законот завршена. Ако сметате дека е втора фаза, јас морам да дискутирам само по точката.

Сметам дека можевме да бидеме поподготвени од аспект на тоа што минатата година имавме слична ситуација во Република Македонија, каде што сметам дека Владата на Република Македонија несоодветно реагираше и тука ќе додадам она што сметам дека ме насочивте и дискусијата малку ми ја измесивте. Сметам дека Владата на Република Македонија во Буџетот на Република Македонија за 2004 година требаше да предвиди средства за вакви елементарни непогоди, кои што можеле евентуално да настанат во Република Македонија, со оглед на тоа што во 2003 година веќе имавме нешто слично со поплавите во Скопскиот регион и да не ги набројувам сите населени места каде што јас бев пратеник во претходниот мандат и каде што сум сега и пошироко во Република Македонија.

Сметам дека тоа требаше да ни биде поука за во Буџетот на Република Македонија за 2004 година, значи за оваа година, во која што за жал, ни се случи оваа несреќа каде што настрадаа многу региони во Република Македонија и доколку ги имавме тие средства ќе можеше навремено да реагираме и да ги намалиме овие штети што се настанати.

Штетите се како што рече министерот повеќе од 50 милиони денари, или повеќе од 7 милиони евра, значи тоа се грубите проценки и сметам дека тоа е доволно за прогласување на елементарна непогода. Ние всушност, имаме закони кои што ја регулираат оваа материја, како што е Законот за заштита од елементарни непогоди, Закон за собирање на средства за солидарност за отстранување на штетите од елементарни непогоди. Затоа, мојата недоумица е зошто и Владата на Република Македонија толку доцна реагираше во случајот на оваа елементарна непогода, после неколку дена практично санација на последиците, т.е. на штетите кои настанаа. Доколку беа предвидени средства во Буџетот за 2004 година сметам дека добро ќе се завршеше оваа работа и помалку ќе беа штетите што настанаа од оваа елементарна непогода.

Затоа, исто така, предлагам за понатаму да се направи добро снимање на сите оние кои што настрадаа во овие штети, бидејќи праксата покажува дека нецелосно секаде се отстрануваат штетите и несоодветно на секој оној кој настрадал при елементарни непогоди, вклучувајќи куќи, станови, механизација, ниви, посевите, горните слоеви на тие ниви и сето она што значи помош за да може тие граѓани непречено да продолжат да ја обавуваат својата дејност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Само да се дообјасниме, по член 175 во врска со случај на поголеми природни непогоди, епидемии и други вонредни неодложни потреби, предлогот на закон да се донесе по итна постапка, тоа предлагачот е должен да го образложи и оди само по Текстот на законот. Затоа по оваа дискутираме по Текстот на законот.

Ве молам јас уште еднаш апелот на господинот Ѕинго да не дискутираме нешто што можеме да го расправаме по Иноформацијата. Сега дискутираме по Текстот на законот, дали нешто во членовите е во ред или не е во ред, амандмански треба да се интервенира и сеуште има време да се интервенира амандмански додека расправата е во тек.

Ве молам госпоѓо Бонева, имате збор,

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, јас не се согласувам дека не треба да расправаме и што требаше Владата на Република Македонија да направи, односно како требаше Владата на Република Македонија најпрвин да постапи, пред да посегне по собирање на средства за давање на помош, односно обезбедување на средства со собирање на еднодневна заработувачка од граѓаните.

Јас мислам дека најпрвин Владата на Република Македонија со самата состојба која што настана во државата покажа дека не е спремна и неспособна е да се справи со проблемите кои што ќе настапат. Ние при носењето на Буџетот на Република Македонија и за оваа година сакавме многу да расправаме, граѓаните знаат како бевме ограничени, меѓутоа, овде излегува на видело дека Владата на Република Македонија не предвидела доволно средства за солидарна помош и дека без оглед на тоа што со идењето на оваа гарнитура на власт во Собранието на Република Македонија, односно извршната власт со ветување пред граѓаните дека ќе ги намали давачките, таа започна веднаш со зголемување на даноците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, дали вас ви е грижа за загрозените луѓе. Ако ви е грижа, законот дава можност да им се помогне. Вие зборувате политички.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, не можете да ме замолчите зашто ние доаѓаме од региони каде навистина населението е загрозено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Информацијата нема никого да замолчувам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, во Буџетот на државата требаше да се предвидат средства за вакви намени. Во исто време требаше пред да посегне по џебот на граѓаните, Владата на Република Македонија да ги намали трошоците многу непродуктивни трошоци на државните органи и институции и да предвиди искристување на време од многу позиции, а искористување на средствата кои што Владата на Република Македонија ги има на разни позиции, исто така можеше да размисли за искористување на дивидендата од “Телекомот”.

Јас не можам да се согласам со тоа што го кажа пред малку министерот дека политички не е фер да не им се дава на луѓето средства на кои треба да им се

помогне. Ние сме за тоа да им се помогне на луѓето. Токму заради тоа, посочуваме и на овие средства од дивидендата на “Телекомот”, меѓутоа, не е фер и Владата на Република Македонија да не води сметка да си има пари во солидарните фондови, а ги зголемува даноците на граѓаните. Исто така, не е фер да им се земе на пензионерите од првата група и од земјоделските пензии солидарно да им се зема исто така по една дневница. Значи, треба да се искористат сите можности кои што ги има во моментот во државата од Буџетот на државата, а потоа да размислува за носење на ваков предлог закон.

Понатаму, ваквиот предлог на закон произлегува од Законот за елементарни непогоди. Јас не знам, како може да не се прогласи елементарна непогода на територијата на државата, а да носиме Предлог на закон чии што средства треба да се распоредат според законот за условите и начинот на користење на средства на солидарноста за отстранување на последици од елементарни непогоди. Нема логика да се носи ваков закон без да прогласиме елементарна непогода.

Мислам дека Владата на Република Македонија треба да прогласи елементарна непогода и од овде да произлезе се' понатаму што треа да биде во однос на обештетување на граѓаните во државата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева, вие можевте во врска со “Телеком” со амандмани да интервенирате, не интервениравте со амандмани, а во врска со Буџетот ќе ми помогнете во идниот Буџет да планираме средства во случај на земјотрес во Скопје и штети да се планираат парите во Буџетот.

Јас само сакам да кажам дека итно овој закон треба да се донесе и јас ја разбирам желбата да се критикува Владата на Република Македонија како позиција. Но има информации за тоа и позицијата и сите гласавме и двете информации да бидат на дневен ред. И тука ве молам два дена ако треба да потрошиме.

Повелете господине Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани министри,

Накратко би сакал да дадам само два - три збора во полза на поддршка на овој закон, односно се работи за едно извонредно решение на Владата на Република Македонија во насока на решавање на проблемите настанати од поплавите. Овој закон во моментов претсатвува доказ за брзо и квалитетно

реагирање на Владата на Република Македонија во врска со очекуваната помош од граѓаните во поплавените подрачја и претставува уште еден пример за брзо реагирање на Владата на Република Македонија во вакви несакани состојби.

Можам само да дадам секаква поддршка на вакви навремени, солидарни реакции кои се активна грижа на Владата на Република Македонија кон сопствените граѓани, во најтешките моменти, посебно за дел од граѓаните во Република Македонија. Значи, уште еднаш да потенцирам само дека се работи извонреден потег на Владата на Република Македонија кој не само што треба да се поддржи, туку и да се пофали како акт на брза и навремена реакција на Владата на Република Македонија кон своите граѓани.

Благодарам.

(Со седницата продолжува да претседава госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, почитуван министер,

Законот за кој расправаме заслужува едно посебно внимание од сите нас, бидејќи тој се предлага во овој момент со цел да се обезбедат средства за наминување на тешката состојба предизвикана од поплавите во неколку подрачја во Република Македонија. Се разбира, како последица на невремето која овие денови ја опфати нашава земја. Иако состојбата се нормализира во тие подрачја, но и покрај тоа штетите предизвикани на многу семејства на кои главна дејност им е земјоделието е голема. Екипите за санирањето на состојбата колку што имаме можност го дадода својот придонес во оваа насока и продолжуваат и понатаму да работат таму каде што е неопходно, со цел да се создадат услови за еден нормален живот на жителите кои се опфатени со овие поплави и елементарни непогоди. За надоместокот на штетите предизвикани од поплавите, Владата на Република Македонија на одржаната седница на 6 јуни 2004 година, како што потенцираше и министерот, донесе одлука од средствата на Буџетот да се одвојат 70 милиони денари. Но врз основа на направените анализи, произлегува дека износот кој што ќе се одвои од Буџетот на е доволен за надоместокот на штетите предизвикани од елементарната непогода. За тоа треба дополнителни средства, солидарни средства

од граѓаните на Република Македонија. Ова се предлага да се регулира со закон и тоа по една дневница од средствата на граѓаните и другите корисници кои се во овој Предлог закон. Значи, да не спомнувам сите до корисниците на пензиското и инвалидското осигурување.

Јас се согласувам со овој предлог, се разбира во моментот во кој се наоѓаме за врз солидарна основа, да допринесеме така како што е предложено со овој закон, но имам една забелешка, како што имаше и потпретседателот на Парламентот во однос на пензионерите кои мислам дека треба овде да се изземат. Јас предлагам така како што имаше и други предлози најмалку пензионерите од првата категорија да се изземат од овој надоместок врз солидарна основа и ова го предлагам, имајќи ги предвид тешките услови во кои се наоѓаат овие пензионери, бидејќи со тие примања од нивните пензии од месец до месец не можат да им стигнат за нивна гола егзистенција.

Значи, исклучувајќи ја оваа категорија на граѓани во целост, се согласувам да го донесеме овој закон, се разбира, вклучувајќи ги сите други граѓани, така како што е предвидено со законот врз солидарни основи да се одви по една дневница. На овој начин на пристапот на ваквите проблеми кои се како последица на елементарни непогоди во начело не е во ред секогаш кога можат да се предизвикаат вакви штети, можеби и поголеми од овие, како од поплави, пожари, не треба да практикуваме да имаме поддршка на солидарни основи. Република Македонија не е богата земја со висок стандард каде одвојувањето на средствата за вакви случаи да не се почувствува во семејниот буџет. Во оваа немаштија секако ќе се одрази на тешката состојба на поголем дел на нашите граѓани.

Токму поради ова, повеќе е од неопходно Владата на Република Македонија да обезбеди посебен фонд за вакви елементарни непогоди, во кој фонд ќе се прелеат средства од буџетот и се разбира на разни други начини.

Ние треба да бидеме подготвени и во потешки состојби од оваа состојба. Затоа, уште еднаш ќе повторам дека Владата на Република Македонија треба да размислува за обезбедувањето на средствата, постојаните средства кои ќе бидат на располагање за да се покријат штетите се поголеми од овие кои можат да се предизвикаат од елементарни непогоди.

На крајот, барам Владата на Република Македонија да произлезе со еден извештај, се разбира, откако ќе помине едно извесно кратко време, со еден точен извештај за предизвиканите штети. Значи, да се види точно со какви финасиски

средства се овие штети и дали е надоместено секое семејство кое е оштетено од овие непогоди. Значи, средствата кои се одвоени од секое семејство, воглавно кое се занимавало со земјоделие или кое имало штети во нивните домови и со тие средства колку можат да ги санираат последиците и штетите од овие поплави, кои во последно време се случија во овие подрачја во Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Абдилаќим Адеми

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам, г-ѓо потпретседател,

Како што е познато по поплавите што се случија како последица од обилните дождови во некои региони во Македонија се предизвикина навистина значителни штети на обработливото земјиште и на домовите.

На самиот почетпл сакам да изразам благодарност на нашата парламентарна група и на граѓаните од регионите кои се опфатени со поплавата, за брзата реакција на Владата и концентрацијата по првото отсликување на теренот и доделувањето на 70 милиони денари како отштета, но и на посетата на премиерот во поплавениот регион и на претседателот на Собранието на Република Македонија во општините Џепчиште и Јегуновце, при што е изразена готовност за помош на овие региони.

Бидејќи овие финансиски средства во износ од 70 милиони денари не се доволни за надомест на штетите на земјоделците, во овој закон кој што се предлага денес се прави обид да се соберат средства од други извори, како што се предвидува со овој закон од солидарни фондови, од донации или доделување на една дневница како солидарност поаѓајќи од сите вработени до пензионерите.

При посетите што ги направивме на овие општини, барање на жителите е да се има поголема контрола на средствата кои ќе бидат упатени до општините опфатени со овие поплави, бидејќи до сега доделените средства од страна на Владата или другите фондови упатени до општините не се употребени за одредени цели, односно не се употребени за санација на штетите кои се предизвикани од поплавите, туку се употребени за други цели.

Затоа, се бара една поголема контрола и поголема транспарентност од страна на Владата, а со органите кои се опфатени од Владата во рок од 6 месеци да се подготви еден извештај до Парламентот, со што транспарентноста ќе биде многу поголема.

Исто така, има барање на неколку месни заедници тие да бидат активни учесници во доделувањето на финансиските средства како ефект од овој закон и другите средства што ќе се доделат од страна на Владата, со цел и тие да бидат учесници во доделувањето или распределбата на овие финансиски средства.

На крајот, сакам да кажам дека ние као парламентарна група ќе го прифатиме и поддржиме усвојувањето на овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Пред да го ставам законот на гласање, ги молам колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање на законот.

Почитувани пратеници,

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Почитувани пратеници, сега следуваат две информации и тоа како точка 8, Информација поднесена од пртатениците Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски и да не ги читам сите предлагачи, значи Информација поднесена од страна на опозицијата, а втората Информација е поднесена од пратениците Драган георгиев, Владо Паунков и да не ги читам сите подносители на оваа Информација, поднесена од страна на пратениците од позицијата.

Согласно член 74 став 2, предлагам Собранието да го усвои Предлогот да се води единствена расправа по двете информации, а посебно ќе се гласаат заклучоците.

Предлогот да се води единствена расправа по двете информации го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот да се води единствена расправа по двете информации е усвоен.

Преминуваме  на точките 8 и 9, кои носат ист наслов:

**Информација за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион во деновите 4, 5 и 6 јуни 2004 година**

И двете информации ви се поделени и доставени.

Отворам претрес по двете информации.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави прво г-динот Драган Георгиев, а потоа нека се подготви пратеникот Ѓорге Паљошкоски.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Преку оваа информација за поплавите кои го зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот, Тетовскиот и други региони и од дискусиите кои ќе произлезат по оваа Информација, потребно е да се долови реална слика за се она што се случуваше во овие региони.

Изненадувачки обилните дождови кои паднаа ноќта на 4 јуни оваа година, а кои во некои општини само за 24 часа изнесуваа повеќе од 150 литри на метар квадратен, како што беше во општина Ново Село, или над 200 литри на метар квадратен како што беше во општина Гевгелија, предизвикаа масовни поплави во соодветните краишта.

Неодржуваните и запуштени речни корита и со години наназад непрочистените одводни канали не беа во состојба да ги прифатат огромните количини вода кои надојдоа, а на сето ова претходеше секако и преполнувањето на браните од претходните врнежи кои се случуваа во претходните месеци.  Во таква состојба на речните корита, браните и одводните канали, неизбежно беше зголемување на водостојот на реките и нивно прекуменрно излевање. Водената стихија предизвика огромни штети во поплавените домови, стопански капацитети, патната инфраструктура и водоводната, електричната и телефонската мрежа, водостопанските објекти и секако беа поплавени над 10-ци илјади хектари земјоделски површини засеани со најразновидни земјоделски култури.

Поради значителни оштетувања на повеќе мостови, регионални и локални патишта и улици, пробиени насипи на брани, многу населени места беа целосно отсечени. Неопходна беше брза мобилизација на најодговорните луѓе во поплавените региони заради брзо екипирање, ангажирање н алуѓе и на целокупната механизација што беше на располагање, посебно од јавните претпријатија, од страна на Армијата на Република Македонија , "Македонија пат" и други.

Во Струмичкиот регион веднаш беше формиран кризен штаб кој ја раководеше и координираше целокупната активност на теренот. Во деновите што следуваат значителна беше соработката и поддршката од страна на Кризниот штаб и Владата на Република Македонија .

Овде сакам посебно да напоменам дека од страна на кризниот штаб на Владата на Република Македонија ургентно беа донесени повеќе тешки машини за општина Ново Село кои работеа и уште работат на санирање на патната инфраструктура и поврзување, посебно на некои од отсечените населени места како што е населено место Зубово.

Посебна опасност во тие први моменти се јави по здравјето на луѓето, бидејќи некои села кои користат подводни води за пиење беа загрозени и како резултат на штетите од поплавите водата беше загадена. Во овие места веднаш почна да се транспортира вода за пиење со цистерни, а во домовите се вршеше дезинфекција и дезинсекција.

Меѓутоа, сите овие штети немаше да бидат толку големи и катастрофални до колку водостопанските претпријатија со години наназад ги одржуваа и прочистуваа речните корита, одводните канали и водотеците и до колку стручно, економски, совесно и рационално се стопанисуваше со браните, со хидромелиоративните системи, односно доколку водостопанските претпријатија беа во подобра финансиска состојба.

Конечно, на сите нас мора да ни стане јасно дека мора постојано да трошиме финансиски средства за одржување и прочистување на речните корита и одводните канали, за сигурност на браните и останатите водостопански објекти, а со цел за успешно наводнување и одводнување на земјоделските површини, пред се. Во спротивно, ваквите штети можат да ни се случуваат и понатаму се додека не почнеме да се однесуваме одговорно и да ги отстрануваме главните причини за нивно појавување. Секако, во никој случај не можеме да влијаеме на тоа колку дожд и во кои региони ќе врне, меѓутоа, секако дека можеме во голема мера, а можеме и

во целина да се справуваме со силните и поројни дождови и тоа тогаш кога ќе имаме силни водостопански претпријатија кои ќе си ја завршуваат својата задача максимално стручно, совесно и одговорно.

Активностите околу проценката на штетите се при крај и овде се вклучени комисии за проценка на штетите формирани од страна на советите на единиците на локалната самоуправа, во соработка со претставнци на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со претставници на Министерството за труд и социјална политика, Кризниот штаб формиран од Владата и други институции.

Владата на Република Македонија веќе одобри 70 милиони денари и дополнителни 24 милиони денари, или вкупно 94 милиони денари кои ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, а пред малку го изгласавме Законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите, настанати во јуни оваа година, во кој е предвидено обезбедување дополнителни финансиски средства по пат на издвојување на еднодневна нето заработувачка по вработен во трговските друштва, јавните претпријатија, корисници на средства од Буџетот на Република Македонија , единицита на локалната самоуправа и Градот Скопје, понатамју, средства остварени од вршители на стопански дејности, средства наменети за пензии итн. Меѓутоа, сметам дека ваквите средства кои ќе се обезбедат и од Буџетот и со овој Закон нема да бидат доволни за целосно отстранување од последиците од поплавите, затоа што штетите се многу поголеми од колку што се очекуваше.

Од сите овие причини, ние доставуваме дп Собранието на Република Македонија Информација за поплавените региони со конкретни заклучоци, преку кои се укажува на Владата на Република Македонија дека е потребно да преземе конкретни мерки и активности кои се содржани во заклучоците.

Голем дел од мерките и активностите кои ги предлагаме веќе се завршени или се во тек и тоа е многу добро. Оние заклучоци кои се однесуваат на санација на браните, поправка на оштетените земјени насипи на реките и каналите и нивна регулација и чистење, поправка на магистралние патишта оштетени од поплавите, санација на водоводните мрежи и сл, иако за сите овие работи се потребни големи средства и ангажирање на повеќе луѓе и механизација, потребно е да се заврШат во што е можно пократок рок. Според мене, најважно од се е да се направи реална проценка на штетите кај индивидуалните земјоделски производители и приватните

стопанственици и да се обезбеди неоходна помош за намалување на последиците настаните од поплавите. Ова претежно се однесува на поплавение земјоделски површини во споменатите региони.

Во Струмичкиот регион и овој пат најпогодени се замјоделците и земјоделските површини, посебно во општините: Босилово, Ново Село и Муртино. Во Струмичкиот регион имаме населени места во кои се поплавени дури и над 90% од засеаните површини. Најпогодени се следните населени места: Зубово, Ново Коњарево, Сачево, Муртино, Турново, Банско, Сушица, Бориово, Колешино, Моноспитово и други населени места. Во многу од овие населени места голем дел од поплавените површини, уништена е и самата обработлива површина во однос на насипување на различен отпаден материјал, чакал, дрвја, песок, камења, мил, пластика и др. и за тие површини е сигурно дека во наредните години ќе имаат значително помали приноси. Како пример ќе ја земам општина Ново Село. Општина Ново Село во 13 населени места, над 12 илјади жители , директно се оштетени и загрозени од поплавите, при што се поплавени повеќе од 25 илјади декари , односно 25 милиони метри квадратни земјоделски површини или претворено во пари, и тоа ако се земат само дадените трошоци од страна на земјоделските производители, земајќи при тоа минимално од 50 до 100 евра декар, би добиле бројка околу два милиони евра направени штети во однос на трошоци за општина Ново Село, што индивидуалните земјоделски производители ги имаат потрошено за засејување за земјоделските површини во општината во 2004 година.

Ако се земе предвид дека во изминатите години земјоделството не одеше како што треба и дека земјоделците се финансиски истоштени до крај, оваа година посебно во општините каде што имаме повеќе од 50% поплавени од вкупните земјоделски површини, потребно е што е можно побрзо давање помош на овие луѓе со цел да се намалат нивните загуби настанати од поплавите.

Овие моменти се тешки за државата, меѓутоа, Владата на Република Македонија треба да изнајде начин да се обезбедат неопходните средства, посебно во оние општини каде висината на штетата е многу голема и токму сега на голем број оштетени лица од поплавите помошта од страна на државата едноставно им е неопходно потребна како никогаш порано.

На крајот, сакам да апелирам до Владата на Република Македонија , покрај другите можноста да се разгледа и можноста за уплатување на придонес по основ на пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија и по однос на

здравствено осигурување на Македонија од страна на Владата на Република Македонија кон фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и за здравствено осигурување на Република Македонија за 2004 година, за индивидуалните земјоделски површини кои прететрпеле значителни штети од поплавите настанити во јуни 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Георгиев.

Повелете г-дине Паљошкоски, а нека се подготви пратеникот Зоран Заев.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ноќта меѓу 4 и 5 јуни оваа година, југоисточниот дел на Република Македонија го зафати досега невидена природна стихија, во која се поплавени многу населени места, домови на луѓето каде живееле, земјоделскиe посеви во кои вложиле многу средства, а од кои требаше да преживеат во тековната година. Во овој момент тешко е да се изразат поплавените обработливи површини во бројки. Во Струмичкиот регионсе оперира со 27 илјади хектари вкупно обработлива површина, па може слободно да се смета половината од неа да биде пропелована , односно во целина изгубено овогодишното производство и тоа без можност повторно да бидат засеани површините, затоа што во нивите не се влегува повеќе од месец дена. Луѓето деновиве со право се разочарани и бараат каква била поддршка и помош од Владата на Република Македонија . Голем дел од земјоделските производители изгубија се што имаат посеано и се поставува прашањето за нивен опстанок. Знаејќи дека голем дел од земјоделците производството го организираат на вересија, се поставува прашањето како ќе преживаат до наредната година. Можеме слободно да заклучиме дека едноставно можат да преживеат ако им се помогне од државата.

Овој пат барам да не се повтори досегашната веќе видена практика од владеачката гарнитура, да се заборави на луѓето кога им е најтешко. Само да ве потсетам на случај со целосното измрзнување на градинарското производство во април 2003 година,како и големите врнежи од град и дожд во месец јули минатата година го зафати северозападниот дел на струмичката котлина, поточно населените места Гечерлија, Петралинци, Чанаклија, Висока Маала и други. Ќе ве потсетам дека за случајот започна расправа која вие свесно и планирано ја оневозможивте да се реализира се со цел да не им се помогне на луѓето кои и ден денес живеат во шок и

длабока разочараност од државата и нејзините институции што не им помогнаа кога им беше најтешко.

Не треба да дозволиме и овој пат луѓето да бидат оставени сами на себе. Под итно последиците да се прогласат за елементарна непогода. Преку конкретни анализи и проценки да се утврди колективната и поединечна штета, во прв ред на земјоделците; санација на инфраструктурата (патишта, водоводи, речните корита, системите за надводнување, мостови и друго).

Пооделно поединечната штета, проценката да се изврши од надлежните државни органи и задолжително со претставници од месните заедници кои имаат најверодостојни сознанија на теренот.

На основа на јавното согледување државата треба и мора да учествува во ублажување на вкупните последици и да покаже дека мисли на своите граѓани. Во случајот за вредните земјоделски производители кои се оставени сами на себе да се грижат и може слободно да се каже дека досега се заборавени во Буџетот на Република Македонија. Во никој случај тие не треба да се чувствуваст дискриминирани во својата земја уште еднаш.

А,сега да се осврнам за струмичкиот регион од каде што и потекнувам за да ве информирам за настанатите штети во општината.

Во општина Струмица по обемните врнежи ноќта помеѓу 4 и 5 јуни 2004 година се направија големи материјални штети и тоа:

Дојде до уривање на времено поставениот мост на река Тркања. Со тоа дојде до прекин на комуникацијата со населбата Градско Балдовце. Беше поплавен и градот Струмица од причини што нема изградено атмосферска канализација и дојде до поплавување на дворните места и улиците и се нанесоа големи штети.

Со изливање на река Струмица поплавени се земјоделските површини во населените места што припаѓаат кон општина Струмица и тоа: Добрејци, Дабиле, Просениково, Баница, Вељуса, Водоча.

Исто така дојде до прекина на патниот правец Просениково према село Сарај.

Во општина Василево истата ноќ помеѓу 4 и 5 јуни 2004 година со паѓање на обилните дождови се придонесе за зголемување на водостојот на реката и браната Турија што резултираше со преливање на браната Турија во река Турија. Со зголемените количини на вода во реката Турија се предизвика поплавување на куќите во долниот дел на населеното место Добрешинци. Беа поплавени 12 куќи.

Исто така од големите количини на вода кои речното корито score неможеше да ги собере дојде до поплавување на земјоделските култури во населените места: Добрешинци, Нова Маала, Чанаклија, Пиперево, и се нанесоа големи штети.

Беа оштетени патните правци во населените места Чанаклија, каде и асвалтниот пат беше оштетен на поединечни места во должина од 250 метри.

На река Турија беше отворен мост на патот према село Добрешинци.

Во населеното место село Чанаклија беше поплавен базенот за вода за пиење и на одредени места искршен заедно со цевките за излез на водата.

Во општина Босилево обилните дождови предизвикаа огромни штети по изливањето на река Турија и река Иловача. Беа поплавени куќи во населените места Петралинци, Радово, Бурилово, Босилово и Турново.

Исто така беа поплавени земјоделските култури во атарите на населените места Петралинци, Радово, Бурилово, Босилово, Турново, Секирник, Еднокуќи и Робово.

Има оштетен мост на локалниот патен правец Просениково - Сарај према Гечерлија.

Има оштетено локални патни правци во населените места према патот Турново - Бориево, Турново - Радово, Гечерлија - Сарај - Петралинци.

Во општина Муртино по обемните дождови беа поплавени населените места Муртино, Моноспитово, Банско и Сачево.

Овие населени места може слободно да се каже дека на одредени места беа поплавени од 70 до 90%, сите дворни места и во одредени области каде има и куќи, куќите беа поплавени.

Земјоделските култури кои се под пластеници засадени со раноградинарски култури исто така беа поплавени.

Во село Банско во должина од 500 метра водоводна мрежа е уништена. Патниот правец Банско - Куклиш во должина од 200 метри е оштетен и прекинат.Во село Сачево асвалтниот пат е во прекин.

Во општина Ново Село по обилните дождови со изливањето на реката Струмешница од левата и десната страна беа поплавени земјоделските култури во атарите на населените места и тоа најмногу во село Зубово, Сушица, Ново Село, Мокрено, Смоларе, Ново Коњарево, Самоилово.

Во село Зубово беа поплавени 75 куќи, оштетени локалните патишта Ново Село према Мокриево, Габрово, Мокрено, Борисово, Колешино, Смоларе и Самоилово.

Исто така во село Мокрино и има оштетување на зафатот за водоснабдување на населените места и оштетување на дворни места со големи наноси од земја, камења и дрва.

Од сето напред изнесено му предлагам на Собранието на Република Македонија да ја усвои Информацијата за поплавите кои го зафатија струмичкиот регион, валандовскиот регион, гевгелискиот регион, тетовскиот регион на деновите 4 и 5 јуни 2004 година и му предлагам на Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија да прогласи елементарна непогода во сите населени места наведени во Информацијата. Да се изврши проценка на штетите нанесени на земјоделските производи и да се обештетат земјоделците. Да се регулира оштетената инфраструктура во населените места и како најодговорно да се прочистат речните корита во сите населени места во Република Македонија за да не страдаат граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи пратеникот Зоран Заев се откажа, а го најавив, морам да го кажам, а сега е на ред господинот Владо Паунков, а нека се подготви Силвана Бонева.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Во ноќните часови помеѓ 4 и 5 јуни над јужниот и југоисточниот дел од Македонија се отвори небото и истури огромна количина на дожд. Такви интензивни врнежи не паметат ни најстарите жители на општина Богданци. Огромни количини на површински води потекоа во сливното подрачје на брана Паљурци. Малата пошуменост на сливното подрачје како и големите стрмнини на теренот резултираа низок коефициент на ретардација на отечувањето на површинските води. Во горните текови на суводолиците од сливното подрачје изградени се повеќе мали акумулации, оформени се земјено насипни брани. Истите, иако со мала зафатнина, од 10 до 450 метри кубни успешно обезбедуваат доволни количини на вода за лозовите насади. Истовремено низ години помагаат за намалување на поплавниот бран. Од истите причини граѓаните на општина Богданци согледувајќи ги благодетите на хидротехничките објекти вложуваа сопствени средства и труд за да ги изградат

истите, а со тоа да овозможат скротување на поплавните води и ставање во функција на истите за современо земјоделско производство.

Уште во 1952 година граѓаните од општина Богданци пристапија кон израдба на регулација на коритото на река Луда Мара. Изведбата на овој објект беше императив за идниот стопански развој на градот и општината.

Изградено до бетонско минор корито, а со насипите обезбедено е мајор коритото. Како куриозитет целокупниот зафат изведен е без градежни машини. Целокупната делница поделена е на секој жител од Богданци и сите ископи и приготвување на бетон и изградба на насипите е рачно работено. Изградени се масивни камени каскадни објекти на коритотото и на сите суводолици кои се сливаат во река Луда Мара.

Во функција на скротување на буичните води и обезбедување на доволна количина квалитетна чиста вода за наводнување како и современ систем за наводнување во 1978 година граѓаните од Богданци од сопствени вложени средства на основа на кои се обезбедени кредитни средства ја изградија брана Паљурци и современ хидромелиоративен систем за наводнување на богданска котлина.

Браната Паљурци обезбедува акумулационен простор за наводнување од 3.200.000 м.3 вода. Истовремено обезбеден и акумулационен простор за намалување на евентуален поплвен бран.

Во системот на акумулацијата изграден е тиролски зафат со таложни и доводен цевовод на река Габрошка за доведување на дополнителни количини на вода од сливното подрачје на Габрошка река во акумулацијата Паљурци.

Во ноќните часови кога потекоа огромните површински води предизвикани од интензивните врнежи во општина Богданци веќе преполнетите мали акумулации немајќи обезбеден празен акумулативен простор, како и несоодветниот капацитет на преливните органи за овие води потекоа истите преку круните на телата на земјано насипните брани и истите за час се разрушија и огромни акумулирани количини на вода потекоа кон брана “Чинарли”.

Преливниот орган на брана “Чинарли” кој не е проектиран за такви количини на вода делумно е разрушен, а исто така дел од водата краткотрајно прелива преку круната на телото и делумно врши ерозија на узводната косина на телото на браната.

Испод браната “Чинарли” целосно е уништен рибник, како и пропратните објекти на истиот.

Огромниот поплавен бран доаѓа во акумулација “Паљурци” и врши на веќе полната акумулација покачување на нивото на водата и истото, за голема среќа застанува за само 20 см. до круната на браната. Ја исполнува потребната резервна висина во случај на појава на на бранови. Таквата голема височина на водениот столб овозможува преливање на водата преку преливниот орган од 233330 м3/сек. Со оглед дека истиот е димензиониран за количина на вода од 160 м3 /сек. Таквата огромна вода врши уништување на бочниот зид од брзотокот, а онаму каде што треба да е слапиштето го разорува речното корито и со тоа го уништува доводниот цевовод узводно од браната на три делници. Истовремено ја поткопува узводната ножица на трупот на браната.

Во разулавената водена стихија не заостанува ни водата од “Габрошка река”. Го уништува таложникот на тиролскиот зафат и целиот доводен цевовод. На својот пат водената стихија ги збришува сите каскатни прегради по должина на реката, ја уништува халата на “Рапид гас” и трафостаницата ја однесува заендо со речниот нанос.

Здружените водени маси од Луда Мара и Гаврошка удираат во производствените хали на фабриката за приколки “Млаз”, ги насипува со речен нанос сите машини и репроматеријалите ги носи со себе. Веднаш го разрушува бетонскиот мост на реката и на 100 метри од истиот ја поткопува столбната трафостаница на пумпното построение за снабдување на градот со вода за пиење во горните зони, ја однесува за да се изгуби некаде во речниот нанос.

Количината на води се неколку кратно поголеми од проектираната прописна моќ на речното корито. Од тие причини имаме разливање на водите преку насипите од двете страни на истите и притоа нивната разурна моќ ги уништува земјоделските посеви, како и однесување на плодната почва или насипување со речен нанос.

Неколку суводолици кои минуваат низ урбаната средина на градот радијално се вливаат во коритото на Луда Мара. Огромните количини на вода од овие суводолици извршија уништување на десниот насип на Луда Мара, а со тоа овозможија надојдените води во истата да поплават и уништат земјоделски посеви и добра по должината на реката.

Водената стихија нанесе незапамтени штети на заедничките и индивидуалните добра. Уништи дел од конструкциите на оранжериите во месноста Воденичар, а целосното производство во 48 хектари оранжерии беше поплавено и со тоа истото уништено. Од долготрајната  поплавна вода во која имаше присуство

на фекалии од градската канализација растенијата угинаа и целокупниот род се распаѓа. Уништени се раноградинарските посеви под пластеници воглавно кај индивудуалните производители. За вакво производство потребно е вложување на огромни средства, труд и знаење. Сето тоа е уништено токму во моментот кога земјоделецот требаше за 20 дена сето тоа да го материјализира.

Од водената стихија однесено е цело стадо од 250 овци на овчар кој целиот свој век го издржувал своето семејство од тоа стадо. Уништена е целокупната полска патна инфраструктура. Состојбите во градот наликуваат на сцени од некој хорор филм. Стрмната конфигурација на градот, како и огромните количини на вода предизвикаа огромни кратери по улиците, уличната мрежа, длабоки дури и до 5 метри. Уништени се над 20 лесни возила и оштетени се неколку тешки возила.

Ископани и однесени се делови од водоводната и канализационата мрежа, како и направена е огромна штета на електричната и телефонската мрежа.

Капиталинот објект од комуналната инфраструктура кој требаше овие денови свечено да биде пуштен во употреба - колектор за фекална вода во должина од 6,5 километри целосно е уништен и разнесен од разулавените води по полето и во река Вардар. Вредноста на истиот е 400.000 евра.

Оваа водена стихија на општина Богданци ги уништи објектите кои макотрпно ги градеше во период од 50 години и тоа за само една ноќ. Ги доведе граѓаните во очај. Тие раскрстиле со тоа дека својата сопствена иднина ја градат воглавно потпирајќи се на сопствени сили.

Почитувани пратеници,

Во ваков кризен момент улогата на локалната самоуправа го доби вистинското место и ја зацврсти нејзината оправданост. на чело со градоначалникот веднаш формираниот кризен штаб ги определи приоритетите за справување на ситуацијата пристапувајќи со сопствени средства кон отстранување на опасностите по граѓаните и добрата и нормализирање на животот во градот. Брзото вклучување на Владата преку своите министри господинот Владо Поповски и господинот Љубомир Јанев во разрешувањето на настанатата ситуација ја зацврсти вербата на граѓаните од општина Богданци во државата и го врати оптимизмот во општината. Со оглед на тоа што настанатата ситуација ги надминуваше можностите на општината, вклучувањата на Владата за надминување на состојбите преку исклучивата способност на министрите за организација и стручност веднаш градот Богданци како и општината се претворија во огромно градилиште од градежни машини.

Како прв приоритет беше обезбедување на електрична енергија и здрава вода за пиење. Екипи од цела Македонија, а во Богданци во Кавадарци пристапија кон оспособување на поплавената трафостаница и разурнатата електромрежа. За два дена пуштена е електирчната енергија, а со тоа пуштени се и пумпите за водоснабдување на градот со претходно санирање на оштетената водоводна мрежа.

Патниот правец Богданици - Стојаково пуштен е за еден ден со санирање на оштетениот мост на “Луда Мара”.

Регионалниот патен правец Гевгелија - Богданци - Дојран воспоставен е уште првиот ден со расчистување на истиот во делот од градот со сопствена градежна механизација. Вклучена е механизацијата на водостопанските претпријатија од Берово, Радовиш, Кавадарци и Битола, механизација на градежни претпријатија, а како најбрза пристигна механизацијата на Армијата на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

За нормализирање на состојбите во општина Богданци потребни се огромни средства, упорност и желба. Од тие причини апелирам Владата на Република Македонија да опстои со овој започнат тренд и да овозможи во општина Богданци како и во другите поплавени општини да се нормализираат состојбите.

Претстои огромна работа. Огромни количини нанос во должина од 10км. треба да се исчистат од коритото на реката  “Луда Мара”, огромни количини на материјал треба да се вградат во двата насипи на истата река по цела должина. Потребно е да се изгради и санира уништеното бетонско корито, потребно е да се санираат оштетувањата на другите хидротехнички објекти. Овие зафати ќе дојдат како приоритет после оспособувањето на хидромелиоративниот систем “Паљурци” со што ќе се овозможи за два дена наводнување на се она што не е оштетено од водената стихија.

Огромниот број на поплавени индивидуални станбени објекти се исчистени и дезинфекцирани.

Се припрема веднаш да се пристапи кон дезинфекција на земјоделските површини. Од денес ќе се пристапи кон миење на улиците и плоштадите при што е вклучено ЈП “Хигиена” од Скопје. После тоа ќе се пристапи кон дезинфекција на истите.

Почитувани пратеници,

Општина Богданци преку формираните комисии врши процена на настанатите штети од невремето што ја погоди. Во нјкраток можен рок истите ќе бидат нумерички

утврдени. Меѓутоа, едно е сигурно, на населението од општина Богданци веднаш му е потребна материјална помош, пред се на земјоделските производители, како и на стопанските субјекти за да им се створат услови за продолжување на работните активности со што ќе се створат предуслови за производство и егзистенција на истите.

Општина Дојран која граничи со општина Богданци ја зафати невремето. Притоа нанесени се штети на индивидуалните објекти, стопански објекти како и на комуналната инфраструктура. Оштетен е мостот кај браната “Чинарли” и истиот е поправен. На неколку места има оштетувања на цевоводот на хидромелиоративниот систем за спас на Дојранско Езеро и истиот е вон употреба.

И на општина Дојран потребна е помош за надминување на состојбите од страна на Владата со оглед на тоа што штетите ги надминуваат можностите на општината.

Подрачјето на општина Валандово, во деновите 04 и 05 јуни 2004 година го зафати силно невреме проследено со олујни врнежи кои за едно денонокие наврнаа над 200л/м2, што предизвика излевање на водите надвор од речните корита. Од невремето беа причинети огромни штети на земјоделските култури, инфраструктурните објекти, индивидуалните станбени објекти, земјоделските објекти (оранжерии), складишта и магазини.

Од надојдените води беше срушен мостот на регионалнит пат Р-604 Валандово-Дојран, со што беа а и сеуште се отсечени населените места Собри и Дедели како и прекината е комуникацијата спрема Дојран. Исто така поради надојдените води и наносот, на неколку места беше прекината кумуникацијата на регионалниот пат Р-110 Валандово-Марвинци клучка Марвинци, како и комуникацијата на регионалниот пат Удово - Струмица кај с. Јосифово. Поради излевањето на надојдените води времено имаше прекин на сообраќајот и на магистралниот пат М-75 Скопје-Гевгелија на делницата Удово - Марвинци.

Од земјоделските површини на кои се засадени повеќегодишни насади и едногодишни градинарски, поледелски и други култури, вкупно се поплавени над 1500 ха и 30 ха оранжерии при што е причинета огромна штета со целосно поплавување и уништување на културите, основните средства и објекти.

Од невремето прекинато е водоснабдувањето на населените места Удово, Јосифово, Дедели, Брајковци, Балинци, Марвинци. Исто така оштетени се и ставени вон функција канализационите мрежи во Валандово и Удово.

Оштетени се системите за одводнување и наводнување, како и коритата на Анска река, а поплавени се и пумпните станици Брајковци, Страиште и Јосифово.

На локалните патишта и улици има оштетување и наноси на: Локален пат Оранжерии-Казандол, Собри-Валандово, Башибос-Прстен, Раброво-Башибос-Кочули, Јосифово-Горна Мала-Удово и на други места.

Поплавување има и на индивидуалните станбени објекти, особено во населените места Марвинци, Собри, Чалакли, Раброво, Брајковци.

Од страна на општината веднаш се превземени мерки за намалување и спречување на поголеми штети и санирање на состојбите. Преку ангажирање на градежна механизација ставени се во функција сите комуникации, освен Регионалниот пат Валандово-Дојран, каде што е скинат мостот. Направени се напори за обезбедување на друг пристап, но поради високиот водостој не може да се интервенира иако механизацијата е на лице место.

Формирани се стручни комисии за увид на лице место и проценка на конкретните штети, како и отворена е постапка во која граѓаните и правните субјекти ќе можат да ги пријават своите штети.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мојата дискусија е елаборација за информацијата за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион која информација денес е точка на дневен ред на Собранието на Република Македонија. Како еден од подносителите ќе зборувам исклучиво за Струмичкиот регион и населените места од петте општини во овој регион кои беа зафатени со поплавите, бидејќи сметам дека за другите региони свој осврт ќе дадат други колеги кои потекнуваат од тие региони.

Имено, сите сме информирани дека обилните дождови кои наврнаа на почетокот на јуни оваа година меѓу другите места и во Струмица и Струмичко направија штети од огромен непоправлив и би рекол неповратен карактер за жителите од овие подрачја. За да успеам да ја доловам важноста на целта што сакаме да ја постигнеме со поднесувањето на оваа Информација и заклучоците кои произлегуваат од истата во кратки црти ќе ми дозволите да кажам по нешто за секоја

од струмичките општини зафатени од поплавите. Посебно ќе елаборирам за општините, затоа што карактерот на штетите, дел од причините за штетите, импликациите од самите штети во секоја општина се различни во голем дел, иако генерално за сите важи ист причинител, а тоа се обилните дождови.

Во општина Струмица накратко состојбата е следна. Налетот на буиците од повисокиот дел од градот предизвикаа поплавување на домовите, подрумите, деловните простории и дворните места во пониският дел од градот. Исто така, создадоа огромни наноси на песок, миљ и отпаден материјал скоро во сите улици. Поплавување имаше и во населените места Градско, Балдовци, Просениково, Дабиље и Добрејци. Огромни количини на вода кои надојдоа по реката Тракања предизвикаа уривање на мостот кој го поврзува населеното место Градско-Балдовци со Струмица и целосно ги отсече жителите на оваа населба од градот. Обилните дождови и излевањето на реките Тракања и Турја поплавија земјоделски површини засеани пред се со високо продуктивни земјоделски култури под пластеници и оранжерии кои дел од нив беа и пред берба. Причини за настанатите штети покрај обилните дождови се и запуштените речни корита и одводните канали кои допринесоа последиците да бидат уште поголеми. Затоа, како што е нагласено во заклучоците од оваа информација, очекувам Владата да обезбеди средства за чистење и регулација на речните корита и одводните канали и повеќе да не се повторуваат вакви штети, а имајќи предвид дека овие речни корита и канали не се чистени од 70-тите години па наваму.

Посебно би потенцирал мостот пред населба Градско-Балдовци очекувам да добие приоритет, односно веднаш да се отпочне со негова изградба, затоа што граѓаните од оваа населба целосно се отсечени од градот. Јас верувам дека тоа и веќе е разгледувано на Владата и ќе биде еден од приоритетите за општина Струмица. Жителите на општина Струмица кои што се дирекно погодени од поплавите, пред се оние чии земјоделски површини беа целосно уништени, очекуваат помош од Владата поради тоа што ги изгубија сите изгледи и можности за остварување на било какви приходи за своите семејства.

Во општина Муртино штетите настанати од поплавите се огромни и тоа пред се на засеаното земјоделско производство кое во најголем дел е уништено. А мора да имаме во предвид дека околу 90% од жителите на оваа општина живеат исклучиво од земјоделието. Не постојат повеќе можности за засадување на нови земјоделски производи, а со тоа се губат сите шанси за остварување на било какви

приходи на земјоделците. Има штети на одредени улици и патишта во општината, меѓу кои однесен е и насипот на новиот пат од село Куклиш до село Банско, уништен е дел од водоводната мрежа во Банско, има поплавено дваесетина куќи во населеното место Сачево итн. Граѓаните пред се очекуваат регулација и чистење на Моноспитскиот канал и реката Тракања и помош за семејствата чии домови и земјоделски површини беа поплавени.

Општина Ново Село за која општина поширока елаборација даде мојот колега Драган Ѓорѓиев е исто така една од општините кои се доста оштетени од поплавите. Директно се оштетени околу 10 илјади жители и поплавени се преку 2 илјади хектари засадени земјоделски површини. Во поедини населени места како Зубово не може да се издвои земјоделска парцела која е засадена, а не е уништена. Во ова село жителите за да ги спасат своите домови беа принудени изливите на реката Струмица да ги насочат кон своите земјоделски површини и кон површините кои ги користи приватната сточарска фарма во село Сушица. Значи, неколку дена селото Зубово буквално беше отсечено и немаше пристап до него. Во повисоките населени места буиците од вода носеа огромна количина на камења кои предизвикаа големи штети во овие места, уништени се повеќе патишта и улици во општината, а исто така има и доста оштетени куќи.

Во општина Василево покрај големите количини дожд, излевањето на браната Турја која во одредени моменти преливаше и со преку 42 $м^3$ во секунда вода и излевањето на реката Турја која не можеше да ги прифати сите тие количини на надојдена вода предизвика поплавување на куќите во село Добрашинци и земјоделските површини во Нова Маала, Чамаклија, Пиперево, Радичево, Владевци, Сушево, Василево. Наносите од вода уништија 250 метри пат и го поткопаа мостот на реката Турја. Во населеното место Добрашинци беа евакуирани 12 семејства или 56 жители.

Општина Босилово исто така беше цел на невремето и поплавите и овде штетите пред се се исклучиво на земјоделските култури, односно површини. И денеска после 10 дена од невремето околу 20% од вкупните поплавени површини сеуште се под вода. Во оваа општина се одгледуваат пред се високо продуктивни рано градинарски култури кои беа или во екот на бербите, како на пример краставиците, или пак допрва требаше да се почне со берби на домати, или пиперки од чија продажба исклучиво живеат околу 80% од жителите на оваа општина. Локалното население во селата непосредно до реката Струмица буквално се

бореше против излевањето на реката со насипи од вреќи полни со земја, обидувајќи се да ги спасат своите домови и земјоделски површини. Штети има на одреден број куќи, патишта и мостови.

Генерално би сакал да извлечам што е заедничко за сите овие општини како би го формулирал и крајниот заклучок од оваа моја елаборација и дискусија.

Прво, во сите општини неопходно е итно поправање на водоводните мрежи, патната инфраструктура и оштетените мостови.

Второ, задолжително мора да се обезбедат средства за поправка, чистење и регулација на речните корита и одводните канали кои како што напомнав претходно не се чистени од 70-тите години. Тие се причинители и на поплавите во поедини места досега во помал размер кои се имаат случувано во Струмичкиот регион, можам да кажам и скоро секоја година. На пример село Сачево се поплавува премногу често, дури и при мали количини на дожд.

Трето, невремето и поплавите во почетокот на јуни во Струмичкиот регион во кои околу вкупно 70% од вкупниот број на жители егзистираат пред се од земјоделието ја уништија секоја надеж за остварување на егзистенцијалните приходи на овие граѓани на Република Македонија.

Очекувам доста од Владата, а денеска сум и повеќе убеден во намерите на Владата да им помогне на овие граѓани. Тоа го велам поради следните причини. Присуството на премиерот и голем број министри во поплавените региони и увид на лице место од нивна страна ни даваат такви оптимистички намери. Изјавата на премиерот во поглед на помошта за поплавените региони и пред се преку денешната потврда на сериозно сватениот проблем пред кој е исправена Владата и решението на Владата преку предлагање на закон за обезбедување на средства за давање на помош на општините за отстранување на последиците од поплавите кој денеска го донесовме во Собранието, а кој закон според мене претставува извонредно решение за проблемите кои настанаа од ова невреме и поплави.

Искрено се надевам дека Собранието ќе ги усвои овие заклучоци кои што се поднесени во Информацијата на која што и јас сум подносител, со што и ние како претставници на граѓаните на Република Македонија ќе ја покажеме нашата загриженост за настанатата состојба и ќе овозможиме помош на дирекно погодените наши сограѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 14,00 часот.

По паузата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, а нека се подготви пратеникот Петар Апостолов.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам г. претседателе, колеги пратеници,

Јас г.претседателе, ќе се придржувам на вашето укажување и ние пратениците од СДСМ нема да тактизираме со барањето на збор, оставаме опозицијата и понатаму да продолжи да тактизира за пријава за дискусии по оваа точка од дневниот ред, затоа што тие така оцениле дека треба да бидат гледани во попладневните касни часови од нивниот електорат. Ние сметаме дека ова прашање, односно на ова прашање не треба да се тактизира и не треба да се заработуваат политички поени,  затоа што сметаме дек аневољата не смееме да ја користиме никој, дури ни опозицијата за добивање на политички поени. Исто така, затоа што сметаме дека во овој момент не е нималку важно кој штокажува, тукунапротив, кој што прави, бидјеки на народот веќе му е преку глава од кажување и со кажување ништо не може да постигне, но се постига само со акции и со делување на теренот, кој што навистина во моментов ние ја правиме на теренов.

Ислушав повеќе дискутанти и одлучив мојов денешен говор за една ваква сериозна точка на дневен ред да не биде фактографски, мислам да не биде од фактографски карактер, затоа што од страна на јавните медиуми повеќе од доволно изминативе денови беше презентирана состојбата. Мојот говор денеска ќе акспктирам по однос на одговорноста односно на причините за настанатата состојба на одговорноста за настанатата состојба и целокупниот наш однос кон работите кои што ни се случуваат.

Почитувани колеги, сакам да кажам дека во претходниве години нашиве земјоделци цела наша држава, особено од нашиот Струмички регион, затоа што сакам да го потенцирам ова нашиот регион е земјоделски и препознатлив по раноградинарски земјоделски производи, често пати земјоделците со право укажуваат на тешката состојба во која што се наоѓаат. Но, почитувнаи коелги, она што го гледате вие деновиве на видео записите на телевизиските станици ни од далеку не е во состојба да го долови она што навистина на теренот моментално е во Струмичкиот регион. Простете што ќе зборувам само за Струмичкиот  регион во

мојот говор, тоа ќе се однесвуа на сите останати поплавени подрачја. Но, ќе се осврнам, затоа што таму јас лично ги видов состојбите и таму ја знам целокупната состојба по однос на ова што денес ни се случува.

Жалосна е колеги пратеници, состојбата во сите населени места, а особено во поплавените места Саќево, Зубово, Ново Коњарево, Доброшинци и нек аи простат сите останати кои што во моментов не можам да ги спомнам. Повторно ќе кажам, опозицијата да прекине со политички маркетинг по ова прашање, затоа што навистинакај народот ова не пали, туку заеднички да бараме начин како полесно да им ја подобриме, односно да им ја олесниме и така тешката состојба на нашето население и барем за момент во оваа непогода да не ги гледаме и да не ги третираме како гласачи.

Не можам говоров да не го почнам дека сето ова што ни се случува овие денови е наша заедничка негрижа, јавашлук, а би додала уште во последнивце три децении од негрижата практично на сите нас, сета оваа наша негрижа ни се удри изминативе денови од глава. Поплавите по којзнае кој пат силно не опоменаа и ни пратија порака дека со природните сили не можеме да си играме и да се однесуваме незаентересирано. Тие  не можат да се скротат, но ние можеме последиците да ги предвидиме и да ги ублажуваме. Ние, секогаш на жалост како да сме научени да ги поставувам работите на глава, а не на нозе. Сега, наместо да дискутираме какви превентивни мерки да преземаме, во што да ги инвестираме финансиите, за жал, ние зборуваме за мерки за заштита за финансирање на нешто да се санира.

За волја на вистината сакам да констатирам дека и од средствата за јавно информриање доволно е експлоатирано деновиве дека цели 3 децении одводните канали во Струмичкиот регион не се чистени. Вината ја сносиме сит ение, почнувајки од јавните претпријатија, потоа негрижата на сите нас, нашиот менталитет и нашата алчност.

Инаку, како да го протолкуваме, прво, ќе почам од почеток. Фактот што ретки се површините барем во Струмичкиот регион каде што функционираат одводните канали, за прифаќање на вишок на вода, а во поголем дел се и овие  канали узорпирани. На некои места канали и воопшто не постојат. Исто така нажалост е се повеќе зачестена појавата на кражба на материјали од обранбените насипи на реките. Но, колеги пратеници, сакам да ја исакнам овдека и одговорнсота на јавните претпријатија и одговорнсота на месното население и на сите нас. Но, и би сакалда да издвојам еден посебен бисер, кој верувам дека тешко може да се сретне на некое

друго место, кога сегашната опозиција, која што сака сега жестоко да критикува, да ја критикува власта, а тогаш на власт во 1998 година, сите сеуште свежо се сеќаваме кога на земјоделците им ветуваше меѓу другото дека нема да плаќаат воден надоместок. Со образложение дека водата е природно богатство, и дека таа припаѓа на сите и дека таа не треба да се плаќа. Па, кога власта вели дека нешто не треба да се плаќа, нормално е дека народот тоа го прифаќа и не плаќа. И сега се прашуваме зошто одводните канали не ни функционираат. Затоа што не може сами од себе да функционираат. Затоа што средства нема, затоа што средства не се прибираат, а водостопанските претпријатија навистина сносат вина, но тие располагаат само со сопствена механизација за изведување на регулациони работи и за сите одобрени средства за регулација на водотеци или системи за одводнување извршуваат со сопствената механизација 10% од вредноста на работите со сопствено учество.

Во оваа и во минатата година и во претходните 4 години, кога беа на власт сегашната опозиција, едвај претходните години 2%, а сега некаде е стигнат процентот до 12,6 на наплата на воден придонес, односно за користење на водите. И сега се поставува прашање, не дека јавните претпријатија и државата не се виновни, но дали може со овие средства нормално да се аботи, одговорот е секако не. И сега се чудиме зошто во последните години кога имаме обилни дождови доаѓа до поплава. Или како да се протолкува фактот, покасно сигурно ќе слушнеме жестока критика од опозицијата, кога поранешната Влада им доделуваше концесии за црпење на чакал од реките, да ги спомнам сега Турјак кој што , со кој што директно се влијае на водотекот , односно на прибирањето или изливањето на водите кои што протекуваат низ овие реки, а која во поплавите оваа река прави и најмногу штети.

Значи спомнав зошто од 1950 односно 1970 година, не се исчистени или барем еднаш до двапати од 1950 година, е извршено регулација на овие голем број на водотеци од планините кои што се околу Струмичкиот регион. Жалосна е состојбата со водотеците во Струмичкиот регион. Ако и обичен човек го прашате кои се приоритети во Струмичкиот регион ќе ви каже дека приоритет е сигурно патото, приоритет е пречистителната станица но најголем приоритет во општина Струмица се одводните канали, односно чистење на Моноспитскиот канал кој што ги опфаќа сите водотеци од сите нови општини кои што произлегоа од старата општина Струмица. И тука не треба посебна филозофија.

Сега да се осврнам па на односот на локалната самоуправа , кон ова прашање. Функционирањето  и работењето на локалната самоуправа и локалните јавни претпријатија исто така е посебен проблем, затоа што и локалната самоуправа ,односно одреден број на водотеци се во надлежност на локалната самоуправа. За два мандати во Струмица , каде што да кажеме во овие, патем да спомнам дека во овие изминати 8 години на валст е опозицијата, односно имаме градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ, не е преземено ништо за поставување изградба на основна инфра структура за спречување од поплави, а за воља на вистината се занимаваме со изградба на споредни објекти, подвозници, кружни текови, регулирање на сообраЌај, хортикултура, градење на фонтани и слично. И сега се прашуваме, дали ова сето што го градиме ни е потребно или доволно е само едно поппладне стихијата да ви однесе се и како ништо да не сме направиле. Во контекс на сето ова , па и сакам да потсетам дека парите  од Телеком, јас заради сето ова што се случува деновиве успеав да извадам еден преглед, како се трошени парите на Телеком, и со моето скромно знаење можам да констатирам дека овие средства не се искористени на најдобар можен начин. Во Струмичкиот регион има повеќе проекти кои се финансирани од средствата на Телеком, но не сакам да констатирам дека овие објекти каде што е инвестирано со средства на Телеком дека не се значајни за општина Струмица. Но, сакам да потенцирам дека од средствата на Телеком ниту еден денар не е искористен за инфраструктура , за она што претходно гокажав дека претставува приоритет на граѓаните на општина Струмица.  Повторно сакам да потенцирам дека не сум против изградбата на овие објекти кои што се во Прегледот , тие се сигурно значајни и за нашата држава, меѓутоа, се прашувам дали некој не се сети дека прво потребно е да си ја регулираме базата односно да се осигураме  да ги исчистимеодводните канали кои што претставуваат приоритет, па потоа да градиме нешто , кое што ќе го подобри животот во нашиот регион.

На крајот, зошто би ни биле тие училишта,патишта, водоснабдителни објекти ако, пак ќе повторам, во еден миг , какошто тоа го направи водената стихија, се ни однесе. Зарем не можеше да се инвестира во чистење на водотеците, зарем не можеше да се инвестира во изградба на пречистителна станица, која што е посебен исто така проблем во општина Струмица, затоа што водите од реката Тракајна каде што се вклучени фекалните води од градот и се излеваат точно врз површините и врз дворовите на сега поплавените населени места. Значи, секогаш кога пристапуваме кон еден проблем потребно е да ја решиме причината за нештото, а

не сега да бараме одговорност и да критикуваме кога веќе последицата настанала и веќе штетите се евидентни.

Сето ова досега е од лошо водена политика на сите нас и работењето од денес за утре без да имаме концепт и без да мислиме подолгорочно што е за нас значајно. Доколку сакате уште нешто да потенцирам , еден лош приемр уште на работа. Локалното јавно претпријатие и државното јавно претпријатие никао не можат да се усогласат кој да земе поголем колач во распределбата на средствата, кој што евентално државата би ги наменила за инфраструктура, пак водејќи популистичка политика,пак водејќи политика за добивање на политички поени, кој во кое време направил или изградил нешто.

Да не ми замерат колегите од опозицијата дека во моето досегашно излагање само спомнувамнекои работи за однос, за одговорност да не ме обвинат дека не сакам да ги спомнувам штетите од поплавите. Сакам да кажам дека штетите се огромни. Сакам да кажам дека ги подржувам сите активности што ги презеде Владата до сега. Нависитна, колку и да сака опозицијата да критикува дека Владата до сега ништо не направила, тоа не може да го стори, затоа што на теренот Владата постојано делува. Народот од поплавените подрачја тоа го гледаат. Впечатокто не може да биде срушен ама со било каков говор овде од страна на опозицијата, затоа што се преземаат сите мерки во рамките на можностите, се со цел да се санира сето она што може да се санира.

Од сето напред изнесено, колеги пратеници, сакам да потенцирам дека треба да ја усвоиме оваа информација со заклучоците коишто се предложени од страна на пратениците на СДСМ, затоа што јавноста не ја знае инфорамцијата , ниту заклучоците, ние пратениците тука ги имаме и информациите и заклучоците. Единствено нешто по кое што се разликуваат и Информацијата и заклучоците с е тоа што опозицијата бара прогласување на елементарна непогода, а во останатито дел заклучоците се идентични.

Опозицијата може да бара прогласување на елементарна непогода, пак, за да добие политички поени. Меѓутоа, колеги пратеници, сигурно ќе се согласите со мене. Не е важно како ќе ја крстиме состојбата. Важно е какви мерки ќе преземеме за санирање на состојбата важно е да ги лоцираме причините за последиците кои ни се случуваат сега.

За да не должам многу, може би ќе се јавам со реплика, подоцна, од овие причини напред што ги изнесов, ја поддржувам информацијата, нормално затоа што

сум јас и еден од поднесителите на информацијата, ги поддржувам заклучоците кои треба да бидат донесени, апелирам и опозицијата да се соземе, да гласаме за заклучоците, вака како што се формулирани, затоа што кажав во што се разликуваат и да ги донесеме овие заклучоци и да и дадеме поддршка на Владата да продолжи со санирање на состојбата на теренот за да можеме подоцна да зборуваме за отстранување и елиминирање на причините кои доведуваат до вакви состојби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Којзеклиска имате реплика 3 минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сакам само да ја потсетам почитуваната колешка Цветанка Ивановска, дека со тоа што од почетокот на нејзиниот говор со намера го сврти вниманието на причините што довеле до поплавите, во струмичкиот регион. И пак за ова почитувана колешке виновна е опозицијата.

Јас мислам дека досега најмалку 100 пати на говорница имам кажано дека опозицијата не е на власт во Република Македонија сега,на власт е позицијата каде припаѓате вие, посебно на Социјалдемократскиот Сојуз и кога сме веќе кај причините вие рековте дека сега не било важно како да помогнеме, мислам а да се концентрираме на тоа како да им помогнеме на луѓето кои се зафатени со поплавите. Меѓутоа, да ве потсетам дека во оваа конкретна ситуација штетата веќе е направена. Штети имаме, значи треба прво на населението да им се помогне во овој случај, а потоа како луѓе кои се на власт и кои и мислите добро на народот, треба да се концентрирате на превенцијата на која вие инсистирате. Со уредување на водните канали, со препунктни станици и сето она што е потребно за заштита.

Ова што велевте, зошто зарем не можеше да се инвестира во чистење на водетеците е прашање кое можевте да го поставите и на вашите колеги од Социјалдемократскиот сојуз од 1950 година како што рековте, самите дека 30 години тука ништо не е инвестирано.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓа Иванова. Повелете.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитувана колешке Којзеклиска, точно е на населението треба да им се помага, и навистина се помага и тоа денонокно сме во контакт и претставници на

Влада и ние како пратеници и мислам дека тоа најдобро го чувствуваат населението од поплавените места.

Опозицијата не е на власт колешке, но беше и имаше доволно огромни средства да издвои кој е приоритет за сите региони таму да инвестира а и е на локално ниво се уште за жал на власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Апостолов, нека се подготви пратеникот Силвана Бонева потоа.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседател, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Мојата дискусија ќе биде сосема спротивна од дискусијата на колешката пред мене, бидејќи јас не сакам никого да обвинувам, бидејќи во заклучоците веќе имаме она што треба да го санираме, туку единствена цел ми е да ви ја прикажам реалната состојба за време на поплавата односно што се случуваше таа ноќ, бидејќи јас бев еден од оние кои се бореа со водената стихија, и за среќа јас бев од тие 10 до 15% кои успеаа да се одбранат и во вториот дел на дискусијата за можности за изнаоѓање на мерки кое донекаде би ја санирале оваа состојба.

Значи основна цел е прикажување на денот да го наречам денот ден, односно 4.06. и после првите три до 4 дена. На 4.06 во попладневните часови во Гевгелиска општина од невремето што беше опфатена цела Ѓевгелиска општина,посебно градот Ѓевгелија, наврнеа за 24 часа, околу 213 литри на метар квадратен дожд. Таква состојба во последните 25 години а тоа се податоци од хидрометеоролошката станица не се никој пат регистрирани.

Состојбата се усложни со пробивањето на насипот на новата брана Топлиц и излевање на водите и исто така излевање на водите од заштитниот канал Раљуљот и околните суводолици, потоци и речни текови.

Низ процепот на браната, во текот на ноќта дојде до излевање на поголема количина од акумулираните 200.000 м3 вода. Во исто време надојдените води од Сува Река предизвикаа оштетувања и пробивање на заштитниот бетонски зид, при што дојде до делумно излевање на истата, во градските подрачја. Со еден збор Ѓевгелија личеше на езеро со 10-15% островкса површина, а тоа беа местата што не беа опфатени од поплавата. Буквално се беше под вода, а воззачите мораа да се спасуваат кој како знаеше и умееше бидејќи буицата ги носеше пред себе. Значи 85 до 90% од станбените објекти беа поплавени, пред се по подрумските простории, а

во пониските региони водата навлезе и во приземјето. Исто така, како последица од поплавите неколку куќи за живеење беа целосно урнати и скоро сите стопански капацитети, а посебно во индустриската зона која се наоѓа во североистожниот дел на градот, како и погоните и магацинските простории во близината на железничката станица беа под вода.

Што се однесува до патната инфраструктура која ја видовме утредента во саботата, можеме да кажеме дека сите локални и магистрални патишта помалку или повеќе беа оштетени. Три моста на патните правци кон Ново Коњско, кај Мрзинци и пред селото Кованец, беа целосно скинати, мостот на патот за Моин беше оштетен. Патот Негорци - Кованец, во должина од околу 400 метра целиот беше однесен од пороите, регионалниот пат 103 беше прекинат. Тоа е патот од село Прдејци до с. Негорци. Покрај тоа беа прекинати и сообраќајните врски, а населениете места Негорци, Прдејци, Кованец, Моин, и туристичкиот локалитет Смрдлива Вода беа целосно отсечени.

Исто така, на две места беше оштетена железничката пруга и тоа кај селото Мрзенци и кај мостот на Сува Река, на македонско грчката граница.

Дополнителни проблеми се создадоа со тоа што напојувањето со електрична енергија беше прекинато, а и фиксната и мобилната телефонија не беа во функција, а тоа уште повеќе ја усложни и така сложената состојба, пред се спрема ониe села и населби кои беа отсечени.

Поради оштетување во прекин беа водоснабдувањето во Негорци, Богородица, Мрзенци, Прдејци, Моин, Ново Коњско и Кованец, како и граничниот премин Богородица и Негорски бањи.

Огромните штети во земјоделското и на водостопанските објекти, сигурнио по приоритет требаше да ги става напред, но тоа не го направив од причина што тоа се првични согледувања за штетите во земјоделството и не се конечни, а се однесуваат за општина Гевгелија, Богданци, Стар Дојран и Миравци.

Сега малку подетално би се осврнал на овие штети што настанале во земјоделските и водостопанските објекти.

Од првичните согледувања се оценува дека зафатена е вкупна површина со зејоделски култури над 2000 хектари и тоа како едногодишни така и повеќе годишни насади, пред се, во повеќе годишните спаѓаат лозовите насади и овошните насади.

Кај првните субјекти најголеми штети има кај оранжеериското производство каде што имаше засеано над 69 хектари од кои 30 хектари практично се поплавени,

дел од културите однесени и конструкцијата оштетена. Од овие 30 хектари со домати има 25 хектари кои се очекуваше околу  2000 тони производство, а од 5 хектари посеани со краставици се очекуваше производство од 500 тони, но поради поплавувњето и задржувањето на водата подолго време, ќе дојде и до суштење на растенијата.

Исто така на површина од 7 хектари од пластеници, целосно е уништено производство со бостан и компир, како и дел од конструкцијата.

Кај индивидуалнит епроизводители најголеми штети има кај градинарските култури, доматите 100 хектари, а се очекуваше производство на 5000 тони.

Во градинарските култури имаше штети кај кромидот, компирот, краставиците и другите култури или се поплавени или едноставно земјиштето е однесено. Исто така, да не ги набројувам по хектари има огромни штети кај индустриските култури, фуражните култури итн.

Од долгогодишните култури, пред се од лозарството и овоштарството, зафатени се околу 300 хектари кај кои поголем дел од земјиштето е однесено, а на еден дел е оштетена конструкцијата и лозите, а поголем дел се поплавени и бидејќи подолг период се под вода штетите допрва ќе се утврдуваат. Во целина можеме да кажеме дека од вкупно 2000 хектари зафатена површина со разни едногодишни култури, се очекуваше над 14.000 тони производство, а додека кај повеќе годишните култури, како што спомнав, штетите подоцна ќе се утврдуваат.

ВЕднаш по поплавите се формира општинскиот кризен штаб кој постојано заседаваше и излегуваше на терен и ги координираше и следеше интервентните мерки за првично санирање на штетите.

Исто така претставниците од Владата на Република Македонија, министрите Владо Поповски и Љубомир Јанев, кои беа задолжени од владата за следење на активностите и се она што се случуваше околу поплавите, навистина беа активно вклучени во се она што се случуваше после поплавите.

Сега накратко би набројал дел од активностите кои беа преземени од страна на општинскиот и регионалниот кризен штаб и тоа веднаш после поплавата.

Активностите, веднаш по поплавата, во Гевгелија беа насочени кон првично санирање на водостопанските и објектите за водоснабдување и оштетената патна мрежа, заради повторно воспоставување на сообраќајната врска со населените места кои беа, како што реков пред малку, отсечени. Поради оштетувања во прекин беше и водоснабдувањето во Негорци, Богородица, Прдејци и Моин, и затоа беше

организирано водоснабдување со цистерни кои беа обезбедени од Ѓевгелилја, Неготино, Кавадарци и од АРМ.

Од страна на противпожарната единица и СВР Ѓевгелија, се формираа шест екипи кои со пумпи за испумпување на водата од поплавените станбени и стопански капацитети, истовремено беа активирани и сите приватни фирми и индивидуалните земјоделци кои за оваа цел имаа пумпи за наводнување, а сега се користеа за одводнување.

Бидејќи без покрив над глава останаа осум семејства со 25 членови, беше организирано ново привремено сместување во Негорски Бањи и во Хотелот Пелагонија. Во Црвениот крст на загрозените семејства им се доделија ќебиња и паќет за лична хигиена, а од страна на Центарот за социјални работи се делеше еднократна парична помош.

Во општина Ѓевгелија веднаш почна пријавување на штетите на градежни објекти и земјоделски посеви, од страна на граЃаните, како и на стопанските капацитети и другите установи од страна на правните субкјекти.

Општинските комисии за проценка и утврдување на висината на штетите, преку своите подкомисии секојдневно вршат увид на теренот врз основа на поднесените пријави и согласно приоритетниот распроед. Според првичните проценки штетите се огромни, како кај домаќинствата, така и кај земјоделските посеви, стопанските капацитети и инфраструктурните објекти.

Оценката на општинскиот кризен штаб, тоа е од 10.06.2004 година е дека состојбата е под контрола, а интервентните мерки за санација на состојбата се одвиваат согласно договорените активности.

Иако состојбата во општината полека се стабилизира, поради големите оштетувања и натаму нормалното живеење и работење се одвива во отежнати услови. Самопомошта и взаемната помош на граѓанит еод општина Гевгелија, дојде до израз. Досегашната помош од општината и државата беше ефикасна и навремена. Но, заради обемот на штетите ги надминува можностите на општината за санирање на состојбата и сигурен сум дека Владата на Република Македонија ќе најде најоптимални решенија за санирање односно ублажување на состојбата.

Сметам дека во сегашни услови најголем приоритет треба да се даде на дезинфекција на јавните установи, индивудланите станбени објекти и стопански објекти кои беа поплавени, а посебно дезинфекција на јавнит еповршини, бидејќи,

предпоставувам и во другите градови, флекалната и атмосверската вода се мешаат, па има опасност од некои епидемиски болести.

Од ова место осеќам една морална абврска од граѓаните на општина Гевтелија да им се заблагодарам пред се на министрите Владо Поповски и Љубомир Јанев, Јавните водостопански претпријатија од Кавадарци и Неготино, АРМ, Фондот за магистрални и регионални патишта, Македонијапат, не заради тоа што некои од овие имаат морална законска обврска, пред се затоа што неверојатно толку брзо интервенираа на терен. На некои им се јавувавме во сабота после 1 часот, и тие со своите возила и механизација во недела веќе во 8 часот беа на теренот.

Исто така, на крај сакам да апелирам до осигурителните компании за навремено исплаќање на премиите, пред се за извосно ориентираните претпријатија, заради запазување на роковите кои се поврзани за извоз.

Пратеничката група на ЛДП ќе ги поддржи заклучоците поднесени од пратениците, но не само од СДСМ, како што рече предходната пратеничка туку од пратениците од СДСМ, ЛДП и ДУИ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Апостолов.

Повелете госпоѓо Бонева, а потоа нека се подготви пратеникот Абдилаќим Адеми.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија и Демократската партија на Албанците потпиша една Информација, која што се разликува само во едно нешто од колегите од власта, а тоа е нашето барање, упорно барање да биде прогласена елементарна непогода во регионите кои што беа зафатени со катастрофалните поплави, со огромни штетни последици по граѓаните од тие региони.

Се согласувам со колешката од Струмица пред малку што дискутираше дека на народот му е преку глава од кажувања, од самооткажување и од печалење политички поени, туку му треба акција и тие лично да почувствуваат дека навистина има акција. Затоа, ние како пратеници, а и извршната власт треба да тргнуваме од

тоа да направиме се што е во наша моќ, за да може навистина вистински да им помогнеме на граѓаните и тие тоа да го почувствуваат.

Беше кажано дека на тереното Владата на Република Македонија постојано делува и дека народот тоа го гледа и дека тоа не може да се сруши со било каков говор од опозицијата. Многу погрешно поставени тези, опозицијата не е тука да го руши работењето на Владата на Република Македонија, она што го сработила. Опозицијата е тука да каже што треба уште да превземе Владата на Република Македонија за да му помогне на народот кој што настрана во овие поплави. Значи, не е наша цел да рушиме нешто што направила Владата на Република Македонија. Сметаме дека сите ние треба заеднички напор да направиме, се' што е во наша моќ и да укажеме од каде можат одредени средства да се најдат и како најефикасно можеме да им помогнеме на настраданите подрачја и на граѓаните од овие региони.

Беше кажано дека е важно најпрвин да се лоцираат причините за последиците да не се повторат. Јас најпрвин ќе кажам дека ВМРО-ДПМНЕ инсистира најпрвин на тоа да биде прогласена елементарна непогода заедно со сите други потписници од другите политички партии кои ги наведов, само од една единствена причина. Тоа е да создадеме една цврста обврска на Владата на Република Македонија за постапување кој оди во прилог на сите настрадани од овие подрачја. Сметаме дека Законот за заштита од елементарни непогоди е доволна обврска на Владата на Република Македонија, бидејѓи самата Влада упатува на методологијата, на единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди, врз основа на кои се прават разни проценки на теренот, врз основа на кои сега функционираат општинските комисии, доставува до републичките комисии проценки. Во исто време, имавме можност денес да чуеме дека Владата на Република Македонија, и донесовме сите ние тука, закон со кој се одзема по една дневница од сите граѓани во државата кои што работат, кои што се вработени, се' со цел да им помогнеме на настраданите подрачја, односно на граѓаните кои што ги зафати оваа елементарна непогода. Меѓутоа, ваквиот закон произлегува најпрвин од Законот за заштита од елементарни непогоди. Не може да се распределуваат средствата според Законот за условите и начинот на користење на средства, на солидарност за отстранување на последици од елементарни непогоди. Значи, врз основа на овој закон да се делат овие пари денес, што беше кажано да се соберат од граѓаните, а претходно да немаме прогласено елементарна непогода. Сметам дека тоа нема логика и бидејќи јасно е кажано во Законот што е елементарна

непогода и е дадено во дефиницијата помеѓу другото и во единствената методологија, дека елементарна непогода во смисла на оваа методологија се и поплавите, кои што може да го загрозат животот и здравјето на луѓето или имотот во поголем обем, а имавме можност да чуеме од премиерот Хари Костов кога конечно после една недела отиде на местото на настаните и виде колкав е огромен обемот на штетата која што ја претрпеа граѓаните. Дури тогаш тој кажа не било во толкав обем колку што претпоставувала Владата. Значи, требаше премиерот Хари Костов и министерот за земјоделие да оди веднаш или наредниот ден барем пред седницата на Владата на Република Македонија во понеделникот, да има сознание, за да има слика пред себе зошто одлучува 70 милиони да бидат дадени од Буџетот и дека нема потреба од прогласување на елементарна непогода, за да една недела после тоа самиот си кажа дека нивната проценка не била таква како што е вистинската ситуација на теренот.

Сметам дека и токму заради тоа е предложен законот да се земе по една дневница, на кој што исто така сакам да се задржам, од сите граѓани и со тоа да се компензираат штетите кои што ги претрпеа овие граѓани од овие региони. Несакам да се задржувам, сите мои колеги претходно кажаа колкав е обемот на штетите што ги претрпеа граѓаните, како тие сметаат дека можат да излезат од овие состојби. Значи сега, суштината на нашите дискусии треба да биде откога се создаде една слика и од кога ја имаме сликата создадена во медиумите, што треба да направиме како Парламент и извршна власт, се со цел да им помогнеме на нашите граѓани.

Значи, неспорен е фактот дека треба да биде прогласена елементарна непогода, за да може да се користат средствата дури и од Законот што денес го изгласавме, бидејќи ќе се распределува, повторно ќе кажам, според закон за отстранување на последиците од елементарни непогоди. Ако дотогаш Владата на Република Македонија не смисли некој друг закон, тогаш тоа е друга работа, меѓутоа во моментот самиот министер посочи на овие закони кои што сеуште се важечки во Република Македонија.

Сега сосема накратко ќе кажам зошто е важно да се лоцираат причините за последиците да не ни се повторат и зошто е важно, повторно ќе пворзам и зошто упорно бараме да се прогласи елементарна непогода и во овој контекст. Имавме пред година дена, во 2003 година неколку настани, еве конкретно јас ќе тргнам од Струмичкиот регион, иако не ги исклучувам и другите региони во државата коишто исто така претрпеа значителни штети. На пример општина Босилово, општина

Василево, во овие општини имаше такво невреме кога буквално горниот слој на земјата беше однесен и беше во ваква состојба како што денес се наоѓаат некои делови од Струмичкиот регион. И тогаш граѓаните беа заплетени во една процедура според оваа методологија за процена на штета од елементарна непогода, општините работеа, проценка на штета имаше, се даваа проценките до Републичката комисија и се застана таму за до ден денес, на многу пати повеќе од страна на опозицијата до власта да каже, што направила Републичката комисија и зошто не ги обештетува граѓаните и до денес, повторно ќе кажам, немаме одговор. Значи, не постоеше никаква обврска за Владата на Република Македонија да реагира и да им исплати било какво обештетување на граѓаните. Тоа се случи и со измрзнувањето во месец април што беше во Струмичкиот и во други региони, кока буквално беа уништени цели лозови насади, овоштарници, раноградинарски култури. Значи, токму од овие причини, повторно да не се случи Владата на Република Македонија да ги заплете нашите граѓани во долгите процедури, во барање на средства за обештетување, проценки на штети и сето тоа да се достави до републичките комисии, повторно за возврат да не добијат ништо, сметам дека треба да постои вистинска законска обврска на Владата на Република Македонија за постапување. Токму заради тоа бараме прогласување на елементарна непогода.

Понатаму, зошто е потребно да скренеме внимание исто така на она што го баравме како опозиција во месец декември, кога се случија поплави повторно во Струмичкиот регион, кога имаше опасност да пукне Маркова Брана и тогаш, сите пратеници знаат и македонската јавност знае, дека ВМРО-ДПМНЕ бараше да се постави точка на дневен ред. Со тоа баравме во еден од заклучоците задолжително да се исчистат каналите и речните корита, да не ни се случи повторно поплава во Струмичкиот регион, да не гледаат луѓето постојано во облаците и да го молат Господ да не падне дожд, заради тоа што се затрупани каналите, а немаат моќ, очигледно се виде и Јавното претпријатие за стопанисување, водостопанското претпријатие да ги исчисти овие канали, бидејќи никако не постапи. Владата на Република Македонија како извршна власт, не наложи да бидат исчистени овие канали, за да не ни се случи повторно истото. Значи, немаше постапување од страна на Владата на Република Македонија. Јас навистина жалм што воопшто мојата колешка од Струмица разговараше, односно укажуваше дека опозицијата е виновна за тоа што не се исчистени каналите во Струмичкиот регион, па макар и во другите региони, аналогно на тоа, бидејќи, ќе ја потсетам само на тоа дека ВМРО-ДПМНЕ

беше на власт само четири години и во тоа време за жал, ако за неа не е ништо, инвестирањето во инфраструктурните објекти кои што беа направени првин во Струмичкиот регион, изградбата на Маркова Брана, речиси изградена, понатаму Имовичка брана и градењето на училишта, да не зборуваме на здравствени амбуланти. Таа сето тоа така го игнорираше и вели зошто ние се училишта кога ќе се поплават и дека ВМРО-ДПМНЕ не направил ништо за чистење на каналите.

Во исто време таа самата беше контрадикторна дека повеќе од 20 години не се исчистени речните корита и каналите. Ако е така, тогаш кој има најголем дел од одговорноста за нешто што воопшто ништо не направил. Дали е тоа ВМРО-ДПМНЕ кој што сепак инвестирал во инфраструктурни објекти, или пак СДСМ кој што толку време беш на власт и денес е на власт и повторно ништо не направи и покрај сите наши укажувања и покрај тоа што не се гледа буквално во која инфраструктура во државата нешто вложува. Што изгради во државата, па еве, дури ни она што ние пратениците инсистиравме и упатувавме дека може да ни се случи катастрофа од уште поголеми размери. Тие апсолутно го игнорираа тоа и со ништо не постапија навистина да бидат исчистени речните корита.

Јас сметам дека само во 2003 година Владата на Република Македонија имаше од вкупно планираните капитални трансфери средства за реконструкција и изградба на инфраструктурата помеѓу кои што беше наведена и водоводната инфраструктура, односно водотеците, чистење на реките, на коритата. Тука секако заслужно место треба да има, односно требаше да влезе и конечно регулирањето на коритото на Реката Вардар. Имавме можност да чуеме од градоначалникот на Јегуновце дека 400.000 евра, колку што се сеќавам, биле потребни за регулација на коритото на Реката Вардар, а сега над милион евра се потребни за санирање на штетите. Овие населени места кои што се наведени во Информацијата од Тетовскиот регион упорно се поплавуваат, само заради тоа што Владата на Република Македонија не реагираше, а имаше предвицено во Буџетот во 2003 година за оваа намена, за реконструкција и изградба на инфраструктура, од тие пари потроши само 9%. Значи, само 9%, останаа средства без да се регулира со нив ниту коритото на Реката Вардар, ниту одводните канали, ниту речните корита, од кои што денес се поплавени огромни површини и населени места.

Каде е тука почитувани дами и господа одговорноста на Владата на Република Македонија која можеше да спречи да не ни се случи такво нешто. Беше предупредена од страна на опозицијата и дали постојано со години на ред таа ќе се

правда со ВМРО-ДПМНЕ кога бил на власт дека не постапил и тие се оправдани за било кое постапување сега. Иако им се укажува, иако и самите предвиделе средства во Буџетот на Република Македонија а не ги искористиле воопшто за таа намена. Тука нема оправдување и мора Владата на Република Македонија да има одговорност за ова што им се случи на граѓаните, бидејќи повторно ќе кажам, беа предупредени. Повиците беа и од градоначалниците на Јегуновце за регулација на речното корито на Реката Вардар и од нас пратениците за Струмичкиот регион да бидат регулирани каналите.

Понатаму ќе спомнам, каде се искористени средствата планирани, планирани средства од дивидендата од “Телекомот”, исто така планирани за инфраструктурни објекти во државата, кои што не се искористени ни 50% во 2003 година. Повторно тука сега ќе се навратам на Законот кој што беше предложен денес, а кој што вие почитуван претседателе не ни дадовте многу убаво да го образложиме зошто, зошто ние сакавме да кажеме, сметаме дека најпрвин Владата на Република Македонија треба да ги искористи буџетските средства, буџетските резерви, пред да помислува да допред до џебот на граѓаните. Граѓаните во Република Македонија и земјоделците и пензионерите се многу сиромашни, токму заради однесувањето на Владата на Република Македонија, заради огромните давачки кои што им ги наметна и повторно вели дека Буџетот на државата е празен, дека нема пари за вакви сериозни катастрофи кои што се случуваат во државата. Ова се случува само на еден дел од територијата, што ќе биде ако имаме со пошироки размери поплави, тогаш јас навистина не знам како Владата на Република Македонија ќе се снајде и во каква состојба ќе бидат граѓаните на Република Македонија.

Спомнав за 2003 година што е тоа што останало во Буџетот, а не било искористено. Еве сега да ви кажам за 2004 година. Во првите четири месеци се реализирани инвестиции, значи капитални инвестиции во првите четири месеци во вредност од само 700 милиони денари, наспроти планираните 8 милијарди денари. Значи, имаме остварување овде во Буџетот, потрошено е само 8,75% од планираните расходи за капитални трошоци.

Овде јас сакам да поставам прашање на Владата на Република Македонија, зошто кога имаат потрошено толку малку пари за капитални трошоци и веќе еве шести месец сме, помина петти, значи шести месец сме, веќе половина од годината, тие сигуро точно знаат за кои проекти одделиле средства во Буџетот и кои нема да ги реализираат, бидејќи е шести месец. Истите тие средства, бидејќи се планирани и

одвоени, а веќе сме во сериозна опасност истите да не се искористат, само треба да ги пренасочиме и да ги употребиме за она што во моментот е ургентно, а нема поургентно од состојбата со поплавите во Република Македонија. Дали требаше да се посегне повторно по џебот на граѓаните, или требаше да се искористат овие пари за проекти кои што биле планирани, а еве до шести месец не се реализирани во државата. Дали не требаше да има искористување на овие планирани средства за инвестиции, бидејќи еве, повторно ќе кажам, ни лани, кога од планираните 9 милијарди беа искористени само 5 милијарди или тоа е приближно 50% од она што е планирано. Зошто овде не се остави простор да се дискутира под итно овие пари да се пренаменат и да им се дадат на граѓаните да се решат состојбите со поплавените региони, навистина луѓето да бидат и обештетени, меѓутоа и да им се даде надеж за идно нивно живеење.

Беше донесен пред малку законот од кој што основица за издвојување на дневницата претставува платата исплатен до крајот на месец јуни, па во таа насока ме интересира кога всушност мисли да ги обештети граѓаните кога до крајот на месецот сеуште наредниот месец ќе пресметува основици за пресметка на издвојувањата и дали ќе ги обештетува луѓето после два месеци, или кога ќе биде тоа? Наместо веднаш да бидат преземени активности, согласно со тоа што има пари во Буџетот, овие пари кои ги спомнав и од "Телекомот" и од буџетските ставки, повторно се растегнува периодот на интервенирање, на собирање пари од граѓаните, колку ќе бидат тие пари што ќе бидат собрани никој не знае точно да каже и кога ќе бидат собрани. Значи, повторно граѓаните треба да си чекаат, да си чекаат кога ќе и текне на Владата на Република Македонија да интервенира.

Понатаму, воопшто не се знае со носењето на овој закон колкав обем на средства ќе се собере, дали толку колку што е потребно, бидејќи немаме процена на штетата, дали ќе се собере повеќе. Што од повеќе собраните пари, кои што нема да бидат искористени, јасно и гласно треба да се каже, или ако се собере помалку пари отколку што им е потребно на граѓаните, повторно треба да се каже дали повторно ќе носиме ваков закон за уште една дневница. Значи, навистина е потребно многу сериозно Владата на Република Македонија да се однесува кон оваа проблематика и навистина не е единственото решение по брза постапка да изгласаме закон само за давање по една дневница од сите вработени во државата и дека со тоа сме го решиле проблемот. Но, мора многу сериозно да се одговори на сите овие прашања, повторно ќе кажам и за парите што не се искористени од "Телекомот" и од Буџетот

што можат да се искористат и каде е одговорноста и на министерот за земјоделие, кој што неколку пати на моите пратенички прашања одговараше дека тоа си е работа на граѓаните, тие не плаќаат воден надоместок на јавните претпријатија за стопанисување со водите и дека тој нема никаква одговорност, ниту Владата на Република Македонија. Дали сега Владата на Република Македонија нема одговорност за сите овие штети што настанаа, а имаше јавно претпријатие кое можеше да биде натерано на начин што е утврден со закон да си собере средства, или пак Владата на Република Македонија да интервенира од овие пари кои што пред малку ги спомнав.

Понатаму, морам да спомнам дека во иднина во однос на превентивата, мора многу сериозно да се води сметка и за сечењето на шумите во Република Македонија, кое може да биде огромна брана за евентуални идни поплавувања во државата. Меѓутоа. навистина треба да се има еден сериозен однос кон богатството кое што не е само за нас, кое треба да го оставиме и на идните генерации.

Во општина Струмица се случи со поплавите, водите од планината Беласица кога надојдоа да носат камења кои што се тешки по неколку тони и да се струполат врз населените места во Подгоријата и за среќа немаше човечки жртви.

Тоа е само резултат на тоа што буквално се бричи шумата. И за претседателските избори најнормално се сечеше шумата и продолжува и онатаму да се сече. Интервенираа многу здруженија на граѓани, екологисти и беше во еден момент сопрено бричењето на шумата на планината Беласица. Тука многу сериозно Министерството за земјоделие треба да поведе сметка. Не повторно да се навраќаат и да велат во времето на ВМРО-ДПМНЕ некој сечел шуми и сите тие треба во времето на СДСМ истото тоа да го прават.

Јас не велам дека некој не злоупотребувал и во времето на ВМРО-ДПМНЕ да се сече неовластео шума меѓутоа, тоа е ужас што се случуваше за време на претседателските избори кога масовно се сечеа шумите на Беласица и сега имаме носење на огромни камења и може да дојдеме до состојба да не се запре ерозијата, ниту пак носењето на вакви камења коио што можат да ги убијат граѓаните во наслебите под Беласица.

Повторно да се навратам да не ширам многу, ќе кажам само едно. Дека Владата на Република Македонија мора многу посериозно да се однесува кон елементарните непогоди кои што ги зафатија овие краишта од каде што доаѓаме скоро сите пратеници. Сметам дека моите колеги пратеници навистина, ќе

размислат за аргументите кои што им беа кажани зошто е потребно и зошто ние како опозиција навистина инсистираме да стои во заклучоците дека бараме од Владата да прогласи елементарна непогода и зошто треба да бидат погледнати буџетските средства од каде може директно и во ист момент да се интервенира во загрозените подрачја, со цел граѓаните да не се остават и понатаму да се гушат во оваа елементарна непогода.

Во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам од моите почитувани колеги да ги изгласаат заклучоците кои што ги имаме предложеон со првиот заклучок за прогласување на елементарна непогода во краиштата, кои што се наведени во Информацијата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Бонева, меѓутоа, јас сакам да додадам еден коментар . Јас сум навистина фасциниран дека се спремивте за оваа седница, посебно во делот каде што ги алоцирате можните средства што можат да се употребат, но се е тоа во ред, ако тоа го направевте со амандмани. Бидејќи вашава задача како пратеник и како опозиција не би требало да заврши со ваква една дискусија, завршува со амандмани. Вие такви амандмани не дадовте и затоа јас тогаш ве прекинав да не го дискутирате законот, бидејќи во таа фаза се интервенира само со амандмани. Јас не гледам зошто вам ви беше тешко да поднесете амандмани од Телеком  или од тие капитални средства да се одвојат одреден број.

Второ, сеуште не е доцна, ако сметате дека така треба, имае право да поднесете нов закон во врска со обештетувањето. Така што, јас ниту сум ве спречил да дискутирате по постојната точка . Бидејќи сега дискутиравте, јас само одев по Деловникот , она што значи точка на дневен ред.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Однапред знаевме дека амандманите нема да бидат прифатени, затоа што неможевме да се усогласиме со нашите колеги за елементарната непогода  да стои внатре, значи однапред беше  утврдено дека поинаку ќе се постапува. И сеогаш кога опозицијата предлага нешто, позицијата не ги прифаќа разумните предлози кои што се даваат од страна на опозицијата. Штом сметате дека власта, односно позицијата има намера паметните предлози на опозицијата да ги земе предвид, ние во најитно време ќе доставиме закон  од каде омжат да се земат од буџетските ставки пари, за да можат да бидат под итно обештетени граѓаните на Република Македонија . Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Причината дека нема да бидат прифатени амандманите, вас не ве амнестира од псотапката како пратеник сепак да си поднесете амандмани.

Г-ѓа Ивановска имате реплика, повелете.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе, почитувана колешке јас однапред знаев како вие ќе дискутирате. Во духот на тоа што вие го кажавте дека однапред сте знаеле , нашата функција е да поднесуваме амандмани, иако однапред знаеме, можеби и претпоставуваме дека нема да бидат прифатени.

На почетокот на репликата ќе го цитирам мојот колега Најдовски, кој што во една прилика рече на туѓата несреќа не се гради сопствената среќа , односно не се гради политички маркетинг, или не се собираат политички поени.

Поплавите што се случија на 4, 5 и 6 на иницијатива во саботата на 6-ти беше формиран кризен штаб од коалицијата за Македонија заедно, односно СДСМ и на ЛДП на кој што кризен штаб беше поканета и г-ѓата Бонева и г-динот Паљошкоски кој што не присуствуваа во постојаното заседавање на тој кризен штаб кој што беше проширен, токму заради интервенција на примарните места. Сакав да интервенирам на дискусијата во делот каде што кажа дека г-динот Хари Костов после една недела се сети да го посети Струмичкиот регион. Во саботата во кризниот штаб присустуваа градоначалниците на општините кои што се од ВМРО-ДПМНЕ и активно соработуваат со кризниот штаб , се со цел да им се помогне на граѓаните, а не да се градат политички поени. И благодарам за соработката на сите учесници во кризниот штаб и јавниоте претпријатија кои што навистина, активно учествуваа.

Во оваа прилика исто така сакам да кажам и граѓаните во населените места кои што иако неорганизирано на еден солидарен начин помагаа да не дојде до поголеми катастрофи во оваа поплава.

Во саботата г-динот Јанев, министерот за екологија го посети кризниот штаб и не повика медиуми од тоа да гради  политички поени дека еве Владата се грижи, туку го посети кризниот штаб, имавме оперативен состанок на кој што беа донесени заклучоци за приоритетите за интервенција . Тоа беа Сачево, Моноспитово, Зубово со конкретни точки кои што ги потврдија сите градоначалници на општините Ново Село, Босилово, Струмица и Василево кои што беа присутни со нивни конкретни извештаи , конкретни мерки за најзагрозени точки таму. Во неделата г-динот Поповски задолжен за поплавите исто така го посети кризниот штаб каде што г-ѓата

Бонева не беше присутна за да се преземат итни мерки. Во понеделникот, Владата врз основа на тој плереминарен извештај донесе заклучоци со кои што итно беа одобрени 70 милиони денари за најитните мерки , тоа беше чистење и други мерки , еднодневната заработувачка и ревизија на сите програми на сите министрства токму заради тие приоритети кои што треба да ги превземе Владата за кои што ние поднесовме во заклучоците за кои што зборуваше г-ѓата Бонева. И затоа сметам дека е некоректно во таква дискусија да се препукува кој повеќе е загрижен дали СДСМ дали ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате една минута г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Најпрвин навистина ми е смешно тврдењето на мојата колешка. Изгледа не знае кои се ингеренциите на нас пратениците и кажа дека на иницијатива на пратениците од власта бил формиран кризниот штаб во Струмица и другите општини. Тоа е работа на советите на општините и ниту таа ниту пратениците ги формираат кризните штабови, а за она дека на туѓа несреќа не се гради среќа и дека ќе спечалиме ние политички поени, јас се обидов воопшто на ничија несреќа да не градам сопствена среќа, туку да укажам како може несреќата на граѓаните под итно да биде санирана од буџетските средства. Понатаму дека за тоа пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не биле на состанокот на кризниот штаб, јас лично бев известена во 17,50 часот дека во 18,30 часот има кризен штаб, седница а сеуште не бевме тргнати од Скопје. Да летавме, сигурно немаше да стигнеме во Струмица на време и ние бевме тие пратеинчката група на ВМРО-ДПМНЕ уште во понеделник сабајле поднесовме информација до Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули имате три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас ќе бидам пократок . Навистина сакав да го цитирам г-динот Најдовски но мислам дека лош предвидувач е колешката Бонева затоа што во паузата неколку граѓани се јавија горе во канцеларија да кажат дека без разлика на нивните примања тие сите сочувствуваат со сликите што ги гледаа на телевизија и сакаат да помогнат и да одвојат од нивната дневница, без разлика дали се во првата категорија на пензионери, или со примања помалку од 8 илјади денари, така да апелирам навистина, да не ги злоупотребуваме граѓаните, сите граѓани на Република

Македонија сакаат да им помогнат на луѓето што претрпеа катастрофа и затоа да не си играме ниту со едните ниту со другите, да не бараме посебни причини за некоја политичка промоција и затоа апелирам, не се точни, лоши се предвидувањата , чекаме паметни предлози кога ќе дојдат ќе ги прфатиме од опозицијата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева имате една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Јас воопшто не кажав дека граѓаните на Република Македонија не сакаат да им помогнат на граѓаните од настраданиот регион Стумичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот.

Точно е тоа дека сите сиромашни граѓани на Република Македонија бидејќи се сиромашни, знаат што значи мака и сакаат да им помогнат. Меѓутоа, јас сакав да кажам, што е тоа што државата треба да го направи и мора да го направи од тие пари од овие сиромашни граѓани што им зела а им стојат на сметката, стојат во Буџетот на државата, а не сака да ги искористи и повторно удира по џебот на граѓаните. А не дека граѓаните не сакаат да помогнат на граѓаните од овие региони и дека нема да им помогнат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Правило број 1 не е битно што кажавме, битно е како сме сфатени.

Повелете г-дине Абдураким Адеми.

АБДУРАКИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседател,  почитуван министер, почитувани колеги,

Како последица на пороите кои ги опфати Република Македонија  на 4 и 5 јуни оваа година се поплавија неколку подрачја во Републиката , причинувајќи соодветни штети како во земјоделството, во живеалиштата и инфраструктурните објекти. Треба да се нагласи дека поплавите во истите подрачја се случија и минатите години. И ние и како жители, но и како власт секогаш се занимаваме со последиците предизвикани од поплавите. Мислам дека тоа што ние и групите што треба да го направат во моментот е да ги анализираме причините зошто се случуваат овие поплави и кои се факторите кои влијаат за овие поплави. Од Информацијата за која разговараме и врз основа на информациите кои доаѓаат од поплавените подрачја произлегува дека поплавите воглавно се случиле од оштетувањата и нефункционирањето на каналите за наводнување. Ова пред се во општина Гевгелија, Струмица, Валандово и општина Тетово. По конкретно во општина

Желино и општина Џепчиште. Додека во општина Јагуновце поплавите се случија поради стеснување на коритото на реката Вардар. Од тука омжеме да констатираме дека во овие поплави , покрај лошите атмосферски услови влијаеше и факторот човек. Пред се, од одржувањето да речеме од несоодветното третирање на каналите за наводнување од претпријатијата за водостопанство кои се наоѓаат во тешка финансиска состојба како последица на тоа и неможноста да ги одржуваат овие канали за наводнување. Исто така, со узурпацијата на реката Вардар и узурпирајќи го неговото корито, во кој случај надлежните органи ќеги анализираат причините за поплавите и ќе превземат потребни мерки за санацијата и регулирањето на каналите за наводнување и коритата на реките кои поминуваат низ овие поплавени подрачја. Но уште еднаш и за другите подрачја каде што има потреба за едно вакво нешто.

Во однос на Информацијата за која имаме дебата јас ќе направам еден осврт во општината Јагуновце по поплавите ои се случија на почетокот на овој месец. Општина Јагуновце со години се соочува со поплавите. Штетите предизвикани со поплавите се со големи размери, како во земјоделските култури, така и во објектите на живеење и инфраструктурните објекти. Во целост, три се главните фактори кои влијаат за поплавите во оваа општина.

Прв е каналот за наводнување кој поминува низ Полошко, кој делумно е регулиран и кога во него влегува реката , поголемата вода се прелева по полињата во Џепчиште и Шемшево. За да се спречи оваа состојба треба да се интервенира на местото каде реката Шкундин се влива во реката и да се продолжи со регулирање на каналот до крај.

Втор фактор е разрушувањето на реката Слатина која излегува од коритото и ги поплавува полињата на село Шемшево. Овде треба да се интервенира за регулирање на коритото на оваа река од почетокот на село Слатина, до прелевањето во реката Вардар.

Трет фактор, е реката Вардар која предизвикува поплави и штети во селата Сиричуно, Студенци, Копаница, Ротинце и Јагуновце. Овде покрај штетите на земјоделските култури, се поплавуваат и куќите и другите објекти на живеење. Овде пред се, треба да се интервенира во регулирањето на коритото на река Вардар и тоа од селото Сиричино до село Југоновце. Веднаш по поплавите јас заедно со началникот на подрачната единица за земјоделство во Тетово ги посетивме овие села вклучени со поплавите и заедно со жителите на тие села ја видовме состојбата

на теренот. Тоа што можам да го кажам со целосна одговорност е дека состојбата беше алармантна и околу 80% од полињата беа покриени со вода која произлегуваше од река Вардар. Прелеваше од реката Вардар. Врз основа од постарите жители од овие села вакви поплави за прв пат се случиле во 1979 година. Но, разликата е дека во тоа време имало големи порои , додека оваа година порои немало толку но штетите биле исти како во 1979 година. Жителите од селата констатираат дека сето ова се случило од прелевањето на реката од хидроцентралата Маврово. И како што спомнав претходно од стеснувањето на коритото на реката Вардар. Жителите на овие подрачја се надеваат дека овој пат Владата и надлежните органи сериозно ќе преземат мерки , превентивни мерки за надминувањето на оваа состојба и дека ќе се ангажираат сериозно за спречувањето на причините кои предизвикуваат поплави.

Посебно по посетата на премиерот и претседателот на Парламентот тие се по оптимисти во остварувањето на нивните реални барања. Мислам дека по поделбата на финансиските средства од Буџетот на Република Македонија некаде околу 70 милиони денари и финансиските средства прибрани од овој закон за помош на општините кои страдаа од поплавите кој денеска го донесовме ќе се создадат услови за да се превземат сите потребни превентивни мерки да овие поплави да не се повторат.

На крајот да нагласам дека тоа што жителите од поплавените подрачја се соочуваат е јавувањето на разни инсекти кои го загрозуваат и проширувањето на некоја епидемијат. Затоа , потребата за дезинфекција е повеќе од потребна и тоа во што пократок рок. Уште еднаш да нагласам дека ќе го поддржиме сите преземени активности од Владата и локалната власт за надминување на оваа на оваа состојба.

Овде на крајот би сакал да спомнам и за загриженоста на жителите и на локалните заедници за финансиските средства да се искористат на рационален начин и да се контролираат од страна на Владата, бидејќи како што нагласуваат тие не им веруваат на локалната власт , посебно во општините каде претседател на општините е од опозицијата , бидејќи се вклучил и злоупотребил финансиски средства наменети минатата година токму за поплавите. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Зоран Томиќ вие сте на ред, а потоа г-динот Ејуп Ристеми.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Надоврзувајќи се на сето она ,буквално на сето што претходниот колега го изнесе само би сакал да дополнам неколку работи, а се работи за следното:

Ова не е прв пат да  во Тетово и Тетовско дојде до изливање пред се на коритото на реката Вардар и за постојат повеќе причини  на кои не би се навраќал, бидејќи тие причини и тие факти беа опфатени со Информацијата на Владата на Република Македонија  доставена минатата година по мое барање  а кое се однесуваше токму на поплавите кои настанаа на 6-ти мај 2003 година , поради кои беше претрпена една огромна штета . Тогаш во реоните на селата  Жилче, Ратае, Шемшево , Требош, Палатица , кои беа предизвикани како последица на излеаните води од каналот за наводнување а кој се протега од село Радиовце до Ратае и Жулце и кој се полни со водите на Камењанска, Речишка , Пацошка, Поројска , Непроштенска и Лешочка река.  И тогаш  беа усвоени неколку заклучоци , дел од нив беа во целост спроведени, меѓутоа , и она што мојот почитуван колега Аземи на крај го кажа , дел од средствата не завршија онаму каде што беа наменети, имено не дојдоа до оние кои беа најоштетени од предизвиканите поплави.

Денес можам да кажам со задоволство дека имаме една многу поинаква, пореална и поинаква состојба  во смисла што Владата навистина покажа едно извонредно однесување во поглед на поплавите кои беа предизвикани на ниво на цела Република Македонија , меѓутоа јас посебна благодарнос би сакал да истакнам овде покрај премиерот и трите министри кои во саботата го посетија  поплавенит Тетовски регион и на вас г-дине претседателе  кој директно со свои очи видовте какви се штети беа направени на наведените локалитети и со какви се проблеми граѓаните се соочуваат.

Оттука, се приајавив за збор по повод Законот за давање помош на општините за отстранување на последиците  од поплавите настанати во јуни оваа година и беше пријавен еден амандман кој заедно со пратениците Ејуп Рустеми и Абдулаќим Адеми го поднесовме. Задоволен бев и од настапот на министерот кој кажа и околу вториот амандман кој го повлековме дека ќе се обезбедат сите можности, пред се, во правни рамки да се изврши ослободување од плаќање даноци и придонеси на настраданото население од овие поплави. Дека станува збор навистина за огромни штети можам да ви кажам со примерот на една месна заедница. Станува збор за село Раотинце. Имено, денес примивме една делегација составена од претставници на месното население, кои успеале во овие денови да ја пресметаат вкупната штета предизвикана од поплавите која изнесува само во ова населено место 20.276.200,00

денари. Со други зборови, ако само во едно место толкава е штетата, можете да претпоставите на ниво на Република Македонија за колкава штета станува збор. Лично сум оптимиста и се надевам дека со сите мерки кои ќе бидат и дополнително предложени ќе се постигне целта, а тоа е не само да се надоместат штетите предизвикани од поплавите и да се изврши санација со сите оние мерки кои ги предлагаме во заклучоците по повод информацијата, туку се надевам дека и со дополнителни мерки кои Владата веќе во моментот можам да кажам сериозно ги разгледува, еднаш за секогаш, пред се, да се отстранат причините поради кои настанал дел од овие поплави, а за кои постојат, покрај објективните и субјективни причини и фактори, за кои веќе зборуваа моите колеги и не би сакал да се повторувам.

Конечно, денес со една група пратеници предлагаме и се надевам дека ќе добиеме поддршка од сите пратеници овде, во новите заклучоци, денешната седница на ова Собрание од сите нас колеги пратаници да биде уплатена на жиро сметката, предвидена во членот 3 од Законот кој денес го донесовме. Ова е една скромна симболична помош, меѓутоа, се надевам сите граѓани ќе знаат да ја ценат и почитуваат и се надевам дека во иднина пред се кога зборувам за Тетово и тетовскиот регион еднаш засекогаш ќе се регулира коритото на реката Вардар, која е главна причина поплавите кои настапија во јуни оваа година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да му реплициран на мојот ценет колега Томиќ. Мислам дека и претходниот колега тоа го кажа и сметав дека е случајно, меѓутоа, гледам дека сите пратеници од позицијата, кога дискутираат за изнаоѓање решенија за оваа несреќа што ја снајде Република Македонија, гледам дека главно и единствено вината ја бараат во опозицијата, во конкретниот случај на локалната самоуправа, демек биле злоупотребени средства во претходната година, во незнам која година од градоначалниците кои се од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Јас не би сакал да има такви паушални дискусии, туку доколку сметаат така нека кажат директно тие и тие средства од таа и таа ставка таму биле злоупотребени. Инаку, вака може да се смета само како пренасочување на дискусијта и избегнување на одговорноста како влада и како позиција која владее во Република Македонија. Пак ќе кажам дека имаше можност да не се чека овој закон од Буџетот на Република Македонија како

што се правело секогаш од сите влади па и од оваа, каде што има пренамена на средства на оние ставки за кои реално се смета дека нема да бидат искористени, а тоа ќе го видиме и со Буџетот кој ќе биде на крајот од 2004 година, а не да се чекаат 10 дена за да може да се влезе во џебот на граѓаните за да може да биде санирана оваа елементарна непогода.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Томиќ, една минута.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Колку што разбрав, она што го кажа почитуваниот колега Трајановски се однесуваше на делот од мојата дискусија која се однесуваше на минатогодишните поплви во Тетово и тетовскиот регион каде заради интервентно санирање на последиците од поплавите на општините Џепчиште и Јегуновце беше обезбедена еднократна парична помош од по 200.000 денари.

Еве, сега колега Трајановски, јас те повикувам јавно да појдеме во општина Јегуновце и да провериме каде завршија тие пари. Притоа не сакам никого да обвинувам, но само прашувам дали тие средства отидоа таму кај што беа наменети.

Можеби е добро нешто друго да размислиме. Имено, дали е сега попаметно, можеби требаше во Законот да предложиме средствата да одат директно на месните заедници. Верувам дека на тој начин подиректно средствата би се распределиле на оние кои се навистина загрозени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рустеми,а потоа нека се подговти пратеникот Ефтим Манев.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Информацијата за поплавите кои зафатија четири региони и тоа тетовскиот, струмичкиот, валандовскиот и гевгелискиот, што настанаа како последица на врнежите кои паѓаа во почетокот на јуни, сметам за потребно да ја искажам реалната состојба на последиците кои ги предизвикаа овие поплави на жителите на овие региони, односно повеќе ќе говорам за тетовскиот регион, бидејќи доаѓам од таму.

Исто така, дозволете ми да изразам благодараност од жителите на овој регион до премиерот Хари Костов и министрите кои го посетија овој регион, но и на претседателот на Парламентот господинот Љупчо Јордановски, кои го посетија овој

регион и ја видоа реалната состојба на последиците и штетите што настанаа од поплавите, при што Владата реагираше веднаш со предлагање закон за давање помош на жителите кои претрпеа штети од поплавите. Законот кој денес го усвоивме и Информацијата што денес ја разгледуваме е со цел да им се излезе во пресрет на жителите кај кои настанаа штети од овие поплави.

Во регионот на Полог поплави имаше во општина Јегуновце, Џепчиште и полошко Неготино. Во Џепчиште поплавите се случија како последица од излевањето на реката Вардар, со што беа направени големи материјални штети како во објектите за живеење така и на плодните земјишта. Можам да кажам дека посебно се оштетени плодните површини во целина и дека се уништени сите земјоделски култури. При посетата што ја имавме во овој регион жителите побараа што побрзо да се направи проширување на коритото на реката Вардар, бидејќи коритото на оваа река е тесно и секогаш од пролетните врнежи има поплава односно излевање на реката Вардар во овој регион.

Во општината Џепчиште поплавите настанаа како последица од непотполното регулирање на системот за наводнување Радиовце и Јегуновце. Овој систем за наводнување пред две години делумно се реновираше до атарот на општина Џепчиште, бидејќи другиот дел на системот за наводнување не е реновиран и токму како последица од нерегулирање односно што не е потполно регулиран системот за наводнување се јавуваат овие поплави.

Дозволете ми да ја претставам состојбата по поплавите во оваа општина. Веднаш по поплавите општина Џепчиште формираше комисија за проценка на штетите и на оваа Комисија се придружи еден висок референт на подрачната единица на Министерството за земјоделство, па едноставен извештај заштитите што се предизвикани. Според нив, во општина Џепчиште се поплавени 18,2% плодно земјиште насадено со разни видови земјоделски култури, со што можам слободно да кажам дека овие земјоделски култури во целина се уништени. Исто така, во општина Џепчиште последните врнежи предизвикале материјални штети и во село Ѓермо, заради ерозија на земјиште. За ова село неколку пати сум ја претставил тешката состојба на овие жители пред Парламентот. Сега повторно во ова село имаме пукнатини и во објектите за живеење, а исто така имаме и нова појава, на некои места, на пропаѓање на земјата.

Според последните информации што ги имаме од Владата дознавме дека е во последна фаза отворањето на тендер за детален проект, со што ќе се направи

заштита од ерозија на селото Ѓермо и верувам после подготовката на овој проект ќе се изнајдат и финансиски средства. Не сакам да зборувам повеќе во врска со тоа, но мислам дека ние треба да направиме санација на предизвикувачите на поплавите, а според она што го нагласив и порано тие се: проширување на коритото на реката Вардар во овој регион спречување на ерозијата на земјиштето во село Ѓермо и регулирање на коритото на реката Порој, регулирање на коритото на реката Слатина, како и довршување на регулирањето на системот за наводнување Радиовце - Јегуновце. Со отстранување на овие предизвикувачи, верувам дека ќе се намали можноста за поплави во иднина и би апелирал до сите пратеници да ги поддржат заклучоците што сме ги предложиле ние како парламентарна група, ДУИ, СДСМ и ЛДП.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Манев, а нека се подготви пратеникот Никола Куркчиев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувани колеги пратеници,

По однос точките на дневен ред, информациите кои се поднесуваат од две групи пратеници за поплавите, кои што ја зафатија Македонија, поготово подрачјата кои се наведени во информациите, сметам дека нема многу што да зборувам по тој дел, бидејќи доста од колегите пратеници, кои што токму живеат на тие подрачја, ја опишаа и ја кажаа состојбата за настанатите штети и таквиот факт е неспорен за сите нас овде во Парламентот, а неспорен и за Република Македонија, за сите граѓани, бидејќи истото нешто се прикажуваше и преку медиумите дека штетите се огромни.

Најмалку би требало ние пратениците да бараме кривец, вина, дали во сегашна или претходна влада по однос на настанатите штети каде што претежно се наведуваат недобро очистени канали, на основа кој дошло и до излевање на водите од реките кои надошле од врнежите.

Во тој правец би сакал да кажам дека, не треба да бараме вина кога настанала штета, и кога таа штета ја чуствуваат најмногу граѓаните кои се оштетени и дека таквата штета е огромна и Република Македонија нема такви слободни средства да ја покрие целосно. Се изнаоѓаат начини и мерила да се истата ублажи, особено кај граѓаните кои ја трпат, како би можеле да сватат дека живеат во едно организирано општество и дека таквото организирано општество им оди на рака да им помогне и во одреден дел во штетата која што сметам дека иста ќе биде

сатисфакција, инаку правичен надомест не би можело никогаш да се најде, да се обештетат.

Ние до денеска немаме такви проценки колкава е таа штета, веројатно кога ќе се направат проценките ќе се види дека таа штета ќе биде далеку повеќе, од тоа што засега се одредени рамки на средства кои можат да се соберат како што тоа го презентираше министерот за финансии некаде околу 500 милиони денари.

Би сакал да укажам дека лошо е и тоа што информациите поднесени од двете парламентарни групи, така да ги кажам пратеници кои ги потпишале скоро се идентични во заклучоците, разликата кај нив доаѓа во тоа што дали овие штети како едните пратеници ја нарекуваат штета од поплави, а другите пратеници во кои сум и јас потписник наведуваме дека тоа е елементарна непогода. Сметам дека неспорен факт е дека сето тоа што настанало од штетите од поплавите е елементарна непогода и те како. Нема друг збор, нема друг израз да се каже штета само од поплави. Дали од поплави, земјотреси или било кој други природни непогоди, се смета дека тоа е елементарна непогода. И сметам дека не треба овие две информации да се гласат одвоено, туку во тој дел треба да се соедначиме, и сметам дека нема проблем и нема причина да не се наведе дека тоа е елементарна непогода.

Истото нешто го спомнува и Владата и министерот за финансии, кој што реферираше по однос на поднесениот закон и тој го нарече дека е ова елементарна непогода. Што е тоа што нас пратениците овдека не подели, дали е тоа елементарна непогода или е штета од поплави. Во тој дел не би требало да има воопшто дилеми, и би сакал да предложам пред да поминеме на гласање, по два или три пратеника од двете информации, каде што има потпишано повеќе пратеници, да седнеме да го тоа уедначиме. Најмалку би требало на тоа поле да имаме различни видувања. Ако стои елементарна непогода,. ќе имаме ние сила и моќ да го тоа обештетиме во целост како да сме нанеселе ние штета, или некој граѓанин од државата, па целосно прави обештетување на тие оштетени граѓани, ниту пак ако не стои дека нема обврска ние како држава да помогнеме на тие наши граѓани.

Па од тоа како што кажав, мислам дека кога ќе завршат дискусиите предлагам претседателот да даде таква можност, од потписниците на двете информации, по еден, двајца или тројца, да се соберат и да го искристализираат тоа прашање и во колку од самите дискусии е дојдено до поинакви сознанија да се предложат и други заклучоци.

Еве јас би кажал еден таков заклучок за кои пратениците во целина треба да размислиме. Не стои што во иднина. Сите пратеници зборуваат да се обезбедат средства за одржување на тие канали, порои со цел водата побрзо да претечува. Дали тоа ќе биде само за денеска, или после оваа елементарна непогода, или треба да биде трајно решение. Јас сметам дека треба да предложиме еден таков заклучок, да се формира фонд за елементарни непогоди, за кој што ќе треба Владата да размисли подобро, не мора тоа веднаш да се направи, во текот на година, кое нешто би било од траен карактер. Би се убирале такви средства со било кои зафаќања од 0,5%, 1% за тоа. Се додека такво нешто не направиме ние ќе се занимаваме можеби и наредни години, и во иднина. Не треба да сватиме дека ова биднало и повеќе нема да бива. Ние имавме такви непогоди минатата година, есента во Струмица, може да не зафати и оваа година, барем така најавуваат метеоролозите наскоро и во други делови од државата. Затоа сметам како едно организирано општество, како држава треба да си имаме еден таков фонд од каде што полесно ќе ни доаѓа во такви случаи, полесно да доаѓаме до средства отколку денеска, кога донесовме закон за задолжување на граѓаните да издвојат по една дневница. Прашање е колку тие средства ќе стигнат и колку ќе можеме ние тоа да го правиме оддеднаш. Доколку тоа го правиме непрекинато верувам дека ќе имаме повеќе средства.

Сметам дека предлагачите на двете информации треба да размислиме за еден таков заклучок, затоа што ќе направиме една голема работа за во иднина отколку да настојуваме денеска да се афирмираме поодделно како пратеници дека ние сме повеќе за овие граѓани кои се оштетени, другите се помалку. Сметам дека подеднаква е одговорноста на сите граѓани на Република Македонија и штетата ја имаме сите граѓани подеднакво, а најмногу ја чувствуваат тие што се директно поплавени. Неопходно е на тоа поле да имаме повеќе осет, повеќе државнички осет отколку да одиме вака - ние сме за ова други за другото. Кој не направи досега, не направил. Никој не сме направиле. Тие пропусти се неспорни station наназад можеби 10 и 20 години. Тоа некогаш беше во надлежност на водостопанските претпријатија, а сега водостопанските претпријатија скоро и не постојат, тие што постојат не можат да функционираат, а не тоа да го одржуваат. Треба да тргнеме малку поинаку, да гледаме повеќе на иднината и да направиме со заклучоци, со законот колку можеме да помогнеме на граѓаните во тие населени места кои се најмногу оштетени.

Неспорен факт е во досегашните исккуства во животот дека многу луѓе во вакви непогоди бара да дојдат повеќе до средства и тоа што не им следува.

Веројатно ќе има и сега ако бидеме недоволно подготвени. Сметам дека тоа не може да се остави само на месни заедници, туку треба да има некоја државна комисија која што во доволна мера и тоа преку владини надгледувачи како и на кој начин би биле проценувани штетите и на кој начин и до кој степен ќе можат да се обештетуваат одредени граѓани. Свесен сум дека одредени граѓани кои што немаат штета ќе пријавуваат и ако дојде тоа на ниво на месни заедници ќе земат оние луѓе кои што имаат помала штета повеќе отколку тие луѓе што се повеќе оштетени. Мислам дека во тој дел треба висока контрола и тие малку средства што ќе бидат собрани да бидат наменски поделени и наменски искористени за цели кои што се од интерес на граѓаните на тие подрачја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Манев.

Јас се согласувам со Вас дека треба да имаме ние единствени заклужоци и колку што сум информиран едно време се правеа напори да се дојде до заеднички заклучоци, но не успеавме. После донесување на овој закон се создаваат можности да се направат заеднички заклучоци, но тоа може да се прави во меѓувреме, бидејќи ние овде имаме пријавени дискутанти. Ако има расположение меѓу пратеничките групи тоа нека го направат, затоа што сега сме во незавидна ситуација бидејќи имаме три заклучоци.

Има збор г. Никола Ќуркчиев, а нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Бидејќи доаѓам од подрачје зафатено од невремето, незапамтени врнежи и поплава нема да трошам многу време дискутирајќи што било на теренот и како било. Едноставно секој што го доживеал тоа дали намерно или случајно имаше прилика да ги посети овие краишта по поплавата знае дека елементарната непогода е со димензии на катастрофа. Поплавени домови, оштетена покуќнина, уништени готови производи, репроматеријали и средства за работа во стопанските субјекти, однесени голем број на земјоделски посеви, мостови, патишта, улици и друго да не набројувам.

Луѓето од Гевгелија, Богданци, Валандово, Струмица, Тетово и да не ги набројувам сите населени места околу нив се соочија со природна несреќа и претрпеа навистина огромна штета. Меѓутоа, што е многу важно, минаа и се уште минуваат низ сериозни трауми. По повеќе основи на илјадници семејства загрозена

им е егзистенцијата и оттука нема дилеми дека треба да се помогне. Во вакви моменти според мое длабоко уверување сосема безпредметно е да расправаме дали треба, дали мора или не мора по кои, или како би прогласил елементарна непогода итн, итн. Прогласиле или не прогласиле непогодата се случи, штетите се направени и без разлика дали некој сакал повеќе, друг помалку мора навистина да се помогне. Да изнајдеме начин за ефикасно санирање на последиците и ублажување, надоместување на штетите. Меѓутоа притоа ве молам да не бараме политички ќар во сиот овој зијан кој што навистина е голем. Повеќе од јасно е дека никој од нас, ама баш ништо не му тежи да излезе на говорница и да се заложи за многу повеќе, за уште подобро од сето она што веќе претходно некој од нашите колеги пратеници го кажа. Меѓутоа, да не заборавиме ако и нашата грижа биде навистина само вербална, а не по некој елементарен регуларен ред и навистина им пријдеме на работите онака како што треба нашата расправа нема да биде ништо повеќе освен една не елементарна непогода или непогода повеќе врз веќе слученото. Зошто го кажувам ова?

Го кажувам од причина што, еве да се преброиме во салава ќе видиме дека не има помалку и од оние што се потпишавме на информацијата. Го кажувам од причина што во изминатите 10 дена, барем јас имам таков впечаток од контактите со моите сограѓани како да едноставно се дефокусиравме од суштината на проблемот и наместо сериозен се форсира еден, така да речам кампањски приод кон целиот проблем.

Прво и основно, не коментирам и не би дискутирал дали законот за заштита од елементарни непогоди од 1997 година е соодветен, дали е добар или е лош. Каков е таков е. Нас ни се случи елементарна непогода поплава и сега станува збор токму за проценка на штетите за надоместок и помош во отстранување на последиците од истата.

Секој што го погледал постојниот закон не повеќе од член 54 до член 59, значи главата за проценка и надомест на штета од елементарна непогода многу добро знае што треба и како треба сега. Нема потреба да се поставуваат прашања зошто Владата во првиот момент издвоила 70, а не 170 милиони, туку треба навистина да знае дека е отпочнато или во тек е пријавувањето на штетите во општинската комисија. Отпочнати се 30 дена за првична проценка односно почнува да работи општинската комисија, Републичката комисија има нови 30 дена и комплетниот извештај, елаборат со предлог мерки следува до Владата.

Ако целата оваа постапка се погледне и од аспект на единствената методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди, што е документ од понов датум, донесен од Владата 2001 година работата е сосема на чисто. Значи, не е се така јалово како што сакаше некој да прејудицира во изминатите десетина дена.

Од информациите со кои што јас располагам преземени се сите расположиви мерки и активности состојбата да се стави под контрола и постепено да се нормализира. Тука пред се мислам на функционирање на кризните штабови, веднаш, ден после поплавата граѓаните отпочнаа со пријавување на штетите, а на терен сеуште работат и комисиите за проценка.

За почеток Владата одвои 70 милиони денари и тоа интервентна помош, а денес расправавме и го донесовме Законот за обезбедување средства за помош за отстранување за последиците од поплавата. Значи регуларниот систем функционира.

Колеги пратеници,

Јас како и сите вие, впрочем како и граѓаните сум апсолутно свесен дека најдобро ќе беше поплавата воопшто да не се случи, или пак кога веќе се случи наместо овие процедури комисии, проценки, методологии итн, секој оштетен како што ќе ја однесе пријавата на шалтер, значи каде што ја предава веднаш да си подигне пари и во висина на штетата што ја пријавил. Меѓутоа, многу добро знаеме дека работите не одат баш така. Проблемот не се решава ниту со тоа што пратеничките групи, или пак политичките партии ќе се натпреваруваат кој прв ќе даде иницијатива, кој повеќе ќе зборува и чии заклучоци ќе бидат усвоени. Кој ќе понуди повисока прелиминарна проценка на штетите во милиони евра итн. Факт е дека тоа што се случи нема да го надоместиме ниту со 70 милиони денари што ги одвои Владата, ниту пак со средствата што ќе бидат прибрани по основ на законот кој што го изгласавме. Дури ми се чини дека расправајќи по ова прашање во овој момент пред да бидат направени првичните проценки за штетите ние во суштина многу повеќе расправаме за тоа дали декларативно сме за или против санирање на последиците и надоместокот на штетите што дефинитивно верувам дека барем најголемиот дел сметаме дека е апсурдна дилема. Не се ни сомневам, а не верувам дека во ова Собрание има макар и еден пратеник што не сочувствува, што нема разбирање и што не е за тоа граѓаните да бидат обештетени, меѓутоа не со ветување, со фрази и политики, туку реално објективно.

Почитувани колеги,

Ги читам и двете информации кои што се поднесени во Собранието. На едната и самиот сум потписник, ги анализирав заклучоците што се предложени и без сомнение и најверојатно ќе ги изгласаме. После се останува прашањето што ќар за оштетените од целата оваа работа. Мислам на расправата и на заклучоците. Ако поентата е јасно да ја изразиме волјата на Собранието како законодавен дом дека сме за санирање на последиците и надоместувања на штетите и недвосмислено да укажеме на Владата и на другите државни органи и институции надлежни за вакви прилики да бидат ажурни и доследни во извршување на нивните законски надлежности тоа сме го постигнале. Но, што навистина после оваа расправа, по усвојувањето на заклучоците кои и без усвојување од наша страна Владата веќе почна да ги реализира. Без разлика на индивидуалните пратенички ставови по ова прашање, кога веќе расправаме јас би сакал да дадам неколку генерални сугестии.

Прво, сметам дека во овој момент, додека сеуште тече процедурата на вршење на проценка на штетите Владата би требало секаде каде што има потреба да даде максимална логистичка поддршка, сеедно во средства или стручни ресурси, работата на општинските комисии за проценка на штетите да се заврши навреме и да резултира со квалитетни извештаи кои веднаш би можеле да бидат ставени во натамошна процедура која е во надлежност на Републичката комисија. Поентата е да нема доцнење во проценката заради административно-технички или субјективни пропусти.

Второ, иако сеуште сме во фаза кога целата работа е во надлежност на опоштинските комисии Републичката комисија да работи на подготовки за превземање на процедурите и обезбедување на сите предуслови за нејзино навремено и што е можно побрзо завршување на тој извештај.

Трето, независно од тоа што тече процедурата на проценка, тргнувајќи од законските ингеренции Владата, а особено институциите, установите фондовите и јавните претпријатија организирани на начин што го сметаат за најсоодветен да ги продолжат сите активности за реализација на проектите кои се во нивна надлежност и кој веќе се во тек или во фаза на подготовката.

Четврто, уште од сега да се води сметка да се направат сите анализи и проценки, да се отпочнат сите потребни процедури и на крајот целата оваа работа да не заврши само на вербална грижа и на убави и добри намери односно оштетените од поплавата, сеедно дали се работи за домаќинство, индивидуален

земјоделец, стопански субјект или јавна установа да бидат барем минимум обештетени за трошокот што го вложиле пред настанувањето на поплавата.

Што сакам да кажам?

Да не бидам погрешно разбран ќе земам еден едноставен пример. На еден индивидуален земјоделец од некое село поплавата му уништила еден хектар под пластеници, раноградинарски култури, лозов насад, или било што, мора да се изнајде начин на тој земјоделец да му се надомести минималната штета за трошокот кој што го вложил во соодветната култура или назад веќе оштетен од поплавата.

Имајќи ја во предвид досегашната пракса од вакви случаи, како што спомнаа некои наши колеги, ова не го кажувам случајно, посебно земјоделците од Гевгелиско кои имаат видено горе - долу, сите кои што имаат навистина искуство непријатно од сите видови на елементарни непогоди, и суши и град, и мразови и дождови, поплави и друго, а не зборувам за пред 15 или 20 години, туку зборувам за последните 5-6 години, за жал освен зијан, чукање по рамо, ветување во стилот дајте да видиме, да процениме, почекајте итн, друго ништо немаат видено. Или немаат пари за обештетување, или пак, ако имаат ќе отидат на места и за намени кои предизвикуваат уште поголемо чудење и од самата елементарна непогода.

Не би говорел генерално, меѓутоа Стојачани, Моинчани и граѓаните од Богородица се жив пример за праксата: зијанот и штетата дека се кај еден, обештетувањето дека е кај друг. Тоа беше и во 1999 година. Затоа, да не останеме само на зборување, натпреварувајки се меѓу себе кој повеќе, а кој помалку е за обештетување на оштетените треба да имаме не само разбирање за луѓето, туку многу повеќе и респект кон големата мака што ги снајде. Со денешнава расправа освен што можеби ја потенцираме сериозноста на проблемот и дополнително ќе ја мотивираме и подржиме, или подобро кажано обврземе Владата во суштина и навистина ние не правиме многу, меѓутоа можеби за овој момент е доволно. Меѓутоа ако ова требаше да биде сигнал за политички консензус кон проблемот со поплавите, еден вид на парламентарна подршка , претпоставувам и очекувам дека набрзо ќе имаме една прецизна слика за состојбите како Собрание ќе расправаме и за конкретни проекти што ќе ги понуди Владата, а ќе значат  дирекна, или индирекна помош за санација на последиците и покривање на штетите.

Би ги замолил сите колеги навистина да имаме респект кон оштетените наши граѓани и да водиме сметка првенствено за нив, а не чии заклучоци ќе бидат усвоени на денешнава расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници, на дневен ред денеска барем формално имаме две информации од пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и три заклучока кои што навидум ја заокружуваат и би требало да значат исцрпување на темата за која што говориме, а тоа се поплавите во Тетовско, Струмичко и по течението на реката Вардар. Јас мислам дека ние во Парламентот треба да проговориме реално за проблемот наречен елементарни непогоди. Конкретно тие можат да бидат, поплави, суши, земјотреси и ред други елементарни непогоди. Меѓутоа конкретно полави кои што неколку годининаназад се присутни на овие подрачја, делот на Тетовско кој што е познат по тоа што заради излевањето на реката Пена и кога е надојден Вардар, потоа Струмичкиот дел заради нерегулираните канали и коритото на Маркова Река и заради нерегулираното корито на реката Вардар. Тие се присутни појави неколку години наназад. Со сета сериозност на последиците кои што ние не успеваме да ги санираме и ги оставаме од година во година со некоја тековна би рекол владина политика која што заради скученоста на просторот кој што го има не може да ги разреши тие проблеми во целост.

Јас тука би проговорил за суштината на проблемот и би осветлил неколку аспекти на тој проблем што мислам дека како членови на Парламентот на Република Македонија имаме задача и должност тоа да го направиме за да дадеме препораки на оној, а тоа е Владата на Република Македонија која што е надлежна да го разрешува овој проблем.

Најпрвин законската димензија на проблемот елементарни непогоди. Значи имаме Закон за елементарни непогоди од 1977 година. Значи безнадежно застарен. И неговите одредби се некомпактабилни со денешницата. Што е од еден друг систем, од едно друго време и апсолутно тој закон не може со својата содржина, со своите одредби да го разрешува проблемот на елементарните непогоди онака како што бара новиот систем, како што бара новото време. Отука и покрај обидот со донесената методологија, за проценка на штети и постапката како тие штети ќе

бидат надоместувани, целокупниот процес како ќе се одвива во административниот службен апарат кое што беше еден линк помеѓу тој застарен закон и обид да се пречекори времето и да се дојде во ситуација каде што ќе можеме да го решаваме тој проблем навистина квалитетно и навремено, ние  без законска подлога за елементарна непогода не можеме да го решаваме проблемот квалитетно и не можеме да го решаваме проблемот во сета содржина онака како што тој се појавува пред нас. Така што очигледно е дека нашата задача тука во Парламентот е да и дадеме на Владата сигнал и да предупредиме дека под итно треба да се изготви нов закон за елементарни непогоди по кој што целата постапка, по кој што целата методологија веќе е направена во 2001 година во месец септември, во Службен весник на Република Македонија е објавено. Целата таа би рекол содржина која што го исцрпува тој проблем од елементарни непогоди ќе биде во тој закон предвидена, а главниот сегмент на таа содржина се средствата, од каде, од кои ставки во Буџетот, од кои други средства, дали тоа ќе биде од дивиденди, од Телеком или други средства ќе бидат надоместувани односно исплатувани на граѓаните кои што претрпеле штети од поплави, во овој случај поплави, во други случаи суши, земјотреси и слично. Едноставно овој закон е нижност и Владата под итно треба да го изготви спремно да ги пречекаме другите елементарни непогоди во Република Македонија. Доколку и понатаму експост реагираме како што реагираме сега откога ќе се случи настанот, откога ќе настане штетата повторно ќе имаме двојство на размисли, или тројство на размисли, повеќе заклучоци, убедувања дека треба вака, или така, ќе носиме закони за интервентна помош кои што во најмала рака разрешуваат само еден момент од поплавата и штетите, меѓутоа не значат квалитетно и трајно решение на овие проблеми.

Јас лично сметам дека  законот за интервентна помош во овој дел не значи квалитетно разрешување на проблемот и фактички тоа значи прелевање од еден џеб во друг џеб, од едни граѓани на Република Македонија, кај други граѓани на Република Македонија. Квалитетно решавање е тогаш кога ќе има законска подлога, тогаш кога ќе имаме буџетска политика, тогаш кога ќе имаме владина политика и на крајот сето тоа заокружено со народни пари да се покрие штетата кај граѓаните кои што претставуваат дел од народот на Република Македонија.

Вториот дел од проблемот за кој што мислам дека треба да го расветлиме тука , тоа е делот на владината политика во делот на јавните претпријатија. Ние како Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство при Собранието на

Република Македонија дадовме позитивно видување за предлог на законот за води во кој што интегрално се разрешува и проблемот на јавните претпријатија, судбината на републичкото централно јавно претпријатие Водостопанство на Република Македонија и судбината на другите локални претпријатија на ниво на Република Македонија Таму изразуваме јасна волја и определеност согланско принципите на Светската банка извршено е преструктуирање на тој сектор на начин кој што ќе значи ново квалитетно разрешување на проблемите во водостопанството. Меѓутоа, со една голема ограда што до тогаш, што до тој момент додека настапи тоа преструктуирање, додека настапи таа нова форма на таа содржина, значи регулирање на водните текови во Република Македонија во делот на она што значи и заштита од поплави за кое што денеска зборуваме тука. Едноставно владината политика мора тука да реагира со средства, мора да реагира благовремено и да ги оспособи оние водостопански претпријатија кои што се во нејзина надлежност, затоа што јавните претпријатија управуваат со државни средства, ги регулираат каналите кои што се примарни канали во државна сопственост и на крај барем до сега привредуваа во интерес на државата Република Македонија . Отука тие јавни претпријатија , а јас добро знам што говорам, посебно претпријатието во Тетовскиот дел, во Полошкиот дел што ги регулира каналите, потоа Валандвоско и Богданци, па и Струмичкиот дел, Струмички слив се соочуваат со сериозни финансиски проблеми. Има знаење, има опрема, има можности за интервенција. Меѓутоа, недостасуваат средства. Тука владината политика мора да биде децидна. И тука ние како Парламент мора да се заложиме од каде Владата ќе ги изнајде тие средства. Тие средства Владата ќе ги изнајде, има фонд, ставка,категорија 4.2. стоки и услуги, 4.2.8. потставка средства на резерви и Владата тука мора да реагира од средствата на резерви во тој момент кога е тоа потребно да ги оспособи оние нејзини субјекти, тие јавни претпријатија кои што веднаш на теренот можат да дејствуваат и да обезбедат во иднина елиминирање барем на причините за поплавите, а пред се тоа се затрупаните канали кои што со години наназад не се регулирани и со години наназад никој не води грижа затоа што едноставно немаат моќ тие локални водостопански претпријатија тоа да го разрешуваат.

Третиот дел тоа е политиката на Буџетот на Република Македонија . Мислам дека таа е суштествена и примарна кога се работи за разрешување на вакви проблеми. Дали ние не сакаме да видиме дека преголемата грижа за јавните расходи, за јавната потрошувачка тоа е потрошувачка на државата и буџетскиот

дефицит не отргнува дури и од најхуманитарните, од најсолидарните и од најсуштествените потреби на македонсите граѓани. Значи ние решаваме закон за интервентна помош донесуваме тука во Парламентот закон за интервентна помош од кој што од едни граѓани земаме, на други даваме, а притоа не сакаме ниту за јота да се поместиме од тие тврди ставови дека буџетската политика на Република Македонија е определено така да оди, буџетскиот дефицит е толку , стапката на инфлација е толку, па дури и кога ќе се јави елементарна непогода ние не сакаме да издвоиме дополнителни средства дали од резервите, дали од оние стапки кои што можат во Министерството за транспорт и врски во делот на водоводите, во Министерството за земјоделство во делот на водостопанството, во Министерството за екологија, во делот на елиминација на штетните дејства од поплавите. Не сакаме да видиме дека ние мора народните пари , бидејки Буџетот го дава народот на Република Македонија , односно физичките субјекти плаќаат даноци , царини, такси, акцизи и правните субјекти во Република Македонија . Тие пари одат во Буџетот. Ние тука во Република Македонија Парламентот, како парламентарна демократија го носиме Буџетот на Република Македонија . Ние мора да се запрашаме зошто никогаш не се обидуваме барем да покренеме ставка , како што јас еве во моето обраќање велам, за потребите на надомест на штета на граѓаните кои што се оштетени веднаш согласно методологијата за проценки на штети Буџетот на Република Македонија да издвои 250 милиони од резервите во Буџетот на Република Македонија . За кого требаат тие резерви? За македонските граѓани. За кого ги чуваме тие резерви, ако не за вакви ситуации. Значи, заедно со тие 70 милиони пренамена на програми по министерствата, заедно со солидарниот аспект на дневницата која што се предлага и тука е се дискутабилно. Тоа е популистички дали една, две, или три. Пробелмот тука е суштински. Ние можеме да дадеме и пет дневници секој од нас тука, меѓутоа не го решаваме проблемот суштински. Проблемот е кога Буџетот владината политика ќе се зафати да најде сили, да најде средства, да најде методологија да ги задоволи сите граѓани кои што се оштетени. И тука тоа отсуствува. Јас затоа предлагам буџетската политика да биде по храбра и ние тука да издвоиме веднаш во делот на она што претставува средства на резерви, сума од 250 милиони денари која што ќе биде ставена на располагање на Републичката комисија за проценки на штети и кој што соодветно на прописите и методологијата ќе ги оделат тие средства веднаш на лицата кои што се оштетени.

И на крајот околу заклучоците. Заклучоците кои што се во основа сублимат на она што треба да биде елиминација на последиците од штетата при поплавите на изградените речни токови во Република Македонија немаат финансиска димензија, односно не антиципираат од каде ние ќе обезбедиме средства овие штети да бидат покриени, односно да бидат надминати последиците кои што се осиромаување на макеоднските граѓани во делот каде што настанале полавите. Од тука јас сум исто така поборник на таа идеја кога се работи за обединување на заклучоците тука ни е потребно единство, тука не ни се потребни парламентарни натпревари. Во основа заклучоците се разликуваат само во едно, во другото се единствени, дали се работи за елементарна непогода или не се работи за елементарна непогода. Дали се работи или не се работи за елементарна непогода ќе каже Републичката комисија за проценка на штета. Наше е да укажеме, да се потенцира дека според Парламентот на Република Македонија има својство на елементарна непогода оваа поплава во Република Македонија и од тука да се пристапи кон операционализација на законските одредби, застарен, незастарен, тој е законот и да се пристапи кон операционализација на методологијата од 2001 година. Општинските комисии ќе кажат дали таа штета е над 10% од бруто општествениот производ на таа општина, или под 10% од таа општина. Значи, тука е единствената разлика во заклучоците. Инаку заклучоците се барем за мене како пратеник во Макеоднскиот парламент целосно прифатливи. Меѓутоа, ова мора да го дефинираме. Дали ние се залагаме да се почитуваат одредбите на законот, а тоа значи да прогласиме елементарна непогода, или не. Второ, јас предлагам исто така обединување на пратеничките групи во делот да седнеме и да ги дополниме заклучоците, од кои буџетски ставки, од кои извори на средства, дали е тоа дивиденда на Телеком, дали се тоа средства од резерви, дали е тоа пренамена на програми, ама таксативно да бидат наброени во заклучоците. На таков начин значи ќе имаме почитување на законскиот аспект. Второ, ќе имаме, операционализација на владина политика во делот на јавните претпријатија да ги помогнеме тие кои што сега не можат да интервенираат на теренот со средства, значи конкретно определени средства. Трето, користење на средствата од Буџетот, значи народните пари за надминвуање на штетите кои што настанале кај граѓаните на Република Македонија . На таков начин ќе можеме целосно пред се да ги санираме последиците, а во иднина и да ги елиминираме причините кои што ги предизвикуваат, онолку колку што човечкиот фактор може да ги види причините за отстранување на елементарни непогоди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре, ќе се обидам да не се повторувам со претходните дискутанти, со најголем дел од нив се согласувам околу искажаните состојби и навистина несреќата што ги најде сите граѓани од поплавените подрачја најмногу од Гевгелија, Валандовско, затоа што тие најмногу претрпеа штети земајки го во предвид фактот дека таму најобилни беа дождовите и инфраструктурните објекти беа најзагрозени, иако Струмичкиот и Пелагонискиот регион исто така беа прилично зафатени од тие поплави.

Оваа Информацција претставува фактички соочување со последиците и идни поуки и за Владата и за Парламентот во делот на планирањето на идните стратегии во овие области. Најнапред ќе кажам кратко за сегашните поплави што се случија. Овие полави на 4 ,5 и 6 од Управата за хидрометереолошки работи е окарактеризирана како појави на енормно високи и незабележани од порано врнежи. Така што некои од стручњаците во хидрообластите ги третираат како стогодишни води, така што при проектирањето одредени хидрообјекти не се проектирани за стогодишни води и нормално е да има такви оштетувања на објектите. И како што кажав во овие последни врнежи посебно беа погодени Гевгелиско-Валандовскиот, Струмичкиот и Полошкиот регион. И посебно сакам да ставам акцент на Струмичкиот регион каде што по втор пат село Сачево кое што при излевањето на Маркова Река беше втор пат поплавено, така што еколошката катастрофа со оглед на депонијата на река Тракања беше посебно погодено од овие непогоди и село Зубово и Моноспитово имајки го во предвид фактот дека се на многу ниско ниво, под нивото на реката.

Од претходните поплави на Маркова Река успешно беше санирана браната, така што овој пат полавите делумно беа избегнати во делот на поплавите од Маркова Река за кои што јавното водостопанско претпријатие и градежното претпријатие “Пелагонија” посебно вложија напори за да не дојде до излевање од Маркова Река во таков обем како што дојде последниот пат. И депонијата кај река Тракања кое што е обврска на локалната самоуправа да го реши проблемот, предизвика целата депонија да биде во нивите на селаните од село Сачево, Моноспитово, општина Муртино. Со овој опис на поплавите во Струмичкиот регион

сакав да ги потенцирам претходните и критични невралгични точки во општина Струмица пошироко со другите општини: Муртино, Ново Село, Босилово и Василево.

За законските околности во кои што се случи оваа катастрофа зборуваше малку повеќе г. Марјан Ѓорчев, кој штокажа дека досега постоеше Законот за елементарни непогоди кој што е од 1977 година и не е во реалните околности во кои што се случуваат поплавите.

Заборави дека ние на претходната седница го донесовме законот за заштита и спасување, во кој што се уредени заштитата и спасувањето на луѓето и материјалнте добра од природни непогоди, епидемии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија на Република Македонија, кои што баш ги решава тие проблеми кои на широко ги елаборираше г-динот Марјан Ѓорчев. Така, со овој закон кој што Собранието го донесе неодамна, на последната седница којшто треба да стапи на сила токму се регулирани тие прашања кои што досега од 1987 година повеќето влади можеа да го донесат тој закон, не беше донесен, а во него се регулирани стратегијата за спасување во елементарни непогоди, која што ја донесува Собранието и точно се дефинирани надлежностите на Собранието, на Владата на Јавните претпријатија и на граѓаните и на трговските друштва. Значи, еден систем, на институции на мерки на еден организиран начин да се решаваат такви состојби какви што беа последните поплави во Република Македонија. Така да и конкретно може да се утврди одговорноста на институциите кои затаиле или граѓаните или надлежните институции во такви ситуации. Така да во такви случаи може да се бара конкретна одговорност на конкретни лица.

Од аспект на одговорноста сите тие средства кои што ќе можат да се издвојат, Владата и мерките што ќе ги преземе, исто така посебно сакам да потенцирам контролата на средствата е посебно потребно за кое што зборуваше г-динот Ќуркчиев, од поранешните лоши искуства дека парите не стигнале таму каде што биле наменети, иако таквите постапки е потребно преку судски пат да се докажат дека некој злоупотребил пари меѓутоа сакаме да го потенцираме да се вложат дополнителни напори, такви појави да нема и овој пат, да не се користи несреќата за некој да се стекне со некаква имотна корист.

И на крај сакам да се осврнам на заклучоците кои ги предлагаат и ВМРО ДПМНЕ и пратениците од Коалилцијата за Македонија заедно и дополнителни заклучоци за кои ќе дискутираме за заклучоците кое што има едно дополнување за солидарност на пратениците од овој Парламент при гласањето. За прогласување на

елементарна непогода Собранието не е надлежно за прогласување на елементарна непогода, Собранието може само да прогласи вонредна состојба во Република Македонија. Не верувам дека ниту еден пратеник во Собранието ќе се согласи дека е потребно прогласување на вонредна состојба, затоа што за вонредна состојба се прогласува кога институциите не функционираат. А, се покажа во изминатиот период во Република Македонија дека сите институции функционираат и во недостаток на знакот на елементарни непогоди. Се формираше проширениот кризен штаб, за кој што зборував во репликата со г-ѓата Бонева, дека кризниот Штаб во недостаток на закон беше проширен со присуство на јавните претпријатија. Го иницираа пратениците баш затоа што бевме загрижени за состојбата и да ја следиме и да бидеме информирани, дека не ги знаеме надлежностите на институциите и на пратениците туку во непостоење на закон за елементарна непогода, се формираше тој проширен кризен штаб, за да интервенираме на најпотребните места толку коклу што е можно и јавните претпријатија навистина си ги преземаа надлежностите и помагаа на граѓаните.

И затоа апелирам, при усвојувањето на заклучоците да се усвојат оние заклучоци кои што навистина ги решаваат. Ако како што кажа претходниот дискутант, заклучоците се еднакви освен во прогласувањето на елементарен непогодок кое што не може Собранието да ја прогласи. Затоа предлагам да се повлече таа точка од заклучоците, затоа што едноставно е невозможно. А, да се прифати предлогот во другиот заклучок кој во меѓувреме е поднесен во кој што ние пратениците предлагаме денешната дневница на пратениците да ја издвојат во знак на солидарност со пострадаmake граѓани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Барате реплика, повелете, три минути.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Не е реплика, само појаснуваење. Не е реплика.

Се работи зна следново.

Уште еднаш сакам да укажам дека ние имаме застарен закон за елементарна непогода, а тука се работи конкретно за поплава, што е исто така елементарна непогода.

Ние предлагаме на Владата на Република Македонија да пристапи по донесување на закон во кој што ќе се утврди што е елементарна непогода, како тоа настанува, која е постапката за нејзино санирање и која методологија ќе биде применета.

И во делот на тоа, Собранието дека нема обезбедено за **елементарни непогоди е во право,** госпоѓата пратеник, меѓутоа ние мораме да утврдиме што е елементарна непогода, а што не е.

Впрочем законот за заштита и спасување стапува на сила од 1 јануари 2005 година. Дотогаш мораме да кажеме: Постои Републичко координативно тело согласно методологијата во септември 2001 година. Тоа си работи. Постојат општински комисии, нема двојба дека тие ќе си ја завршат својата работа. Тука нема дилеми. И едноставно како законодавен дом треба да ги иницираме постапките, да ги елиминираме причините. Тоа значи да утврдиме, да донесеме, односно Владата да го изготви а ние да го донесеме Законот во кој што ќе се утврдува што е елементарна непогода, кога настапува во Република Македонија, каков износ треба да биде на општинско ниво и на Републичко ниво, а тоа мора да се донесе со нов закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Имате минута контрареплика.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Токму ова г-дине Ѓорчев, го кажав токму на вашата дискусија во делот на непостоење на Закон за елементарна непогода, а во делот во член 169 од Законот кој што го донесовме на последната седница стои со денот на влегување на сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита на елементарна непогода, донесен 1977, за кој што и вие и јас се согласивме дека се однесува на еден застарен систем во кој што во одредени членови стои дури организации на здружен труд кој што многу одамна не постојат. Така да, овој закон го заменува Законот за елементарни непогоди, а вашиот предлог се однесува за лекс-специјалис, посебно да бидат третирани елементарните непогоди, посебно од овој закон на заштита за спасување, па ние како пратеници еве можеме и тој закон лекс-специјалис сами да го поднесеме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по информациите.

Предлогот на заклучоците содржани во информацијата поднесена од пратениците, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михаило Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Жарко Караџоски, Илија Китановски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓе Паљошкоски, Ристо Пеовски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Аднан Ќахил, Слободан Чашуле, Слободан Даневски, Ристана Лалчевска, Илјаз Халими и Зоран Крстевски, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, 15 пратеници гласале за, 2 воздржани, 49 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучоци.

По информацијата поднесена од пратениците Драги Георгиев, Владо Паунков, Цветанка Иванова, Зоран Заев, Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Зорам Томиќ, Никола Ќуркчиев, Рафиз Алити, Абдулаќим Адемим, Ејуп Рустеми, Невзат Бејта, Емилија Костадинова и Коста Прешоски, покрај предлогот на заклучоците содржани во информацијата, предлог на заклучоци поднесоа и пратениците Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Нелко Стојановски, Роза Топузова - Каревска, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Слободан Најдовски, Зоран Томиќ, Ристе Бислимовски, Борче Петковски, Јани Макрадули и Ејуп Рустеми, кој Ви е поделен.

Сега, драги пратеници, имаме театар на апсурдот.

Протоколарно се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам претседателе, сакам да кажам како ќе гласаме како пратеничка група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, тоа требаше да го кажете за време на расправата, а сега е затворена расправата.

Повелете г-дине Макрадули имате збор како предлагач.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, сега констатацијата што вие ја кажавте е од Деловнички аспект инспирирана, не е по наша вина. Ние имавме намера предлагачите овде во заклучоците што постојат од групата на пратеници што се предложени, да се додаде уште еден член, уште една точка 3, каде што пратениците на Собранието на Република Македонија во знак на солидарност ќе одвојат еден надоместок односно дневницата денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи го повлекувате Предлог на заклучоците.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само тоа сакам да знам, бидејќи поминуваме на гласање не отворам расправа по ништо. Инаку, ќе дадам и процедурално да се каже како. Дали се повлекува вашата информација, бидејќи втората информација каде што е надополнета со дневниците, едната дневница ги содржи сите заклучоци.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Тоа сакам да кажам и јас дека едниот заклучок се разликува од другиот, бидејќи има една точка повеќе и тоа не поради наша наумешност, туку заради деловничките ограничувања што постојат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловнички исто така се вели, или ќе ги повлечете или ќе гласаме по двете информации.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Тоа сакам да прашам, што ќе се случи кога за двете ќе гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За тоа вие ќе си одлучите како ќе прифатите.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Сакам да кажам дека пратеничката група ќе ги поддржи двете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако ги поддржи, тогаш нема проблем.

Повелете г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што имаме една специфична состојба т.е. имаме расправа по две информации истовремено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немаме расправа, заврши расправата. Вие велите имаме, а јас велам имавме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Имавме и сегај тоа заврши.

Со оглед на тоа што имавме расправа по две информации истовремено, а едната информација ја ставивме на гласање и зависно од нејзиниот резултат од гласањето, зависеше како ќе гласаме за втората информација. Ние не можевме претходно во расправата да кажеме, затоа бараме една минута да кажеме како пратеничка група како ќе гласаме за втората информација. Тоа беше целта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има втора, а и трета информација.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, ние сакаме да кажеме дека како пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ ќе ги поддржиме заклучоците кои што се предложени од коалицијата за Македонија, меѓутоа, во исто време изразуваме жалење што не се прифатија нашите заклучоци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи, бидејќи не се повлекуваат двете информации, одиме на гласање.

Повелете г-дине Драган Георгиев.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Затоа што ова е дополнителна информација има точка која што ги подобрува заклучоците, во име на предлагачите ги повлекуваме нашите заклучоци и остануваат заклучоците само кои што се доставени последни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еве, кој се разбира во деловник.

Значи, предлогот на заклучоците содржани во Информацијата, поднесена од пратениците Драган Георгиев, Владо Паунков, Цветанка Иванова, Зоран Заев, Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Зоран Томиќ, Никола Ќуркжиев, Рафиз Алити, Абдулаќим Адеми, Ејуп Рустеми, Невзат Бејта, Емилија Костадинова и Коста

Презшоски се повлечени, бидејќи додатните заклучоци  ги содржат истите тие заклучоци, со еден додаден плус заклучок или Предлог заклучок.

Го ставам на гласање Предлогот заклучоците поднесени од пратениците Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Нелко Стојановски,  Роза Топузова Каревска, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Слободан Најдовски, Зоран Томиќ, Ристо Бислимовски, Борче Петковски, Јани Макрадули и Ејуп Рустеми и за да биде правдината задоволена и сите оние други да не ги читам што претходниот заклужок беше повлечен, бидејќи се истите заклучоци.

Ве повикувам да гласаме по овие заклучоци.

Гласале вкупно 65 пратеници, за гласале 65 пратеници, против нема и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Минуваме точка 10.

**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за труд и социјална политика Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Како што кратко образложив и при утврдувањето на дневниот ред, пензиската реформа влегува во својата финална фаза што се однесува до делот на воведување на капитално финансирано пензиско осигурување. Имено, таа фаза ќе отпочне со распишување на меѓународен тендер во првата половина на јули и од тогаш сите постапки почнуваат да течат според дефинираните законски одредби и подзаконски акти. Измените и дополнувањата што денес ги нудиме се однесуваат, главно, на едноцентрално прашање, на прашањето на улогата на чувар на средствата на пензиските фондови. Со овие измени, пред се, со измените во членот 13, со новите членови 139-а, 139-б и 139 - в, се пренесува улогата на чување на средства на пензиските фондови на Народната банка на Република Македонија за период од 5 години. Се работи за времена мерка по истекот на четирите години, Агенцијата за супер визија ќе изврши проценка  дали останатите комерцијални банки во Република Македонија, пред се, од аспект на нивниот број и расположеност да ја

обавуваат оваа функција, тоа значи дали се создадени услови да бидат применети системскире решенија од Законот во кој што е предвидено улогата чувар на средства да ја вршат комерцијалните банки. Тоа е главната измена и имаме измена уште во неколку членови. Се работи за технички допрецизирања кои што произлегуваат од разработката на деловните процеси, бидејќи во самата реформа, како што знаете, вклучени се повеќе институции, Министерството за финансии, Комисија за хартија од вредност, Народната банка, Министерството за труд и социјална политика, Фондот за пензиско и самата Агенција за супервизија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам, почитуван претседателе, почитуванминистре, почитувани колеги пратеници,

Иако, излагањето на министерот за труд и социјална политика, г-динот Јован Манасиевски беше кратко и јасно и измената по обем не е толку голема, јас ќе настојувам исто така да бидам краток и ако е можно денес да ја завршиме расправата по предложениот закон.

На почетокот сакам дам споменам дека реформата во пензискиот систем во Република Македонија, која трае подолго време треба да обезбеди долгорочна стабилност во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување. Заради тоа, се воспостави повеќеслоен пензиски систем засега составен од пензиско инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност или системот кој континуирано постои и функционира преку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, или како што популарно е наречен прв пензиски столб. Покрај него, востановено е капитално финансирано пензиско осигурување со донесување на посебен закон или популарно наречено втор пензиски столб, кој треба да профункционира во иднина по обемните подготовки, а една од нив е и денешната измена односно денешната расправа по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за капитално финансирано пензиско инвалидско осигурување. Се работи за доста сложен систем, кој сега се наоѓа во фаза на подготовка за негово спроведување односно имплементирање.

За успешно спроведување или заживување на вториот пензиски столб, разговараме во време кога ќе дојде до фаза кога можеме да констатираме дека уплатата на придонесите за пензиско осигурување ќе започнат од прилика за една година или поточно од 1 јули 2005 година, за што се неопходни одредени подготовки. Во врска со тоа, предвидено е реализирање на тендер за издавање дозволи за основање друштва кои ќе управуваат со пензиските фондови и кои треба да се објават до крајот на овој месец, односно како што кажа министерот во почетокот на идниот месец, со што ќе се докомплетира потребната институционална инфраструктура. Поаѓајќи од тоа, јасни се определбите на Владата на Република Македонија да се извршат тие подготовки, со цел да се зајакнат постојните институции и истите да се оспособат за успешно спроведување на претстојните обврски. Во тој правец разбирливи се предлозите за допрецизирање на одредени работи кои преку пензиската агенција, Фондот на ПИОМ и други институции, треба да се обезбеди потребен капацитет и оперативност за спроведување на капитално финансираното пензиско осигурување. Со тоа се очекува да се предизвикаат позитивни промени во функционирањето на не така развиенито финансиски пазар, мотивирање на комерцијалните банки, да се јават во улога на управувач на пензиските фондови, можности за инвестирање и слично. Покрај тоа, со измените се предвидуваат одредени допрецизирања кои се однесуваат на осигурениците и правните субјекти задолжени да плаќаат придонес за пензиско осигурување, околу почетокот изборот на пензискиот фонд во кој ќе се зачленат.

Посебно сакам да го истакнам дополнувањето на Законот според кој за чувар на средствата во пензиските фондови кои ќе се прибираат од придонесот за задолжително капитално пензиско осигурување, во наредните пет години се одредува Народна банка на Република Македонија.

Во сулови кога во Република Македонија постои недоволно развиен финансиски пазар, кога нема сигурност од највисок степен во имплементирањето на сите финансиски трансакции на здрави пазарни основи, многу е добро решението на Владата на Република Македонија предложено во текстот, Народната банка да биде чувар на средствата. На тој начин, од една страна до максимум се намалува ризикот за евентуално пропаѓање на овие средства, а од друга страна се овозможува, со нивно користење позитивно да се влијае на стабилноста на финансискиот пазар, да се мотивираат комерцијалните банки и други финансиски институции за користење на средства од пензиските фондови и слично, со што ќе се овозможи создавање на

профит и обезбедување долгорочна стабилност на пензиските фондови, што е од првостепен интерес на осигурениците, односно идни пензионери.

Што се однесува до останатите одредби, предложени со измените и дополнувањата, посебно не би сакал да ги коментирам, освен да ја потврдам нивната содржина како прифатлива, затоа што истите значат прецизирање на одредени одредби, доразработување на деловните процеси што треба да ги спроведуваат субјектите инволвирани во системот на капиталното финансирано пензиско осигурување, како и други промени кои имаат технички карактер и значат подобрување на текстот.

Почитувани пратеници, од тие причини сакам да му соопштам на Собранието на Република Македонија дека по извршената координација во Пратеничката група на СДСМ, овие измени и дополнувања на Законот за капитално финансирано пензиско осигурување, ќе бидат поддржани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бислимовски.

Повелете господине Мешков, имате збор.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Досега, на Собранието на Република Македонија имавме прилка неколку пати да расправаме околу новиот пензиски систем, но за жал расправавме околу пролонгирањето на некои дати кои беа предвидени за почеток на имплементација на пензиската реформа, веројатно имаше и објективни причини за тоа, можеби и субјективни. Меѓутоа, факт е дека во тој дел општ мој впечаток беше, а и на други колеги дека во тој дел можеби можевме да одиме малку побрзо со имплементацијата на пензиската реформа.

Во овој случај не можеме да зборуваме пошироко за оправданоста на одредени решенија, бидејќи сепак зборуваме за измена на постојниот Закон, а не за нов закон. Но, факт е дека и во оваа така да кажам последна фаза пред практикувањето, практичната примена на имплементираниот пензиски систем, сепак предлагачот врши одредени измени во постојниот текст. Значи, во тој дел уште повеќе се докажува дека доцниме, бидејќи нормативните претпоставки за имплементацијата беа готови уште поодамна. Ние веќе се наоѓаме во последната фаза, а сеуште вршиме одредени измени во постојните решенија.

Решението кое е предложено за чувар на имотот да биде Народната банка на Република Македонија, по мене е добро решение и влева една поголема сигурност

во функцијата што во тој дел ќе ја врши Народната банка на Република Македонија. Меѓутоа, факт е дека во тој случај, во овој момент коменрацијалните банки не се за наредниот период од пет години, чувари на имотот на фондовите. Со самиот факт тие веќе сега можат да се јават во улога на учесници на тендерот и нормално да бидат основачи на друштвата за управување со пензиските фондови. Сега јас незнам, после истекот на четири години, ако на тој тендер добие некоја од банките да биде основач на друштвото за управување со приватните пензиски фондови, а после четири години се утврди дека некои од другите банки ги исполнуваат условите за чувари на имотот на приватните фондови, да не дојдеме во една малку чудна ситуација, некои од банките да бидат сега основачи на тие друштва, а други да бидат чувари на фондот, но тоа е работа за која предлагачот треба да има соодветно решение.

Што се однесува конкретно до предложените решенија во измените, сакам да се осврнам на една работа, а тоа во членот 3, во изменетиот став 7 стои дека Агенцијата времено ги распределува овие осигуреници односно оние кои нема на време да се изјаснат во кои од двата приватни пензиски фондови ќе членуваат, Агенцијата тоа го прави со нив. Можеби тоа на прв поглед изгледа изнудено и објективно решение, затоа што самиот осигуреник не се изјаснил, меѓутоа мислам дека осигуреникот е тој кој во секој случај треба да ја каже својата волја каде ќе одат неговите пари, кој ќе управува со неговите пари, затоа што на тој начин мораме да ја подигнеме свеста на поединецот и на самиот тој што ги вложува средствата дека е тој најзаинтересиран каде ќе одат неговите пари и дали тие успешно ќе бидат раководени од едниот или од другиот приватен пензиски фонд. Значи, треба да направиме се', преку различни начини, сепак тоа, иако овде е дадено решението дека Агенцијата ќе води сметка пропорционално да ги распроедува и во едниот и во другиот, меѓутоа јас апелирам дека ова е закон, дека тоа е иомператив и дека задолжителните законски решенија и секој осигуреник ќе мора да се изјасни каде ќе одат неговите пари, не тоа да го прави Агенцијата и потоа можеби да се шпекулира дека се фаворизира едниот на штета на другиот пензиски фонд или обратно. Начини за тоа секако дека постојат и сум за таквото решение, тоа во име на осигуреникот да не го прави друг, туку да можат да се најдат начини тоа да го прави исклучиво изразената волја на осигуреникот, бидејќи тоа се негови пари и тој треба да кажува каде тие пари ќе одат.

Втора работа на која сакав да укажам, иако се разбира немам поднесено амандман, е формулацијата на членот 5 каде има една многу груба формулација во која стои дека средствата од придонесите уплатени во фондот за пензиско инвалидско осигурување, за кои фондот не може да утврди на кого припаѓаат. Знам дека формулацијата има објективни причини и знам зошто е тоа направено во овој текст, меѓутоа сепак мислам дека можеби можело да се стави некоја друга формулација, бидејќи оној што ќе го чита тоа ќе рече што работи тој фонд, да не знае кои се тие пари, на кого му припаѓаат и тн., што на извесен начин влева една недоверба во успешноста на реформите. Би предложил, но сега е можеби доцна дека можеби требаше една малку подруга формулација да има во тој дел.

И најпосле, изјавата на министерот дека сега при крајот на јуни и почетокот на јули ќе биде распишан тендер за друштвата за управување со приватните фондови. Ако навистина тој рок се запази, ние веќе влегуваме во последната фаза кога и практично треба да почне имплементацијата на пензиската реформа. Се разбира и конечно тоа ќе биде некаде во средината на наредната година кмога и практично ќе почнат придонесите уплатени во фондот за пензиско осигурување ќе почнат да се подвојуваат на задолжителниот пензиски фонд и на приватниот, меѓутоа се надевам дека ќе се придржуваме стрикно на тие рокови и дека најпосле и практично ќе почнеме да ја имплементираме пензиската реформа, се' со цел како што е и кажано дека таа нова пензиска реформа треба да обезбеди една поголема сигурност од аспект на средствата, за исплата на пензиските примања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мешков.

Тука јас ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 10,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот)